Во испитуваната група (IG) се наоѓаат 185 лица со карцином на бронхии и бели дробови. Дијагнозата на болеста е поставена на Клиниката за пулмологија и алергологија при Клиничкиот центар во Скопје.

Конечната патохистолошка верификација на белодробниот карцином е направена со анализа на биоптичен материјал, земен во тек на бронхоскопија, на Институтот за радиотерапија и онкологија.

За да може да се евалуира (квантифицира) епидемиолошкиот ризик што го носат заедничките ризик-фактори, кои беа цел на нашето проучување, дефинирана е и контролна група на индивидуи, кои ја немаат последицата од делувањето на тие фактори, т.е. белодробен карцином. Контролната група ја сочинуваат хоспитализирани болни од Клиниката за ревматологија.

Податоците за истражувањето се земени со помош на, за таа цел дизајниран, анкетен прашалник.

Статистичка анализа

- Кај сериите со атрибутивни белези одредени се проценти на структура;
- Преку пресметување на ризиците со стапки на предимство (Odds ratio-OR) се квантифицирани факторите на ризик, кои имаат улога во настанувањето на болеста, а со интервалите на доверба (Confidence intervals – CI 95%) е дефинирана статистичката значајност за ниво на грешка помало од 0,05 (p);

РЕЗУЛТАТИ

Во групата заболени од белодробен карцином (БК), професионална експозиција е присутна кај 127 лица или 68.6%. Најголем дел од нив (98 или 77.2%), се изложени на докажани, а останатите 29 (22.8%) на веројатни канцерогени. Во КГ, од вкупно експонираните 124 лица, на докажани канцерогени отпаѓаат 93 (75%), а на веројатни 31 (25%) испитаник (Табела 2а и 2б).

Табела 2а.

Дистрибуција на испитаниците според експонираност на професионални канцерогени / испитувана група

Експозиција		Број	%
Не		58	31.4
Да	Докажани канцерогени (98-77.2%)	127	68.6
	Веројатни канцерогени (29-22.8%)		
Вкупно		185	100

Табела 2б.

Дистрибуција на испитаниците според експонираност на професионални канцерогени / контролна група

Експозиција		Број	%
Не		61	33.0
Да	Докажани канцерогени (93-75.0%)	124	67.0
	Веројатни канцерогени (31-25.0%)		
Вкупно		185	100

Покрај изложеноста на одреден канцероген во работната средина, од голема важност е нејзиното времетраење, односно должината на работниот стаж. Според податоците, добиени од членовите на двете групи, најголем дел од експонираните се со работен стаж над 20 години (IG; докажани канцерогени - 72.4%; веројатни - 69%) (KG; докажани - 73.1%; веројатни - 80.6%).

Бројни епидемиолошки студии укажуваат дека пушењето цигари го мултиплицира ризикот од појава на БК кај лица, кај кои веќе постои професионална експозиција. Во групата заболени има вкупно 124 актуелни пушачи. Од нив, професионално експонирани се 89 испитаници (71.8%).

Резултатите од униваријантната анализа на експонираноста кон одредени професионални канцерогени и нивната улога во настанувањето на БК, покажаа

дека, експонираните на докажани канцерогени имаат 1.12 (95% CI, 0.70<OR<1.75), пати несигнификантно поголем ризик да заболат од БК, во однос на неекспонираните (Табела 3).

Табела 3.

Одредување на ризик за заболување од белодробен карцином во зависност од видот на професионалната експозиција

Професионална експозиција	Испитувана група	Контролна група	OR - Odds ratio
Докажани канцерогени	98	93	**1.12**
Неекспонирани	58	61	1.00

$\chi^2 = 0.10$ $p > 0.05$

95% Confidence interval (0.70 < OR < 1.75)

Разновидни се професиите кај лицата со БК. Поголема честота на заболување е регистрирана кај: градежни работници (застапени со 18,9% од вкупно експонираните на професионални канцерогени), земјоделци (17,3%), транспортни работници (шофери, трактористи) (15,0%), механичари и монтери (8,7%).

Табела 4 ја прикажува просечната должина на експозиција кај четирите најзагрозени категории занимања во нашето истражување. Според неа, најекспонирани биле земјоделците, кај кои времетраењето на изложеноста изнесува 36,36±9,04 години.

Табела 4.

Просечно времетраење (години) на професионална експозиција кај поедини категории испитаници со белодробен карцином

Вид на професија	N	Mean	Confidence –95.000%	Confidence +95.000%	Min	Max	Std. Dev.
Градежни работници	24	27.88	24.12	31.63	7.00	40.00	8.89
Земјоделци	22	36.36	32.35	40.37	20.00	50.00	9.04
Транспортни работници	19	28.74	24.54	32.93	16.00	40.00	8.70
Механичари	11	28.82	22.31	35.32	17.00	40.00	9.68

Универијантната анализа покажа дека транспортните работници имаат 2.50 (95% CI, 1.01<OR<6.15), додека механичарите и монтерите 2.31 (95% CI, 0.76<OR<7.07), пати несигнификантно поголем ризик да заболат од БК во однос на неекспонираните на професионални канцерогени (Табела 5).

Табела 5.

Одредување на ризик за заболување од белодробен карцином во зависност од видот на професионалната експозиција

Варијабла	IG[1]	КГ[2]	OR[3]	95% CI[4]
Професионална експозиција				
Неекспонирани	58	61	1.00	
Експонирани				
Градежни работници	24	22	1.15	0.58-2.27
Земјоделци	22	20	1.16	0.57-2.34
Транспортни работници	19	8	2.50	1.01-6.15
Механичари, монтери	11	5	2.31	0.76-7.07

[1]IG, Испитувана група; [2]КГ, Контролна група испитаници мечувани по возраст со заболените во однос 1:1; [3]OR, Odds Ratio; [4]CI, Confidence Interval (Интервал на доверба);

ДИСКУСИЈА

Голем е бројот на агенси, присутни во работната средина, кои се поврзуваат со белодробниот карцином.

Податоците, презентирани од страна на Rushton L. и сор. (10) укажуваат дека во Велика Британија 5.3% од смртните случаи во 2005 година се асоцирани со професионалната експозиција. Меѓу најзастапените професии се градежната, металната, рударската и печатарската индустрија. Од агенсите најчесто споменувани се азбестот, минералните масла, силициумот, радонот, диоксините и многу други.

Robinson CF со сор. спроведуваат истражување за поврзаноста на професијата и БК кај женската популација во САД. Според добиените резултати, под зголемен ризик да заболат од оваа болест се жените инволвирани во индустријата за: транспорт, земјоделство, шумарство, риболов, како и во малопродажба. Највисоки стапки на морталитет се регистрирани кај вработените во прецизната механика, техниката, менаџерството и администрацијата (11).

Инхалирањето азбестни влакна може да води до голем број респираторни заболувања, како БК, азбестоза, плеврални плаки и малиген мезотелиом. Користењето азбест во индустријата веќе десетина години е забрането со закон во повеќето европски земји. Но, и покрај тоа, се појавуваат нови пациенти, најверојатно поради долгиот латентен период меѓу експозицијата и клиничката манифестација на болеста. Високо ризичната популација ја сочинуваат градежни работници, производители на бојлери, работници во бродоградежништво и работници на

железница. Пушењето цигари го зголемува ризикот за овој облик на малигном кај експонираните (12). Според студијата на Frost G. и сор., ризикот од БК кај азбестни работници е во пораст со зголемување на бројот на дневно испушени цигари и должината на пушачкиот стаж. Поранешните пушачи, експонирани на азбест, кои престанале со оваа навика пред 40 години остануваат со зголемен ризик од појава на БК, споредено со експонираните лица кои никогаш не пушеле цигари (13).

Амозитот (вид азбест), се јавува како ризик-фактор за настанување на БК. Ribak прави студија меѓу работници, кои го користат овој облик на азбест. Професионалната експозиција на амозит во концентрации од 14 - 100 влакна, по латенција од 20 години, значително го зголемува ризикот од БК, мезотелиом на плевра и пулмонална фиброза (14).

Наодите од бројни токсиколошки студии укажуваат дека ризикот за појава на респираторните заболувања варира во зависност од должината и ширината на инхалираните азбестни влакна. БК и азбестозата се силно асоцирани со експозиција на тенки влакна (< 0.25 óm) (15).

Stocks SJ. со сор. (16) изработуваат студија која се однесува на појавата на професионалните заболувања кај градежните работници во Велика Британија. Резултатите покажуваат највисока стандардизирана стапка на инциденција за немалигните респираторни заболувања, мезотелиомот, белодробниот карцином и пневмокониозата. Слични се резултатите од истражувањето на Szubert и сор. (17).

Сопственото истражување покажа дека најголем дел од заболените според видот на професијата се градежни работници (18.9%). Просечната должина на работен стаж кај нив е 27.88±8.89 години.

Faustini и сор. спроведуваат кохортна студија за морталитетот од БК кај земјоделците во Aprilia регионот во Италија. Резултатите, кои ги добиваат укажуваат на зголемени стапки на морталитет кај помладите возрасни категории. Ова се поврзува со зголемената експозиција на пестициди, посебно DDT кај оваа популација (18).

Реализираната case-control студија покажа дека на земјоделци отпаѓаат 17.3% од заболените. Тие биле професионално експонирани во просек 36.36±9.04 години.

Laden со сор. (19), спроведуваат ретроспективна студија, со цел да ги проценат причинско-специфичните стапки на морталитетот во четири големи транспортни компании во САД. Во споредба со општата популација, забележани се покачени стапки за БК, исхемична срцева болест и сообраќајни незгоди. Стандардизираните стапки на морталитетот (SMR-standardized mortality ratio), покажуваат зголемени вредности за возачите на транспортни возила (SMR = 1.10; 95% CI, 1.02-1.19) и за пристанишните работници (SMR = 1.10; 95% CI, 0.94-1.30).

Case-control студијата на Olsson и сор. покажува постоење на асоцијација меѓу професионалната експозиција на издувни гасови од дизел моторите и зголемениот ризик за појава на БК (20).

Познато е дека пушењето го зголемува ризикот од појава на БК кај професионално експонираните. Jain со сор. (21), во своето истражување укажуваат дека преваленцијата на пушачи, прилагодена по возраст, е највисока кај возачите на тешки транспортни возила (67%), а најниска кај службениците, кај кои изнесува 44%.

Реализираното истражување покажа дека на транспортни работници отпаѓаат 15% од професионално експонираните. Просечната должина на работен стаж кај нив изнесува 28.74±8.70 години.

ЗАКЛУЧОК

Реализираната case-control студија покажа дека белодробниот карцином се јавува два пати почесто кај испитаниците, експонирани на професионални канцерогени (докажани и веројатни). Најголем ризик за заболување е забележан кај градежни работници, земјоделци, транспортни работници (шофери, трактористи), механичари и монтери. Просечното траење на експозицијата е најдолго кај земјоделците, кај кои изнесува 36,36±9,04 години. Ризикот од заболување е поголем кај оние, кои истовремено се и пушачи.

Со оглед на докажаната улога на одредени професионални канцерогени во настанувањето на карциномот на бели дробови, превенцијата на ова заболување подразбира повеќе активности, меѓу кои: потполно елиминирање на агенсот од работното место, намалување на неговата концентрација, како и намалување на изложеноста кон агенсот.

РЕФЕРЕНЦИ

1. Babuš V. Epidemiologija. Zagreb: Medicinska naklada; 1997. str. 118-37.
2. American Cancer Society. Cancer Atlas. Atlanta, USA: American Cancer Society; 2006. pp. 2-50.
3. Adanja B, Gledovic Z, Jankovic S, Jarebinski M, Jevremovic I, Radovanovic Z, Vlajinac H. Opšta epidemiologija. Beograd: Nauka; 1997. str. 89-100.
4. Bardin-Mikolajczak A, Lissowska J, Zaridze D, Szeszenia-Dabrowska N, Rudnai P, Fabianova E, Mates D, Navratilova M, Bencko V, Janout V, Fevotte J, Fletcher T, 't Mannetje A, Brennan P, Boffetta P. Occupation and risk of lung cancer in Central and Eastern Europe: the IARC multi-center case-control study. Cancer Causes Control. 2007 Aug; 18 (6):645-54. Epub 2007 May 23.
5. World Health Organization. International Agency for Research on Cancer. IARC monographs on the evaluation of the carcinogenic risk of chemicals to humans: Vol.23. Lyon: International Agency for Research on Cancer; 1980.
6. International Agency for Research on Cancer. IARC Monographs on the Evaluation of Carcinogenic Risks to Humans. Lyon: IARC; 2006.
7. Siemiatycki J, Richardson L, Straif K, Latreille B, Lakhani R, Campbell S, et al. Listing occupational carcinogens. Environ Health Perspect. 2004;112(15):1447-59. Erratum in: Environ Health Perspect. 2005;113(2):A89.
8. International Agency for Research on Cancer [homepage on the Internet]. Lyon: IARC [cited 2010 May 4]. Agents Classified by the IARC Monographs, Volumes 1-100. Available from: http:// monographs.iarc.fr/ENG/Classification/index.php
9. International Agency for Research on Cancer [homepage on the Internet]. Lyon: IARC [cited 2010 May 4]. Monographs available in PDF format. Available from: http://monographs.iarc. fr/ENG/ Monographs/ PDFs/index.php
10. Rushton L, Bagga S, Bevan R, Brown TP, Cherrie JW, Holmes P, Fortunato L, Slack R, Van Tongeren M, Young C, Hutchings SJ. Occupation and cancer in Britain. Br J Cancer. 2010 Apr 27;102(9):1428-37.
11. Robinson CF, Sullivan PA, Li J, Walker JT. Occupational lung cancer in US women, 1984-1998. Am J Ind Med. 2011 Feb;54(2):102-17. doi: 10.1002/ajim. 20905. Epub 2010 Oct 28.
12. O'Reilly KM, Mclaughlin AM, Beckett WS, Sime PJ. Asbestos-related lung disease. Am Fam Physician. 2007 Mar 1;75(5):690.
13. Frost G, Darnton A, Harding AH. The effect of smoking on the risk of lung cancer mortality for asbestos workers in Great Britain (1971-2005). Ann Occup Hyg. 2011 Jan 20. [Epub ahead of print].
14. Ribak J, Ribak G. Human health effects associated with the commercial use of grunerite asbestos (amosite): Paterson, NJ; Tyler, TX; Uxbridge, UK. Regul Toxicol Pharmacol. 2007 Oct 11 [Epub ahead of print].
15. Stayner LT, Kuempel E, Gilbert S, Hein M, Dement J. An epidemiologic study of the role of chrysotile asbestos fiber dimensions in determining respiratory disease risk in exposed workers. Occup Environ Med. 2007 Dec 20 [Epub ahead of print].

16. Stocks SJ, McNamee R, Carder M, Aqius RM. The incidence of medically reported work-related ill health in the UK construction industry. Occup Environ Med. 2010 Aug;67(8):574-6.
17. Szubert Z, Stankiewicz-Choroszucha B, Wrońska-Sobolewska M, Siewierska H, Kosińska M, Borys W, Jakubowski J, Wróbel R, Gazda U, Kedzierska B, Andrzejewski M, Sova M, Pawłowska-Koiełł H, Komorowska E, Ksiazkiewicz B, Sobala W, Szeszenia-Dabrowska N. [Prophylactic examinations of workers formerly employed in asbestos processing plants: outcome of the Amiantus project in 2000-2004]. Med Pr. 2006;57(2):101-8.
18. Faustini A, Forastiere F, Di Betta L, Magliola EM, Perucci CA. Cohort study of mortality among farmers and agricultural workers. Med Lav. 2006 Jan-Feb;84(1):31-41.
19. Laden F, Hart JE, Smith TJ, Davis ME, Garshick E. Cause-specific mortality in the unionized U.S. trucking industry. Environ Health Perspect. 2007 Aug;115(8):1192-6.
20. Olsson AC, Gustavsson P, Kromhout H, Peters S, Vermeulen R, Brüske I, Pesch B, Siemiatycki J, Pintos J, Brüning T, Cassidy A, Wichmann HE, Consonni D, Landi MT, Caporaso N, Plato N, Merletti F, Mirabelli D, Richiardi L, Jöckel KH, Ahrens W, Pohlabeln H, Lissowska J, Szeszenia-Dabrowska N, Zaridze D, Stücker I, Benhamou S, Bencko V, Foretova L, Janout V, Rudnai P, Fabianova E, Stanescu Dumitru R, Gross IM, Kendzia B, Forastiere F, Bueno-de-Mesquita B, Brennan P, Boffetta P, Straif K. Exposure to Diesel Motor Exhaust and Lung Cancer Risk in a Pooled Analysis from Case-Control Studies in Europe and Canada. Am J Respir Crit Care Med. 2010 Oct 29. [Epub ahead of print]
21. Jain NB, Hart JE, Smith TJ, Garshick E, Laden F. Smoking behavior in trucking industry workers. Am J Ind Med. 2006 Dec;49(12):1013-20.

SUMMARY
EXPOSURE ON SOME PROFESSIONAL CARCINOGENES AND RISK FOR OCCURRENCE OF LUNG CANCER

Irina Pavlovska[1], Biljana Tausanova[1], Beti Zafirova-Ivanovska[1], Milka Zdravkovska[1]
[1]Institute of Epidemiology and Biostatics with Medical Informatics
Faculty of Medicine, Skopje, Republic of Macedonia

Background: *Lung cancer (LC) is the most frequent disease worldwide, but, with great differences among different regions. About 5% of the lethal cases, caused by cancer, are determined by the exposure to some substances, present at the working place.* ***Aim:*** *The aim of this investigation was to analyze the eventual causal accociations among the professional exposure and the occurence and distribution of the lung cancer.* ***Material and Methods:*** *This was a case-control study. It comprised 185 patients with lung cancer and matched controls with no malignant diseases. By calculating the odds-ratios, the risk factors that play a role in the disease onset, have been estimated. Statistical significance of the examined variables as risk factors has been defined with confidence intervals.* ***Results:*** *In the group of persons with LC, professional exposure was present in 127 individuals (68.6%). The greatest part of them was exposed on established (77.2%), and the others (22.8%), on probable carcinogenic agents. In the diseased group there was total of 124 current smokers. Out of them, professionally exposed were 89 (71.8%). Univariate analysis showed that the exposed persons to established carcinogenic agents had 1.12% (95% CI, 0.70<OR<1.75), times greater risk to become ill from LC, compared to the non-exposed ones. Greater frequency of the disease was registered in: constructors (present in 18.9% from the total exposed), farmers (17.3%), transport workers (drivers)(15.0%). Transport workers had 2.50 (95% CI, 1.01<OR<6.15), times non-significantly greater risk to become ill in relation to non-exposed.* ***Conclusion:*** *In order to determined the role of some professional carcinogenic agents in occurrence of lung cancer, prevention of this disease means several activities, among which are: complete elimination of the agents present at the working place, decrease of its concentration as well as the decrease of the exposition to the agent.*
Key words: *lung cancer, occupation, professional exposition.*

PUNIM BURIMOR SHKENCOR / ORIGINAL SCIENTIFIC PAPER
SHËNDETËSI PUBLIKE

VLERËSIMI I GJENDJES DHE PROBLEMATIKËS SË HEPATIT B NË RAJONIN E GJIROKASTRËS, ALBANIA

Altin Goxharaj[1], Rexhep Shkurti[2], Lavdi Hasani[2], Evgjeni Imeri[3]

[1]Spitali Rajonal, Gjirokastër, Shqipëri
[2]Departamenti i Biologjisë dhe Kimisë, Universiteti "Eqrem Çabej", Gjirokastër, Shqipëri
[3]Drejtoria e Shërbimit Parësor, Gjirokastër, Shqipëri

Altin Goxharaj, mjek laborant klinik
Lagja 18 Shtatori, Gjirokastër, Shqipëri
Tel: +355 68 25 54 173
e-mail: **altinlabt@yahoo.com**

REZYME: Hyrje: *Virusi shkaktar i hepatitit B është patologji humane e familjes së ADN-viruseve. Prania e tij në mëlçi shkakton hepatit akut ose kronik. Ekzistojnë disa rrugë për transmetimin e hepatit sikurse janë: injeksionet, transfuzioni i gjakut, kontaktet seksuale, shtatzënia, etj. Diagnostikimi në kohë i hepatitit B ka rëndësi për kurimin e pacientit por dhe për koston ekonomike të individit dhe shoqërisë.**Qëllimi:*** *Qëllimi i këtij studimi është konkretizimi i metodologjive të përdorura për diagnostikimin e pacientëve mbartës të hepatitit B. Kjo metodologji vlerëson rezultatin e diagnostikimit duke i mbrojtur individët nga ngarkesa virale imune suplementare, por njëherazi për shoqërinë përbën një zgjidhje me leverdi ekonomike. **Materiali dhe metoda**: Materiali i përdorur për realizimin e studimit janë pacientë të qarkut të Gjirokastrës. Metodika e përdorur në përcaktimin e HBsAg është cheminiluminishenca e ofruar nga instrumenti Immulite i firmes Siemens. **Rezultatet:** Nga ekzaminimi i 1241 individëve rezulton se 192 individë janë mbartës të hepatit B (pozitiv) dhe 1049 janë negativ. Nga individët e ekzaminuar rezulton se frekuencë më të lartë të kontaminimit me hepatit B kanë meshkuj se sa femrat, përkatësisht 119 meshkuj dhe 73 femra. **Përfundime**: Studimi tregon se incidenca e shfaqjes së hepatitit B është funksion i masave higjeno-sanitare, dhe se imunizimi i individëve nuk duhet të mbështet në një analizë të vetme (HbsAg), por komplekse, për marrjen e përfundimeve të sakta.*

***Fjalë kyç**: Diagnostikimi, HbsAg, hepatiti B, imunitet*

Medicus 2011, Vol. XVI (2):

HYRJE

Virusi i hepatitit B është një nga viruset me cikël jetësor mjaft kompleks, patogjen human i familjes së ADN viruseve (3, 4, 10). Virusi shkaktar i hepatitit B depërton në qelizë duke u fiksuar në receptorët membranorë të qelizës dhe futet brenda nëpërmjet dukurisë së endocitozës. Pasojat serioze të prezencës së tij janë në mëlçi, ku mund të shkaktojë hepatit akut ose kronik (5, 6). Rrugët e transmetimit të tij janë nëpërmjet kontakteve parenterale (injeksionet), transfuzionit të gjakut dhe produkteve të tij, kontakteve seksuale, transmetimi nga nëna tek fëmija.

Gjaku që përmban viruse të hepatitit B është potencialisht i kontaminuar. Antigjeni sipërfaqësor i hepatiti B (HBsAg) i njohur si antigjeni Australian, është shënuesi i parë serologjik që qarkullon në gjakun e individëve të prekur nga hepatiti B. Përcaktimi i këtij markusi i cili shfaqet midis ditës 27-41 nga momenti infektimit dhe gjendet përgjatë gjithë fazës së sëmundshmërisë. Qëndrueshmëria e tij jashtë fazës akute të sëmundjes është markus serologjik i përzgjedhur për infeksionin nga hepatiti B. Shënues tjetër i rëndësishëm i kontaminimit me hepatit B është antigeni i bërthamës së virusit të hepatitit B (HBcAg). Përcaktimi i këtij markuesi na ndihmon të diagnostikojmë ato raste me dëmtim të heparit nga virusi i hepatit B në të cilët nuk dedektohen markuesit e sipërfaqes (HBsAg).



Gjenomi i HBV (11)

Markues të nevojshëm për diagnostikimin korrekt të hepatit B janë:

- Antitrupat e sipërfaqes së virusit të hepatitit B (Anti-HBs). Prezenca e këtij markusi pa dedektim të HBsAg tregon për infeksion të kaluar të hepatitit B. Pacientët me këtë markues prezent (meshkuj pozitiv (M/P) dhe femra pozitive (F/P)] kanë imunitet dhe gjaku i tyre mund të përdoret për dhurim (transfuzion) .
- Imunoglobuina IgM për bërthamën e virusit të hepatiti B (HBcIgM). Ky markues është tregues i fazës akute të kontaminimit me hepatit B. Shfaqet herët që në dy javët e para të kontaktit me virusin e hepatitit B (HBsAg). Mundet të jetë dhe e vetmja mundësi zbulimi si markuese e prezencës së infeksionit nga hepati B pas serokonversionit që mund të shoqërojë proçesin e sëmundjes.
- Imunoglobulina IgG për bërthamën e virusit të hepatitit B (HBcIgG). Ky markues është prezent gjatë gjithë jetës në serumin e pacientit. Na ndihmon për të interpretuar format e kaluara të infeksionit nga hepatiti B, sidomos rastet me serokonversion në të cilat profili antigenik paraqitet i komplikuar.

Në situatën e sotme futja në përdorim e shiringave me një përdorim dhe protokolli i ndjekur në transfuzionin e gjakut e shoqëruar me përdorimin e vaksinës, ka ulur prevalencën e prezencës së HBsAg (8).

QËLLIMI I PUNIMIT

Qëllimi i këtij studimi është konkretizimi i metodologjive të përdorura për diagnostikimin e pacientëve mbartës të hepatitit B. Kjo metodologji vlerëson rezultatin e diagnostikimit duke i mbrojtur individët nga ngarkesa virale imune suplementare, por njëherazi për shoqërinë përbën një zgjidhje me leverdi ekonomike.

MATERIALI DHE METODA

Në analizë janë marrë individë nga popullata e rajonit të Gjirokastrës (kryesisht e rretheve Tepelenë, Përmet, Gjirokastër) të cilët janë ekzaminuar pranë laboratorit klinik-biokimik "Daniel" në qytetin e Gjirokastrës. Materiali i marrë në analizë është ai i konstatuar gjatë ekzaminimeve të kryera në periudhën kohore 2007–2010. Janë marrë në analizë në total 1241 ekzaminime (698 meshkuj dhe 543 femra).

Metodika e përdorur në përcaktimin e HBsAg është cheminiluminishenca e ofruar nga instrumenti Immulite i firmes Siemens (7, 9).

Principi i metodikës konsiston në veshjen e Sample-cup (kiti specifik) me Ab specifik i cili do të veprojë me kampionin i cili do t'i nënshtrohet ekzaminimit (2, 12). Pas një periudhe inkubimi në 37^{o}C ku zhvillohet reaksioni i lidhjes së Ag-së që do të përcaktohet me Ab-në e kitit, proçesi i nënshtrohet shpëlarjes në mënyrë automatike dhe më në fund, pasi gjatë këtij procesi janë larguar "pjesët" e palidhura, në Sample-cup shtohet fosfataza alkaline e cila në bashkëveprim me substratin realizon emetim drite (chemiluminishence) e cila është e matshme. Specificiteti i metodikës është i mirënjohur. Kiti ka komoditetin e përdorimit pasi në të janë të përfshirë si kalibratorët dhe kampionët e kontrollit me vlera (+) dhe
(-) ç'ka mundëson një kosto të arsyeshme. Rezultati do të quhet normal, pra negativ (pa prezencë të HBsAg) kur sasia e saj do të jetë më e vogël se vlera 1, ndërsa kur vlera e marrë është më e madhe se 1 pacienti quhet bartës i virusit të HBsAg (1, 3, 4, 7).

REZULTATE DHE DISKUTIME

Nga ekzaminimet e realizuara në laboratorin në fjalë lidhur me hepatitin B janë marrë këto rezultate:

Tabela 1.

Statistika e gjetjes së HBsAg në rajonin e Gjirokastrës në periudhën
Janar–Dhjetor 2007

Muaji	Janar	Shkurt	Mars	Prill	Maj	Qershor	Korrik	Gusht	Shtator	Tetor	Nëntor	Dhjetor	Totali
M	24	16	22	25	17	18	19	19	14	21	7	8	210
F	9	12	26	21	19	14	14	13	7	14	10	7	166
M/P	5	4	4	2	3	-	2	2	1	6	-	1	30
F/P	1	1	1	5	-	2	1	1	1	2	2	1	18
Totali	33	28	48	46	36	32	33	32	21	35	17	15	376

Në total janë ekzaminuar 376 raste, nga të cilët 210 meshkuj dhe 166 femra. Nga këto ekzaminime ka rezultuar se në total 48 raste janë bartës të hepatitit B dhe 328 raste janë normal. Në kategorinë e bartësve dallojmë 30 raste në meshkuj dhe 18 raste në femra.

Tabela 2.

Statistika e gjetjes së HBsAg në rajonin e Gjirokastrës në periudhën Janar–Tetor 2008

Muaji	Janar	Shkurt	Mars	Prill	Maj	Qershor	Korrik	Gusht	Shtator	Tetor	Nëntor	Dhjetor	Totali
M	10	7	30	6	10	11	13	12	7	14	9	8	137
F	10	10	10	3	-	11	11	9	3	14	15	5	101
M/P	3	2	5	-	2	2	3	-	1	4	2	-	24
F/P	1	-	1	-	-	1	2	2	-	3	1	-	11
Totali	20	17	40	9	10	22	24	21	10	28	24	13	238

Në total janë ekzaminuar 238 raste, nga të cilët 137 meshkuj dhe 101 femra. Nga këto ekzaminime ka rezultuar se në total 35 raste janë bartës të hepatitit B dhe 204 raste janë normal. Në kategorinë e bartësve dallojmë 24 raste në meshkuj dhe 11 raste në femra.

Tabela 3.

Statistika e gjetjes së HBsAg në rajonin e Gjirokastrës në periudhën Janar – Dhjetor 2009

Muaji	Janar	Shkurt	Mars	Prill	Maj	Qershor	Korrik	Gusht	Shtator	Tetor	Nëntor	Dhjetor	Totali
M	17	6	9	23	7	15	27	31	18	19	10	7	189
F	11	11	8	15	2	14	20	17	22	15	15	1	151
M/P	2	-	-	2	1	1	6	4	2	-	2	-	20
F/P	3	-	3	1	-	2	3	3	3	-	1	1	20
Totali	28	17	17	38	9	29	47	48	40	34	25	8	340

Në total janë ekzaminuar 340 raste, nga të cilët 189 meshkuj dhe 151 femra. Nga këto ekzaminime ka rezultuar se në total 40 raste janë bartës të hepatitit B dhe 300 raste janë normal. Në kategorinë e bartësve dallojmë 20 raste në meshkuj dhe 20 raste në femra.

Tabela 4.

Statistika e gjetjes së HBsAg në rajonin e Gjirokastrës në periudhën Janar – Nëntor 2010

Muaji	Janar	Shkurt	Mars	Prill	Maj	Qershor	Korrik	Gusht	Shtator	Tetor	Nëntor	Dhjetor	Totali
M	13	16	13	15	23	13	9	15	12	16	6	11	162
F	9	13	12	9	16	8	14	10	12	8	6	8	125

M/P	2	6	-	-	10	1	2	6	4	8	3	3	45
F/P	1	-	1	1	5	2	4	2	3	4	1	-	24
Totali	22	29	25	24	39	21	23	25	24	24	12	19	287

Në total janë ekzaminuar 287 raste, nga të cilët 162 meshkuj dhe 125 femra. Nga këto ekzaminime ka rezultuar se në total 69 raste janë bartës të hepatitit B dhe 218 raste janë normal. Në kategorinë e bartësve dallojmë 45 raste në meshkuj dhe 24 raste në femra.

Histograma 1.

Sasia e individëve të ekzaminuar dhe të gjetur pozitiv
në raport me hepatitin B



Histograma 2.

Meshkuj dhe femra të analizuar dhe në krah numri i individëve
pozitiv për secilin vit



Në ekzaminimet e realizuara dhe të marra në shqyrtim rezultojnë edhe 26 raste me profil të tillë antigjenik:

Tabela 5.

Profili antigjenik sipas gjeneratave

<table>
<tr><td>Profili antigjenik</td><td>HBsAg</td><td>Anti-HBs</td><td>HBcIgM</td><td>HBcIgG</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Totali 26
M 22
F 8</td><td>Negativ</td><td></td><td>Negativ</td><td>7 Pozitiv</td></tr>
<tr><td></td><td>12 Pozitiv</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>7 Pozitiv</td></tr>
<tr><td>Lindur 1971-1980 - 9 raste</td><td colspan="4" rowspan="4">Siç shihet nga profili antigenik, raporti i rasteve (hepatit B negativ) me imunitet paraprak (profil antigenik pozitiv) të para viteve ’90 (19 raste) është më i madh se pas viteve ’90 (7 raste).</td></tr>
<tr><td>Lindur 1981-1990 - 10 raste</td></tr>
<tr><td>Lindur 1991-2000 - 3 raste</td></tr>
<tr><td>Lindur 2001-2010 - 4 raste</td></tr>
</table>

- Nga tabela 1, histograma 1 dhe 2 (2007) rezulton se takueshmëria e sëmundjes është 12,7% në total. Në meshkuj është 14,2% dhe në femra 10,8%.
- Nga tabela 2, histograma 1 dhe 2 (2008) rezulton se takueshmëria e sëmundjes është 15,2% në total. Në meshkuj është 17,5% dhe në femra 10,8%.
- Nga tabela 3, histograma 1 dhe 2 (2009) rezulton se takueshmëria e sëmundjes është 11,7% në total. Në meshkuj është 10,5% dhe në femra 13,2%.
- Nga tabela 4, histograma 1 dhe 2 (2010) rezulton se takueshmëria e sëmundjes është 24% në total. Në meshkuj është 27,7% dhe në femra 19,2%.
  Nga analiza e të dhënave konstatojmë tendencën në rritje të takueshmërisë së sëmundjes te femrat, duke treguar shkallë ekspozimi ndaj faktorëve të riskut të kontaminimit me hepatit B.
- Sipas grafikut 2 (sipas gjeneratave) sëmundja takohet në 15,5% në total. Në meshkuj është 14,5% dhe në femra 17,3%. Për gjeneratën e viteve 1970–1980 ajo paraqitet në total 12,9% , në meshkuj me 12,7% dhe në femra me 13,1%. Për gjeneratën e viteve 1981–1990 sëmundja paraqitet në total 20,3%, në meshkuj me 20% dhe në femra me 20,7%. Për gjeneratën e viteve 1991–2000 sëmundja paraqitet në total 15,7%, në meshkuj me 15% dhe në femra me 16,6%. Për gjeneratën e viteve 2001–2010 sëmundja paraqitet në total 13,7%, në meshkuj me 8,2% dhe në femra me 27,5%.
- Nga tabela 6 rezulton se gjatë këtyre analizave janë konstatuar edhe 26 raste që mbi bazën e HBsAg-së paraqiten negativ, por duke e plotësuar këtë analizë me profilin antigjenik të plotë të pacientit shohim se ata rezultojnë sero-pozitiv. Kjo tregon se tek këta individë ekzistojnë antitrupat viral pavarësisht se analizat ndaj hepatitit B (vetëm mbi bazën e HBsAg) rezultojnë negative.

Grafiku 1.

Variacioni i frekuencës së takueshmërisë së hepatiti B



Studimi i variacionit të takueshmërisë së hepatitit B në rajon evidenton dy fakte: së pari se gjatë gjithë periudhës së studimit frekuenca e hepatiti B është më e vogël në femra sesa në meshkuj. Kjo shpjegohet me masat dhe kujdesin e secilës gjini ndaj burimit të infeksionit. Së dyti konstatojmë një tendencë në rritje të takueshmërisë së Hepatiti B në të dyja gjinitë gjatë viteve të fundit. Rastet e konstatuara dhe shpërndarja e tyre nuk evidentojnë ndonjë faktor të mirë përcaktuar, por mbështetur në statistika të tërthorta (pyetësor) prevalencë më të madhe ka raporti seksual.

Grafiku 2.

Takueshmëria në % e hepatit B në rajonin e Gjirokastrës sipas gjeneratave



Nga analiza e ecurisë kohore të frekuencës së shfaqjes së hepatit B, konstatojmë evolucion pothuajse paralel në të dyja sekset me prevalencë në vitet 1981-1990 dhe njëkohësisht një rritje të takueshmërisë së hepatit B te femrat në dekadën e fundit, çka përkon me rezultatet e marra nga analiza e studimit tonë.

Grafiku 3.

Variacioni i sasisë së individëve sero-pozitiv të takuar gjatë muajve
dhe viteve të marrë në studim



Shtrirja vjetore e frekuencës së shfaqjes së hepatit B nuk evidenton ekzistencën e një korrelacioni pozitiv midis patologjisë dhe faktorëve abiotik, megjithëse muajt e fundvitit kanë prevalencë më të lartë tre vitet e fundit, duke nxjerr në pah rëndësinë e masave dhe informacionit mbi faktorët subjektiv të përhapjes së hepatit B.

PËRFUNDIME DHE KONKLUZIONE

1. Ekzaminimet e paraqitura në tabelën tabela 6, sipas sygjerimeve të literaturës (4), konkludojnë një të dhënë shumë të rëndësishme për përdorimin e vaksinës. Kjo nënkupton që pavarësisht se pacientët nuk janë bartës të hepatitit B, ata kanë imunitet kundrejt këtij virusi. Në këtë rast përdorimi i vaksinës anti-hepatitit B tek këta pacientë do të ishte i panevojshme dhe ndoshta i dëmshëm pasi duke shtuar antitrupa viral (vaksinë), këta mund të fitojnë dozën e virulencës dhe kështu ne i kthejmë ata në sero-pozitiv.
2. Pjesa më e madhe e të kontaminuarëve i përket moshave mbi 20 vjeç, çka nënkupton të lindurit para viteve 1990, ku shiringat që përdoreshin ishin një-përdorimshe dhe problemet me shëndetin kanë risk kohor më të madh.
3. Vërehen raste të mbartjes familjare të virusit pasi janë konstatuar disa raste me prezencë të HBsAg në pjesëtarë të së njëjtës familje.
4. Incidenca e gjetjes së Hepatitit B në ekzaminimet rastësore është 6,4%, e krahasueshme me referencat e gjetjes së dhurueseve vullnetarë në qendrat e transfuzionit (9). Incidenca tek gjinia femërore shkon tek 7,4%, ndërsa tek meshkujt në 5,8% duke u konstatuar në këtë mënyrë një prevalencë më e lartë tek femrat (9). Shohim se në rastin tonë kjo incidencë është shumë më e lartë. Kjo vjen nga akti se kontigjenti i marrë në shqyrtim është kontigjen risku. Ata i janë nënshtruar kontrollit mbi bazën e rekomandimit etiologjik të mjekut drejt laboratorit. Gjithësesi incidenca siç shihet edhe në grafikun 2 (tabela 5) në gjeneratat e reja është me prevalencë më të lartë tek femrat.
5. Rastet që kanë bërë hepatit akut janë 5 (2 të shoqëruar me mortalitet) dhe mendohet (mbështetur në anamnezë) se transmetimi është realizuar tek njeri me rrugë seksuale dhe në tjetrin prej manipulimeve dentare.
6. Numri i rasteve sero-pozitiv të takuara në vite shohim se nga viti në vit ka ardhur në rritje dhe nga fillim vitet në fund të tyre po ashtu (grafiku 3).

REKOMANDIME

1. Mbështetur në konkluzionin 1 të tabelës 5, rekomandimi do të ishte që për individët që do t'i nënshtrohen vaksinimit (personeli mjekësor, etj.) nuk duhet të realizohet vetëm duke u mjaftuar në kryerjen e testit të prezencës ose jo vetëm të HBsAg, por duhet të shoqërohet kjo analizë edhe me realizimin e profilit antigenik Anti-HBs, Anti-HBcIgM dhe Anti-HBc-IgG.
2. Për momentin hallka të dobëta janë individët me sjellje të rriskuar (përdorues të lëndëve narkotike, të cilët përdorin të njëjtën shiringë në grup dhe kryejnë marrëdhënie seksuale të rriskuara).
3. Strukturat shtetërore duhet të rrisin kontrollin kundrejt klinikave private dentare, laboratorike, etj (kjo nisur edhe nga prevalenca e lartë në femrat e gjeneratave të fundit, apo e meshkujve në përgjithësi për tërë periudhën në studim).

LITERATURA

1. Clinical laboratory. Volumi 5. 2005: 292-296.
2. Follet EAC. Diagnosis of hepatitis B infection. *In:* Hugh Y, McMillan A, eds. Immunological diagnosis of sexually transmitted diseases. Marcel Dekker, Neë York. 1988: 433-450
3. Hollinger FB. Hepatitis Bvirus. *In:* Viral Hepatitis. (Hollinger FB, Purcel RH, Robinson WS, Gerin JL, Ticehurst J, eds.) Raven Press, New York. 1991: 73-138.
4. Jacques Wallach, M.D. 2000. Interpretation of diagnostic tests. Edicioni 7: 221-236.
5. Krugman S, Overby LR, Mushawar IK, Ling C-M, Frösner GG, Deinhart F. Viral hepatitis, type B: studies on natural history and prevention re-examined. *N Engl J Med* 300. 1979: 101-106.
6. Laborator medica internacional, 2010. Nr. 6, volum 27
7. Manual Përdorimi i Instrumentit Imulite, 2003: 2-4
8. Parimet e mjekësisë interne. 1984. vol.2: 678-680
9. Revista mjekesore Nr.1, 2004: 23-29 & 87-91.
10. Robinson WS. Hepadnaviridae and their replication. *In:* Viral Hepatitis. (Hollinger FB, Purcell, RH, Robinson WS, Gerin JL, Ticehurst J, eds.) Raven Press, New York. 1991: 39-71.
11. Specialized laboratory analyses, Limbach Laboratory, 2004-2005: 85-93.
12. Swenson PD. Hepatitis viruses. *In*: Balows A, Hausler WJ, Herrmann KL, Isenberg HD, Shadomy HJ, eds. Manual of Clinical Microbiology, Fifth edition. American Society for Microbiology, Washington, DC. 1991: 959-983.

SUMMARY

THE ASSESSMENT OF THE SITUATION AND THE CASE OF HEPATITIS B IN THE REGION OF GJIROKASTRA, ALBANIA

Altin Goxharaj[1], Rexhep Shkurti[2], Lavdi Hasani[2], Evgjeni Imeri[3]

[1]Regional Hospital - Gjirokastra, Albania
[2] Department of Biology and Chemistry, "Eqrem Çabej" University of Gjirokastra, Albania
[3]Directorate of Primary Service Gjirokastra, Albania

Introduction: *The virus that causes Hepatitis B is a human pathology of the ADN- virus family. Its presence in hepar causes acute or chronic hepatitis. There are some ways of Hepatitis transmission such as: injections, blood transfusion, sexual contacts, pregnancy etc. The timely diagnosing of the hepatitis B is of importance for the patients' treatment, as well as for the*

economic cost of the individual and society. ***Objectivs:*** *This study intends to concretize the used methodology for diagnosing the patients infected with Hepatitis B virus. This methodology calculates the results of diagnosing by protecting the individuals from the immune viral supplementary load and at the same time it provides a financially favorable solution for the society.* ***Materials and methods:*** *Patients of Gjirokastra district have been used as the focus of research for the execution of this study. The methodology used for the designation of HbsAg is* ***chemiluminescence*** *provided by Immulite instrument, of the Siemens Company.* ***Results:*** *There results that 192 out of 1241 individuals are carriers of Hepatitis B (positive) and 1049 are negative. According to the tests there also results that an increased number of Hepatitis B is noticed to the males compared to females, respectively males 119 and females 73.* ***Conclusions:*** *This study indicates that the occurrence of Hepatitis B is a function of sanitary hygienic precautions. Also, the immunization of the individuals is not based on a single analysis (HbsAg), but on a complex one in order to reach precise results.*

Key words: *HbsAg, diagnosing, hepatitis B, immunity*

PUNIM BURIMOR SHKENCOR / ORIGINAL SCIENTIFIC PAPER
ANESTEZIOLOGJI

КРВОЗАГУБА КАЈ СУПРАПУБИЧНА ПРОСТАТЕКТОМИЈА, СПИНАЛНА НАСПРОТИ ОПШТА АНЕСТЕЗИЈА

Вања Џамбазовска Трајковска[1], Јордан Нојков[2], Зорка Николова Тодорова[2], Реџеп Сељмани[2], Андријан Карталов[2], Ѓорѓи Трајковски[2], Маја Мојсова Мијовска[2], Јован Јанчулев[3], Павлина Џекова Видимлиски[3]

[1]Клиника за Трауматологија и Ортопедија, Скопје, Македонија
[2]Клиника за Анестезија, Реанимација, Интензивно Лекување, Скопје, Македонија
[3]Ургентен Центар, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје, Македонија
Медицински факултет, Скопје, Македонија

Вања Џамбазовска Трајковска, лекар на специјализација
Ул. Никола Тримпаре 27, Скопје, Македонија
Те: 072 236 936 & 023 246 074
e-mail: **vanja8@freemail.com.mk**

РЕЗИМЕ: ***Предмет:*** *Споредба на интраоперативната крвозагуба за време на супрапубична простатектомија кај пациенти водени во спинална наспроти пациенти водени во општа анестезија и анализа на потребите од трансфузија на крв.* ***Пациенти и методи:*** *Во истражувањето се вклучени 60 пациенти, мажи со ASA статусII, кај кои е изведена супрапубична простатектомија поради БПХ. Пациентите се поделени во 2 групи: група 1, (N=30), пациенти водени во општа анестезија и група 2, (N=30) пациенти водени во спинална анестезија. Анализирани се следните параметри: промените во крвната слика (хемоглобин и хематокрит пред и постоперативно), интраоперативна крвозагуба (волуменот на течност во аспиратор од кои се одзема волуменот на физиолошки раствор користен за испирање и разликата од тежината на искористените гази и газите мерени предоперативно) и пероперативната потреба за крвни деривати. Споредувани и анализирани се и клинички параметри (MAP, HR, SaO2).* ***Резултати:*** *Не постои статистички значајна разлика помеѓу демографските податоци и предоперативните лабораториските вредности на двете групи. Редукцијата во крвната слика е поголема кај пациенти водени во општа анестезија p<0,05. Интраоперативната крвозагуба кај пациентите во спинална изнесува 848,33± 125,59 ml, а во општа 1054,00± 171,49 ml. Во тек на операцијата пациентите водени во ОА примиле 420,00 ±142,39 ml крв, а со СА 163,33 ±177,59 ml.* ***Заклучоци:*** *Анестезија на избор кај супрапубична простатектомија е спиналната анестезија. Кај пациентите водени во спинална*

анестезија постои помала интраоперативна крвозагуба, помала редукција во крвната слика и помала потреба за крвни продукти. Не постои статистички значајна разлика помеѓу волуменот на течности кои го примија двете групи на пациенти во тек на операцијата.

Клучни зборови: *Спинална анестезија, општа анестезија, супрапубична простатектомија*

Medicus 2011, Vol. XVI (2):

ВОВЕД

Ретропубичната простатектомија (РП) и супрапубичната (СП) се интервенции резервирани за голема простата која не може да се оперира трансуретрално. Радикалната простатектомија со лимфаденектомија е наменета за локализиран карцином на простата (1). Кај сите пациенти со резидуална урина над 50ccm или ретенција треба да се планира операција (2). Простат со тежина над 75 гр. Е индикација за отворена простатектомија. Операцијата е неопходна и кога настанале следните компликации од голема простата: акутна уринарна инфекција, хронична уринарна инфекција, опструкција во мочен меур или калкулуси во мочен меур. Пред да се закаже оперативно лекување треба да се исклучи карцином на простата (2,3). Најчеста оперативна техника за хиперплазија на простата е супрапубична (трансвезикална) простатектомија (3). За време на оваа интервенција пациентот се поставува во средна Тренделенбург позиција без екстензија. Се поставува уринарен катетер. Инцизијата се прави од умбиликус до пубична симфиза. Се дренира резидуалната урина и се вбризгуваат 250 мл физиолошки раствор во бешика. Супрапубичната простатектомија е идеална кај пациенти со дивертикулум или голем калкулус во бешиката. За време на отворена простатектомија се губи 200-1500 мл крв (4).

Отворена простатектомија може да се изведува во следните анестезиолошки техники:

- Општа анестезија
- Регионална анестезија (спинална, епидурална)
- Комбинирана анестезија (општа/ епидурална).

Сите наведени техники имаат свои добри и лоши страни. Сепак заради возраста на пациентите и постоечките коморбидитети како и поради помалиот број постоперативни компликации, помалата крвозагуба и побрзо опоравување кај операции кои дозволуваат избор подобро е користењето на регионални техники.

Постојат истражувања кои покажуваат дека користењето на спиналната анестезија или епидурална анестезија како техника на избор во однос на општата анестезија кај РП се проследени со помала интраоперативна крвозагуба, која ја намалува потребата од хомологна трансфузија на крв и крвни продукти (5). Оваа претпоставка може да го зголеми бенефитот и да го избегне потенцијалниот ризик од посттрансфузиолошки реакции, вклучувајќи и појава на транфузионо трансмисивни инфекции, имуносупресија и посттрансфузионо оштетување на белите дробови (6, 7, 8). Теоретски со помала потреба од крв и крвни продукти интраоперативно се намалува и ризикот од други несакани посттрансфузиони реакции: алергиски, фебрилни и токсични (8).

МОТИВ

Мотив за изработка на оваа студија беше големиот број на пациенти со хиперплазија на простата и компликации од голема простата, потребата од оперативно

лекување, загубата на крв во тек на интервенцијата и несаканите ефекти од трансфузија на крв и крвни деривати.

ЦЕЛИ

- Да се утврди дали постои разлика во интраоперативната крвозагуба кај пациенти водени во општа и спинална анестезија за време на супрапубична простатектомија.
- Да се споредат потребите од трансфузија на крв кај двете групи на пациенти.

ДИЗАЈН НА СТУДИЈАТА, ПАЦИЕНТИ И МЕТОДИ

Истражувањето е кохортна, проспективна студија на пресек и се изведуваше на Клиниката за Анестезија, Реанимација и Интензивно лекување и Клиниката за Урологија во периодот од септември 2007 год до септември 2009 год.

Во студијата се вклучени 60 пациенти со бенигна хиперплазија на простата на возраст од 54 до 84 год со АСА статус 2 примени за супрапубична (отворена) простатектомија.

Пациентите се поделени во две групи: група 1 (N=30) кои беа водени во општа анестезија и група 2 (N=30) кои беа водени во спинална анестезија.

Во истражувањето не беа вклучени пациенти кои даваа податок за коагулопатија, анемија (Hb < 100), пациенти под антикоагулантна и антиагрегациона терапија и пациенти со ASA статус 3, 4 и 5. Вклучувањето во групите беше рандомизирано, наизменично, според редоследот на оперативниот програм. Од секој пациент се доби согласност за вклучување во истражувањето.

Демографски карактеристики на сите пациенти:

Пациентите вклучени во истражувањето (N=60) се од машки пол

Табела 1.

Возраст на пациентите

	X	SD	MIN	MAX
Возраст (год)	69,10	6,16	54,00	84,00

Табела 2.

Возраст на пациентите по групи

	Гр.1 (ОА)	**Гр.2(СА)**	
	X±SD	X±SD	p<
Возраст (год.)	68,70 ± 6,93	69,50 ± 5,33	0,455

Од табелата се гледа дека не постои статистички значајна разлика во возраста помеѓу двете групи на пациенти (p<0,455).

Метод. Водење на анестезија. Општа анестезија

Воведот во општата анестезија се изведуваше со propofol 2,6 мк/кг или thiopental Na 5,7 мг/кг. Пред ендотрахеалната интубација пациентите добиваа vecuronium 0,1 mg/kg во болус. Анестезијата беше водена со (fentanyl 50-100 mikrogrami и izofluran 0,4-1,2 vol%) и azot oksidul 50% so 50% O2. Мускулна релаксација се обезбедува со vecuronium 0,03 mg/kg во болус.

Пациентите беа следени од воведот во анестезија па се до собата за будење. На крај од операцијата реверзија на мускулен блок постигнавме со 2,5 мг Prostigmin и 1 mg Atropin.

Спинална анестезија

Спиналната анестезија се изведуваше со 0,5 % Bupivacaine 0,5 mg/kg и 1 мл 37% Glukoza. Анестетикот се аплицираше интратекално на ниво L2-3 или L 3-4. Во тек на интервенцијата се користеше кислородна маска, а седација постигнавме со Diazepam 5 mg во болус.

Пациентите од двете групи беа премедицирани со Diazepam 0,09mg/.kg.

Интраоперативен мониторинг и протокол на течности кај двете групи пациенти.

Интраоперативниот мониторинг се состоеше од континуиран EKG запис, неинвазивен артериски притисок и пулс нотирани на секои 5 мин. Пациентите од двете групи примаа физиолошки раствор 20 мл/кг од воведот во анестезија до ресекција на мочниот меур. Во случај средниот артериски притисок да падне под 75 ммХг пациентите добиваа накнаден волумен на кристалоиди. Понатаму во тек на интервенцијата пациентите добиваа индивидуално течности според потребите и хемодинамските параметри.Лабораториските анализи беа изработени во лабораторијата на Хируршки Клиники.

Трансфузија на крв и вазоконстрикторни лекови.

Индикација за интраоперативна трансфузија на крв беа следните параметри или нивна комбинација: волумен во аспиратор > 1000 ml, MAP< 80 mmHg, HR >100/мин, SaO2 < 90.

Индикација за давање на вазоконстрикторни лекови беше пад на средниот артериски притисок за повеќе од 30 % од почетната вредност или MAP < 80 mm Hg.

Мерење на интраоперативната крвозагуба.

Загубата на крв во тек на интервенцијата се следеше на тој начин штосе мереше волуменот на течност во аспираторот од кој се одземаше волуменот на физиолошки раствор користен за испирање на оперативното поле и се додаваше разликата од тежината на искористените хируршки гази мерени пред и пост оперативно. Искористените гази беа измерени на вага во осма операциона сала каде се извршуваа интервенциите.

Лабораториските (Hb, Htc), мониторинг карактерситики (TA, sPO2, HR) и хируршки параметри (гази, аспиратор и испирање) се нотирани во анестезиолошките листи од каде се изведе базата на податоци која статистички е обработена.

Параметри за анализа.

Во тек на изработката на ова истражување анализирани се и компарирани:

1. Промени на крвната слика

- Хемоглобин(g/dl) и хематокрит: предоперативно и постоперативно;

2. Вкупниот волумен на течности искористен во тек на интервенцијата: (инфузиони раствори, кристалоиди колоиди (ml) и единици еритроцити искористени за време на интервенцијата.

3. Крвозагубата е пресметана преку следаната формула: {волумен во аспиратор-испирање+ тежина на искористени хируршки гази (мерени пред и постоперативно)}.

4. Мониторинг параметри: МАП (mmHg), HR и SpO2 %.(предоперативно и постоперативно).

1. Статистичка обработка. За статистичка обработка на податоците добиени во текот на истражувањето направена е база на податоци во статистичкиот програм Statistica 7 и беа користени следните статистички тестови: средна вредност, стандардна девијација, т тест за зависни и т тест за независни примероци. За статистички значајна и сигнификантна се сметаше вредноста на $p<0,05$.

РЕЗУЛТАТИ

Вредности на лабораториски параметри.

Табела 3.

Вредности на хемоглобин и хематокрит: споредба помеѓу двете групи на пациенти.

	Гр.1 (ОА)	**Гр.2(СА)**	
	X±SD	X±SD	p<
Hb предоп(g/l)	143,83±13,47	138,43±15,55	0,156
Hb постоп (g/l)	113,67 ±14,27	127.23±17,76	0,002*
Htc предоп	0,43 ±0,05	0,40±0,05	0,145
Htc постоп	0,34 ±0,05	0,37±0,05	0,040*

Вредности на хемодинамските параметри и периферна пулсоксиметрија

Табела 4.

Средна вредности на хемодинамските параметри: пулс, артериски притисок и кислородна сатурација - споредба помеѓу двете групи на пациенти.

	Гр.1 (ОА)	**Гр. 2(СА)**	
	X±SD	X±SD	p<
пулс (/min)	74,67 ± 7,30	62,83± 5,20	0,000*
MAP (mmHg)	125,33± 15,92	99,33 ±12,02	0,000*
SaO2 предоп (%)	98,50 ± 1,11	97,67 ±1,15	0,156
SaO2 постоп (%)	97,13 ± 1,04	99,60 ±0,50	0,000*

Интраоперативна загуба на крв, испирање и тежина на искористени хируршки гази.

Табела 5.

Интраоперативна загуба на крв кај секоја група споредба помеѓу двете групи на пациенти

	Гр.1(ОА)	**Гр.2(СА)**	
	X±SD	X±SD	p<
Аспиратор (ml)	1034,85±210,20	1021,25±145,35	0,456
Испирање (ml)	263,33±30,89	265,33 ±29,09	0,797

Гази (gr)	283,35±94,22	92,67 ±37,69	0,000*
Крвозагуба (ml)	1054,65±171,49	848,33±125,59	0,040*

Сл.1.

Графички приказ на интраоперативната загуба на крв кај двете групи на пациенти



Волумен на течности и искористени единици еритроцити.

Табела 6.

Волумен на течности и искористени единици еритроцити, споредба помеѓу двете групи на пациенти.

	Гр.1(ОА)	Гр.2(СА)	
	X±SD	X±SD	p<
Трансфузии (ml)	420 ±142,39	163,33 ±177,59	0,000*
Колоиди (ml)	500±0,00	500 ±0,00	
Кристалоиди(ml)	1700 ±566,29	1566,67±409,65	0,300
Вкупно инфузии(ml)	*2620,67±482,15*	*2229,67±409,65*	*0,667*

ДИСКУСИЈА

Background: *Depressive symptoms are common in schizophrenia and can occur during any phase of the disorder. Some authors refer association between positive and negative schizophrenic symptoms and depressive symptoms in patients with schizophrenia.* ***Aim:*** *Weundertook this study with the aim of evaluation of depressive symptoms in schizophrenic patients and analisys of their correlation with positive and negative schizophrenic symptomatology.* ***Material and Methods:*** *We assessed 92 patients with schizophrenic disorder both inpatients and outpatients treated at the University Clinic of Psychiatry and from this group we selected the group of 50 schizophrenic patients with prominent depressive symptoms (total score >7 on 17-item Hamilton Depression Rating Scale) who were evaluated in this study. Differential diagnose was established on the basis of ICD-10 diagnostic criteria. Patients were evaluated with PANSS, 17-item Hamilton Depression Rating Scale (HAM-D) and questionnaire for demographic and clinical data.* ***Results:*** *Most of thepatients with schizophrenia in the evaluated group were female, unemployed and single, with higher number ofprevious admissions to the hospital, greater number of relapses of the disorder and positive family history for depression. The clinical depression seen in patients with schizophrenia was with mild to moderate intensity. In this study we found statistically significant positive correlation between positive schizophrenic symptoms and depressive symptoms and statistically nonsignificant, but however positive correlation between negative schizophrenic symptoms and depressive symptoms.* ***Conclusion:*** *Schizophrenic patients with dominant positive schizophrenic symptomatology have significantly greater depression intensity in comparison to patients with dominant negative schizophrenic symptomatology.*

Key words*: Positive schizophrenic symptoms, negative schizophrenic symptoms, depressive symptoms*

PUNIM PROFESIONAL / PROFESIONAL PAPER
PSIKIATRI

АНТИОКСИДАНТЕН СТАТУС ВО КОРЕЛАЦИЈА СО АНТИЕПИЛЕПТИЧНА МОНОТЕРАПИЈА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ЕПИЛЕПСИЈА

Горан Николоски[1], Васко Алексовски[2]

[1]Поликлиника Примед, Скопје, Македонија
[2]Univerzitetska klinika za nevrologija, Skopje, Македонија

Горан Николоски, лекар психијатар
ул.Народен фронт бр. 3/33-3 Скопје
Тел 075 246 292
e-mail: **gorann64@yahoo.com**

РЕЗИМЕ: Цел: Основната цел е да се утврди влијанието на АЕТ со КБЗ, ВПА и ЛТГ врз промените на антиоксидантните ензими и индиректно врз оксидативниот стрес. Следна цел е да се направи обид да се диференцира влијанието на овие лекови поодделно врз оксидативниот стрес. **Материал и методи**: Проспективна епидемиолошка студија што вклучува 83 пациенти со крипогена епилепсија на АЕТ, кои ги задоволуваат критериумите на вклучување: 37 на терапија со КБЗ, 30 на ВПА и 16 на терапија со ЛТГ. Контролната група вклучува 53 здрави доброволци со слични карактеристики како испитуваната група. Мерени се ТАС, СОД и ГПХ. Статистичката анализа направена со стандардни дескриптивни и аналитички би- и мултиваријантни методи. **Резултати:** Анализирани 44 мажи и 39 жени со просечна возраст 38,2+6,6 години. Просечните вредности на ТАС (mmol/l) кај целата група се 1,64, кај пациентите со КБЗ 1,71, со ВПА 1,6 и со ЛТГ 1,55. Просечните вредности на СОД (U/g Hg) кај истите групи се: 1150 ; 1179 ; 1132 i 1117. Просечните вредности на ГПХ (U/l) кај овие групи се: 57,05 ; 56,7 ; 57,1 i 57,8. Нема статистички сигнификантна корелација меѓу различните антиепилептици и антиоксидантниот дисбаланс $t=1,57, p<0,05$, како и времето на земање на АЕТ и антиоксидантниот дисбаланс: $t=1,62$, $p<0,05$. ***Заклучок:*** КБЗ предизвикува одреден дисбаланс во односот оксиданси-антиоксиданси, повеќе одколку ВПА и ЛТГ, но без статистичка сигнификантност. Временскиот прозорец на антиепилептиците можеби има одредена улога во продуцирањето на оксидативен стрес, но за потврда на овој подток потребни се понатамошни испитувања.

Клучни зборови: Антиоксиданти, антиепилептични лекови, епилепсија

Medicus 2011, Vol. XVI (2):

ВОВЕД

Епилепсиите и епилептичните синдроми опфаќаат група на нарушувања со хронични рекурентни епилептични напади, како основна клиничка карактеристика. Во светски рамки, епилепсијата е трето најчесто невролошко заболување, зад ЦВБ и деменциите, со инциденца, според различни студии од 24 - 50 /100 000 жители (8).

Во објаснувањето на патогенетските механизми кај различни невролошки заболувања, вклучувајќи ја и епилепсијата, сé почесто интерес привлекува и учеството на слободните радикали и антиоксидантниот систем (7, 8). ЦНС е посебно изложен на агресијата на СР, односно е погодно место за нивно создавање и е најосетлив на нивното дејство. Причина за тоа се повеќе специфики и карактеристики на ЦНС (1, 2).Одговор на нарушувањето на целуларниот баланс меѓу прооксидансите и антиоксидансите е познато како оксидативен стрес (10, 13).

Досегашните сознанија јасно упатуваат на можна, и не така занемарлива, улога на влијанието на оксидативниот стрес врз невронските оштетувања кај пациенти со епилепсија (7) или на експериментален модел (12), како и за евентуалното влијание на некои антиепилептични лекови врз антиоксидантниот систем (4, 18). Нема сигурни потврди дека епилептичните напади или примената на некои антиепилептици, доведуваат до оксидативен стрес. Уште помалку дека состојба на оксидативен стрес може да генерира епилептичен напад. Сепак, теоретските сознанија и иницијалните истражувачки студии од оваа проблематика даваат реална основа да се предпостави дека некои состојби кај пациентите со епилепсија може да водат кон дисбаланс меѓу оксидансите и прооксидансите, односно оксидативен стрес (6).

Овој труд е дел од поширока студија што го испитува влијанието на епилептичните настапи и антиепилептичната терапија врз оксидативниот стрес. Во овој дел е испитувано само влијанието на монотерапија врз промените во антиоксидантниот статус, што се индиректен показател за присуството на слободни радикали. Притоа, испитувањето е така поставено што може максимално да се елиминираат останатите фактори, кои би можеле да делуваат врз нивото на антиоксидантните ензими и статус.

ЦЕЛ НА ТРУДОТ

Основната цел на овој труд е да се утврди евентуалното влијанието на антиепилептичната монотерапија со карбамазепин, валпроат и ламотригин врз промените кај антиоксидантните ензими, а преку тоа и врз евентуалното влијание на овие лекови врз оксидативниот стрес. Втората цел на трудот е да се направи обид да се корелираат влијанијата на секој од овие три лекови со евентуалниот антиоксидантен дисбаланс, независно од типот на епилепсијата.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Материјалот е добиен од пациенти во Поликлиника Примед, Скопје, кои ги задоволија сите критериуми за вклучување. Од вкупно 107 анализирани пациенти, во студијата се вклучени вкупно 83 (44 мажи и 39 жени), од кои 37 на терапија со карбамазепин (КБЗ), 30 на терапија со валпроат (ВПА) и 16 на терапија со ламотригин (ЛТГ). Просечната возраст на пациентите е 38,2 $\pm$6,6 години.

Критериуми на вклучување: верифицирана дијагноза на криптогена епилепсија по МКБ-10, да немаат епилептичен настап најмалку 15 дена пред

испитувањето, да се на монотерапија на еден од испитуваните АЕЛ, најмалку 6 месеци, најмногу 3 години, да не примаат друга хронична терапија, нивото на лекот во крвта е во нормални граници, немаат ЕЕГ промени во тек на испитувањето, имаат нормална КТМ или МРИ на мозокот, дале согласност за испитувањето.

Критериуми на исклучување: имаат други заболувања или состојби што сигурно водат до оксидативен стрес (дегенеративни заболувања на ЦНС, малигни заболувања, алкохолизам и сл), примале или започнале да примаат политерапија во тек на испитувањето, администрација и на други лекови, кои не се во врска со епилепсија, кај кои нема да бидат завршени сите потребни анализи или сами ќе се исклучат од испитувањата.

Контролната група ја сочинуваат 53 доброволци на возраст од 16 до 60 години, здрави лица по дефиниција на СЗО, кои не примаат никаква хронична терапија, а чија просечна возраст и другите демографски карактеристики, одговараат на оние на пациентите со епилепсија.

За реализација на целите на оваа студија е користен проспективен епидемиолошки метод. Испитувањата се работени во периодот од 01.01.2009 год со 01.04.2010 година.

Лабораториските анализи се направена во Биохемиската клиничка лабораторија при НК во Скопје. Кај секој пациент се одредуваа вредностите на супероксид дисмутаза (СОД), глутатион пероксидаза (ГПХ) и тотален антиоксидантен статус (ТАС), како и нивото на КБЗ или ВПА во крвта, додека за ЛТГ не е потребно мониторирање, по два пати кај секој пациент, а презентираните вредности се просечна вредност од двете мерења кај секој пациент. Одредувањето на вредностите се врши со спектрофотометар GILFORD STASER III со проточна кивета. Кај сите пациенти е мониторирано и нивото на АЕЛ во крвта.

Кај сите пациенти се направени КТМ или МРИ на мозокот и ЕЕГ.

Во тек на испитувањето беа искористени и сите други податоци од историјата на болеста на пациентите и резултатите од сите параклинички испитувања, кои се направени кај овие пациенти.

Податоците од испитувањето за сите пациенти се регистрирани во посебен протокол. Протоколот ги содржи демографските податоци, сите релевантни податоци од историјата на болеста и сите резултати од направените испитувања. Обработката е извршена со помош на стандардни дескриптивни и аналитички биваријатни и мултиваријатни методи. Статистичката сигнификантност на разликите меѓу нумеричките серии се тестирани со помош на Student-ов t-тест.

РЕЗУЛТАТИ

Испитани се вкупно 107 пациенти, од кои 24 се отфрлени при анализата на резултатите, заради незадоволување на критериумите за вклучување или појава на критериум за исклучување во тек на студијата.

Од анализираните 83 пациенти, 44 се мажи, а 39 жени. Просечната возраст на испитаниците е 38,2 $\pm$6,6 години. Од нив, 37 биле на монотерапија со КБЗ (20 мажи и 17 жени), 30 на монотерапија со ВПА (19 мажи и 11 жени), а останатите 16 (5мажи и 11 жени) на монотерапија со ЛТГ.

Вредностите на ТАС, СОД и ГПХ, според видот на терапија, времетраење на терапија и половата дистрибуција, се дадени во табела 1:

Табела 1.

	структура		**вид на терапија**			**времетраење на терапија**			**полова дистрибуција**	
	контр.гр	испит.гр	КБЗ	ВПА	ЛТГ	до1 год	1-2	2-3	м	ж

							год	год		
N	53	83	37	30	16	22	34	27	44	39
TAS	1.46±0.18	1.64±0.19	1.71	1.6	1.55	1.66	1.69	1.75	1.64	1.63
SOD	1046±385	1150±224	1179	1132	1117	1138	1144	1167	1152	1148
GPX	58.1±8.2	57.05±4.6	56.7	57.1	57.8	57.3	57.2	56.7	57	57.1

Tabela 1

Од табелата се гледа дека добиените просечни вредности на TAC кај целата испитана група (1,64 mmol/l) се повисоки одколку кај контролната група (1,46 mmol/l), но нема статистичка сигнификантност t=1,57(p<0,05). Јасно е дека пациентите кои примаат КБЗ имаат повисоки просечни вредности, со гранична статистичка сигнификантност t=1,98 p<0,05. Иако и кај другите 2 групи измерените вредности се разликуваат од просечните кај контролната група и од нормалните вредности, отстапувањата не се статистички сигнификантни. Слични наоди се добиваат и за СОД и ГПХ. На следните слики (1, 2, 3, 4) графички е прикажана дистрибуцијата на добиените резултати според видот на терапија.



Слика1



Слика 2



Слика 3



Слика 4

Во однос на времетраењето на терапијата, добиените вредности укажуваат на можно лесно присуство на оксидативен стрес, особено кај испитаниците кои подолго примаат терапија, но и овде без сигнификантна разлика t=1,62 p<0,05. (слика 5). Нема разлика кај добиените вредности во однос на половата дистрибуција, кај сите испитани параметри (слика 6),



Слика 5



Слика 6

ДИСКУСИЈА

Добиените вредности се во рамките на очекуваното. Промените кај антиоксидантните ензими се најголеми кај пациентите кои примаат КБЗ, а најмали кај оние пациенти кои примаат ЛТГ. Иако нема статистичка сигнификантност, резултатите јасно укажуваат дека терапијата со КБЗ, повеќе одколку со ВПА или особено ЛТГ доведува до зголемено создавање на слободни радикали. Овој заклучок се наметнува зашто сите други карактеристики на испитаните подгрупи се приближно еднакви. Од добиените резултати не може да се утврди статистичка сигнификантност во однос на влијанието на поединечните лекови на создавањето на оксидативен стрес. Но, сигурни сме дека понатамошните истражувања во овој правец може да укажат на евентуалното такво влијание. Исто така, резултатите се во склад со некои достапни податоци од литературата (4, 9).

Solowiej и Sobaniec во своето испитување кај 90 пациенти со епилепсија заклучиле дека антиепилептичните лекови (АЕЛ) доведуваат до модификација на балансот оксиданси-антиоксиданси (11). Тим од Универзитетот од Гранада, Шпанија, предводени од Calandre, претпоставил дека оксидативниот стрес е поврзан со некои типови на епилепсија, како и со употреба на некои антиепилептичните лекови, КБЗ и окскарбазепин пред се (5). Yalcin и сор. (14) рапортираат за компензаторен одговор кај антиоксидантните ензими, како резултат на индукција на оксидативен стрес при долготрајна употреба на карбамазепин во тераписки дози. Сигнификантно намалени вредности на супероксид дисмутаза (СОД) и глутатион пероксидаза (ГПХ) кај пациенти на моно-терапија со оксикарбазепин се реферирани во студијата на Bolayir и сор. (3).

ЗАКЛУЧОЦИ

Може да се заклучи дека КБЗ предизвикува одреден дисбаланс во односот оксиданси-антиоксиданси и можеби индуцира оксидативен стрес, повеќе одколку ВПА и особено повеќе од ЛТГ. Сепак, овие промени се без статистичка сигнификантност на ниво од 5%. Испитуваната серија не е доволно голема и сеопфатна за попрецизни заклучоци, но понатамошните испитувања сигурно ќе придонесат за попрецизни заклучоци.

Иако серијата е релативно лимитирана во однос на времетраењето на испитувањето и особено во однос на времетраењето на употребата на антиепилептичните лекови, веќе иницијалните резултати укажуваат дека долготрајната употреба на АЕЛ може да индуцира оксидативен стрес, во различен степен, во зависност од видот на лекот. Веруваме дека понатамошното следење на овие пациенти ќе ни даде многу повалидни податоци.

Од испитаната серија може да се заклучи дека иако е регистриран одреден антиоксидантен дисбаланс, не постои статистички сигнификантна корелација меѓу употребуваните антиепилептични лекови (КБЗ, ВПА и ЛТГ) и создавање на антиоксидантен дисбаланс.

ЛИТЕРАТУРА

1. Andersen JK. Oxidative stress in neurodegeneration: cause or consequence? Nat Med 2004; 10: S18-25.
2. Banasiak JK, Ying Xia B, Haddad GG. Mechanisms Underlying Hypoxia-Induced Neuronal Apoptosis. Progress in Neurobiology 2000; 62 (3): 215-249.

3. Bolayir E, Celik K, Tas A et al. The effects of oxcarbazepine on oxidative stress in epileptic patients. Clin Pharmacol 2004; 26(5): 345-8.
4. Brodie MJ, Wilson EA, Wesche DL et al. Pregabalin drug interaction studies: lack of effect on the pharmacokinetics of carbamazepine, phenytoin, lamotrigine, and valproate in patients with partial epilepsy. Epilepsia 2005; 46(9): 1407-13.
5. Calandre EP, Guglieri C, Cobos EJ et al. Plasma Antioxidant Activity in Elderly Epilepsy Patients on Monotherapy. Book of abstracts, 26th international epilepsy congress, Paris 2005; 799.
6. Costello DJ, Delanty N. Oxidative injury in epilepsy: potential for antioxidant therapy? Expert Rev Neurother 2004; 4(3): 541-53.
7. Deepa D at al. Lipid peroxidation in women with epilepsy. AIAN 2008; 11 (1): 44-46
8. Ferriero DM. Protecting neurons. Epilepsia 2005; 46 (7): 45-51.
9. Ono H, Sakamoto A, Sakura N. Plasma total glutathione concentrations in epileptic patients taking anticonvulsants. Clin Chim Acta 2000; 298(1-2): 135-43.
10. Qureshi G A, Parvez S H. Oxidative stress and neurodegenerative disorders. Elsevier 2007; (1):36-43; (4):120-127
11. Solowiej E, Sobaniec W, The effect of antiepileptic drug therapy on antioxidant enzyme activity and serum lipid peroxidation in young patients with epilepsy. Neur Neurochir Pol 2003; 37(5): 991-1003
12. Tiziana Borsello. Neuroprotection methods and protocols Humana press, Totowa, N.Jersey 2007; (1):1-15.
13. Waldbaum S, Patel M. Mitochondria, oxidative stress, and temporal lobe epilepsy. Epilepsy Res, Epub 2009 Oct; 88(1):23-45
14. Yalcin Destina, Kisadere G, Guzel O et al. Effect of carbamazepine therapy on erythrocyte and plasma antioxidant levels in children with benign partial epilepsy. Medical Science Research 2004; 04(24): 78-83.

SUMMARY

ANTIOXIDANT STATUS CORRELATED WITH ANTIEPILEPTIC MONOTHERAPY IN PATIENTS WITH EPILEPSY

Goran Nikoloski[1], Vasko Aleksovski[2]

[1]Polyclinic Primed, Skopje, Macedonia
[2]University clinic for Neurology, Skopje, Macedonia

***Aim**: Basic aim is to confirm eventually influence of AET with KBZ, VPA and LTG at changes of antioxidants enzymes and indirectly at oxidative stress. Next aim is to try to differentiate influence of this drugs, separately, at production of oxidative stress.* ***Material and methods:** Prospective epidemiology study including 83 cryptogenic epilepsy patients on AET, satisfied including criteria, with average age 38,2±6,6 years, 37 on CBZ therapy, 30 on VPA therapy and 16 on LTG therapy. Control group includes 53 healthy voluntaries, with similar characteristics as statistical group. It was measured TAS, antioxidant enzymes SOD and GPX and drug blood monitoring. Statistical arrangement with standard descriptive and analytical bivariants and multivariants methods.* ***Results**: 44 male and 39 female were analyzed, with average age 38,2 ± 6,6 years. Average TAS values (mmol/l) in whole group, in KBZ, VPA and LTG groups are consecutively 1,64 ; 1,71 , 1,6 and 1,55. Average SOD values (U/g Hg) in the same groups are: 1150 ; 1179 ; 1132 and 1117. Average GPX values (U/l) are: 57,05 ; 56,7 ; 57,1 and 57,8. There is not statistical significant correlation between different AED and antioxidant disbalance: t=1,57,p<0,05 and between AED time window and antioxidant disbalance: t=1,62, p<0,05.* ***Conclusion**: KBZ induces a certain disbalance in oxydants-antioxydants relationship, more than VPA and LTG, but without statistical significance. Time window of anticonvulsant may take some role in production of oxidative stress, but it has a further examination to confirm this conclusion.*

***Key words:** Antioxidants, antiepileptic drugs, epilepsy*

PUNIM PROFESIONAL / PROFESIONAL PAPER
PSIKIATRI

ПСИХОЛОШКАТА ОДБРАНБЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ЖИВОТНИОТ СТИЛ КАЈ МЛАДИТЕ

Димитринка Јорданова Пешевска[1], Марија Ралева[2], Изабела Филов[3], Марија Кишман Христовска [1], Кадри Хаџихамза [2]

[1]Светска здравствена организација, Канцеларија Скопје, Македонија
[2]Клиника за психијатрија, Скопје, Македонија
[3]Психијатриска болница, Демир Хисар, Македонија

Димитринка Јорданова Пешевска, психолог, магистер
ул. Приштинска бр. 34, 1000 Скопје
Тел: 070 275 910
e-mail: djp@who.org.mk

РЕЗИМЕ: *Испитуван е животниот стил кај младите преку проценка на нивната одбранбена организација. Целта на ова истражување е да се утврди одбранбената организација на личноста или одбранбените механизми кај младите (средношколци и студенти) и нивниот животниот стил за адаптација и справување со проблеми и конфликтни ситуации. Примерокот опфаќа 314 испитаници (македонска и албанска етничка припадност) во третиот и четвртиот клас, средно училиште, како и универзитетска популација од прва и втора година на факултет, во Скопје и Тетово. Врз испитаниците е аплициран стандардизиран тест за определување на животниот стил на личноста, прашалник за животен стил и одбранбени механизми, подготвен во две јазични верзии. Со него се определува одбранбената организација на личноста т.е. одбранбените механизми и нивната функција во регулирањето на емоциите. Резултатите од истражувањето на одбранбената организација на личноста покажаа дека кај младите таа воглавно е детерминирана пред се од возраста, при што доминираат одбранбени механизми какви што се: проекција, интелектуализација и реактивна формација.*

Клучни зборови: *Одбранбени механизми, одбранбена организација, животен стил, млади*

Medicus 2011, Vol. XVI (2):

ВОВЕД

Според его психолозите во формирањето на структурата на личноста (во овој поим се вклучени и одбранбените механизми, начините на контрола на импулсите, интересите и Над–јас вредносите) е под влијание на нонтекстот на општествента заедница и социо културниот контекст на живеење (2).

Во периодот на адолесценцијата идентитетот на младата личност се консолидира, личноста се дооформува, а во нејзината основа се востановува психолошката одбранбена структура и организација, се јавуваат позрели и поорганизирани одбранбени механизми и емоции.

Одбранбените механизми претставуваат психички процеси со чија помош личноста се обидува да ги реши и надмине конфликтите меѓу нагонските тенденции, чувствата и надворешната реалност (3). Се користат автоматски и несвесно, како обид на Јас (Ego) да се справи со проблематичната ситуација.

Фенихел (4) ги дели одбранбените механизми на:

1) успешни одбрани, оние кои ги прекинуваат сите потиснати пулзии
2) неуспешни одбрани, оние кои бараат повторување или продолжување на процесот на потиснување за да ја спречат ерупцијата на пулзиите.

Успешните одбранбени механизми (сублимацијата) според Фенихел (4) ги имаат следниве карактеристики:

- ✓ Инхибирање на целта.
- ✓ Десексуализација
- ✓ Комплетна абсорбција на инстинктите во неговите деривати
- ✓ Промена во сопственото Јас

Несвесното активирање на одранбените механизми и емоциите имаат функција на прилагодување. Според Ана Фројд сите одбранбени механизми симаат две заеднички карактеристики: 1) тие делуваат несвесно 2) тие ја негираат стварноста или ја менуваат (2).

Причината поради која одбранбените механизми тешко се менуваат или напуштаат кога еднаш ќе се воспостават според Колеман (5) бидејќи тие го претставуввват најекономичниот начин на кој индивидуата се справува со одредена конфликтна ситуација.

Келерман ги подели одбранбените механизми во две групи со оглед на нивната основна фунција (6). Првата група е во служба на Јас. Втората група, која е од поголема важност служи за регулирање на емоционалните реакции и тоа: преместување, регресија, реакциска формација, проекција, компензација, рационализација, негација и регресија. Келерман ги поврзува одбранбените механизми со емоциите и смета дека:

- ✓ Специфични одбранбени механизми служат за регулирање на специфични емоции.
- ✓ Постојат осум основни одбранбени механизми, кои се развиле за регулирање на осум основни емоции.
- ✓ Осумте основни одбранбени механизми, како и емоции имаат карактеристики на меѓусебна поларност и сличност.
- ✓ Единката може да користи било која комбинација на одбранбените механизми.
- ✓ Постојат осум основни одбранбени механизми, кои се развиле за регулирање на осум основни емоции.

Колеман зборува за тесна врска помеѓу одбранбените механизми и емоциите. Тој говори дека постои поврзаност помеѓу емотивната компетентност и користењето на одбранбените механизми (5).

Во тестот на Животен стил се утврдуваат осум одбранбени механизми поврзани со осум релевантни емоции:

1. *Преместување-лутина:* најчест начин на регулирање на лутината е нејзино насочување на друг објект. Преместувањето е одбранбен механизам кој се реактивира во адолесценцијата како резултат на реактивација на триангулацијата и

овозможува поместување на емоциите, особено неприфатливите, на други неутрални објекти. Студиите од социјалната психологија покажуваат поврзаност на овој механизам со постоењето на предрасудите.

2. *Репресија-страв:* начинот на регулирање на стравот е во неговото потиснување. Овој одбранбен механизам заради бурниот период на раната адолесценција се воспоставува некаде во доцното адолесцентно доба.
3. *Реактивна формација-радост:* главно се однесува со промена на основната емоција која се стреми кон нагонското задоволување, во нејзината спротивност која е социјално прифатлива.
4. *Компензација-тага:* единствен начин за надминување на вистинскиот или имагинарниот губиток, кој во адолесцентниот период е особено нагласен. Според психоаналитичката теорија, произлегува од депресивната позиција како резултата на фантазматските и статусните загуби.
5. *Негација-примање:* се однесува на селективното невнимание кое води кон незабележување на непријатните аспекти на објекти на ситуацијата.
6. *Проекција – гадење:* се однесува на селективното невнимание кое води кон незабележување на непријатните аспкти на објектот или ситуацијата. Ваквиот превид води кон целосно прифаќање и идеализација, а со тоа негација на реалитетот.
7. *Интелектуализација - очекување:* поврзана е со потребата за контрола на тој начин што на импулсите се реагира посредно на интелектуално ниво, наместо на моторно. Интелектуализацијата е типичен одбранбен механизам кој се развива во адолесцентниот период, и кој укажува на добро стекната когнитивна проценка и самопроценка која е во склад со социјалните норми, но на бихејвиорален и емоционален план се уште има недоволна консолидација на реакциите во склад со нив. Тоа значи адолесцентот знае што се бара од него и што е пожелно, но сеуште не знае како тоа да го усогласи во однесувањето и емоциите.
8. *Регресија – изненадување:* се однесува на неочекуваното, неконтролираното доживување што овозможува смалување на контролата и непосредно моторно реагирање. Затоа се поврзува со неконтролирано импулсивно однесување. Моторната активност пред се е начин за справување и растоварување од анксиозноста – соматизираната или слободно – лебдечката и можност да се испробаат новостекнатите потенцијали, особено моќта и автономијата во односот кон авторитетите. Агресивноста и конфликтноста се понатаму доизведените форми на импулсивното однесување на социјален план.

ЦЕЛ НА ТРУДОТ

Целта на ова истржување е да се утврди одбранбената организација на личноста или одбранбените механизми кај младите (средношколци и студенти) и нивниот животниот стил за адаптација и справување со проблеми и конфликтни ситуации.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Во ова истражување примерокот ја опфаќа младата популација во пилот подрачјата Скопје и Тетово, односно северозападниот регион на Р. Македонија и е целен примерок.

1. Целиот примерок опфаќа 314 испитаници. Бројот на лицата од македонска националност изнесува 163, а од албанска 151 (Табела 1).

Табела 1.

Застапеност на испитаниците според етничката припадност

	Фреквенција	Процент
Албанец	151	48.1
Македонец	163	51.9
Вкупно	314	100.0

2. Средношколската популација, ја сочинуваат вкупно 216 ученици од трети и четврти клас, од средно медицинско училиште: „Д-р Панче Караѓозов“ – Скопје (127 ученици од албанска и македонска националност), и од средно медицинско училиште „Никола Штајн“, Тетово (89 ученици од албанска и мкаедонска националност) дадено (Графикон 1).
3. Универзитетката популација ја сочинуваат вкупно 98 студенти од прва и втора година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ при Педагошкиот Факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје (вкупно 46 студенти, 23 од македонската националност и 23 од албанската) и на Универзитетот на Југоисточна Европа (Штуловиот Универзитет) во Тетово (вкупно 52 студенти од македонската и албанската националност), како штое прикажано (Табела 2).

Табела 2.

Застапеност на испитаниците според степенот на образование

	Фреквенција	Процент
Ученик	216	68.8
Студент	98	31.2
Вкупно	314	100.0

4. Градовите Скопје и Тетово се одбрани целно поради релевантната варијабла национална припадност, и постоењето на средношколски и високошколски институции (Графикон 1).

Графикон 1.

Процентуалната застапеност на испитаниците според образованието и местоположбата



Варијабли:

Независни варијабли во истражувањето се нивото на образование (ученици, студенти), етничка припадност (македонската и албанската националност), место на живеење (Скопје, Тетово).

Зависна варијабли во ова истражување резултато (скорот) добиен на тестот на Животен стил и одбранбените механизми кај испитаниците (1).

Инструменти:

Во ова истражување е користен стандардизиран психолошки тест за определување на животниот стил (низ психолошките одбранбени механизми) на личноста. Тестот на Животен стил (1) е психолошки инструмент со кој се определува одбранбената организација на личноста и т.е. одбранбените механизми и нивната функција во регулирање на емоциите.

РЕЗУЛТАТИ

Резултатите од истражувањето на одбранбената организација на личноста кај младите покажаа дека постои одредена детерминиранаост од возраста и доминираат оние механизми кои се карактеристични за адолецентниот период: проекција, интелектуализација и реактивна формација. Истовремено следиме одредена поврзаност на одбранбената реакција на младите со начинот на справување со секојдениот социјалниот контекст.

Табела 3.

Застапеност на одбранбените механизми кај целиот испитуван примерок

Одбранбени механизми	Средна вредност	Стандардна девијација
Репресија	32.84	18.14
Проекција	70.68	16.91
Негација	49.05	18.14
Реактивна формација	59.90	20.17
Компензација	46.18	17.61
Преместување	34.24	18.30
Интелектуализација	66.03	16.11
Регресија	36.42	14.87
Општа одбранбена насоченост	49.05	9.28

Во табелата 3 се прикажани резултатите од испитаниците на Прашалникот за животен стил. Се забележува дека одередени одбанбени механизми се најзастапени: проекцијата, интелектуализацијата и реактивната формација, при што нивните вредности се над границата на нивното функционално користење (над 60%). Проекцијата е најзастапен одбранбен механизам со вкупно 70,68%. Оди во прилог на интензивна екстернализација, во смисол со она што се смета за неприфалтливо се отфрла и се припишува на средината, вклучувајќи и внатрешните негативни емоции, мисли, ставови и сл. Интелектуализацијата како втор доминантен одбранбен механизам кој го користат младите со застапеност 66,03 зборува во корист на потребата на адолецентите од нагласена анализа, проценка и самопроценка на сопствените емоции. Реактивната формација која е застапена со 59,90% зборува за потребата на младите нагонските и агресивно

неприфатливите чувства да ги претворат во нивната спротивност како социјално прифатливи и со тоа ги држат под контрола нагонските тенденции.

Од друга страна најмалку застапен е одбранбениот механизам репресија, со 32,84% што укажува дека овој механизам ја губи својата активност во контрола на нагонските пулзии во адолесцентниот период, па оттаму можноста за абреакција е поголема.

Табела 4.

Застапеност на одбранбените механизми според половата припадност

Одбранбени механизми	Пол	Средна вредност	Стандардна девијација
Репресија	Женски	31.45	17.77
	Машки	35.67	18.59
Проекција**	Женски	72.66	15.32
	Машки	65.96	19.14
Негација	Женски	48.72	18.57
	Машки	49.84	17.30
Реактивна формација**	Женски	66.48	17.30
	Машки	44.95	17.98
Компензација	Женски	44.95	17.23
	Машки	48.66	18.18
Преместување	Женски	33.56	17.59
	Машки	35.26	19.37
Интелектуализација**	Женски	68.38	14.35
	Машки	60.78	18.57
Регресија	Женски	36.32	14.31
	Машки	36.35	15.93
Општа одбранбена насоченост*	Женски	49.894	8.681
	Машки	46.949	10.034

*****Разликата е значајна на ниво p < 0.05

**Разликата е значајна на ниво p < 0.01

Во однос на варијаблата половите разлики, кај испитаниците следиме високи и нефункционални нивоа на проекција, 72,66%, интелектуализација 68,38% и реактивна формација 66, 48%. Кај машките испитаници покачени се нивоата на проекција 65,96% и интелектуализација 60,78%, но во помала мера. Според резултатите дадени во табелата 4 постои статистичка значајност на разлики кај женските и машките испитаници во користење на следниве механизми: проекција, интелектуализација, реактивна формација и општата одбранбена насоченост со поголема зсатапеност кај испитаничките.

Табела 5.

Разлики меѓу половите во однос на одбранбената организација

Одбранбени	Пол	Средна вредност	Стандардна

механизми			девијација
Блокирачки**	Женски	54.28	9.68
	Машки	47.94	10.59
Ослободувачки	Женски	46.34	10.04
	Машки	46.94	12.35

**Разликата е значајна на ниво p < 0.01

Според резултатите дадени во табелата 5 забележуваме статистичка значајност на разлики меѓу половите во однос на блокирачките одбранбени механизми. Кај испитаничките преовладуваат одбранбени механизми кои говорат за поголема контрола на несвесните импулси кај женската популација. Ова оди во прилог и на социјалниот контекст во смисла на социјалниот модел кој се наметнува за улогата на жената во заедницата.

Табела 6.

Застапеност на одбранбените механизми според етничката припадност

Одбранбени механизми	Пол	Средна вредност	Стандардна девијација
Репресија	Албанец	34.17	18.34
	Македонец	31.61	17.91
Проекција**	Албанец	71.98	16.84
	Македонец	69.47	16.94
Негација	Албанец	49.66	17.57
	Македонец	48.49	18.68
Реактивна формација**	Албанец	66.09	19.73
	Македонец	54.17	18.88
Компензација	Албанец	46.82	18.34
	Македонец	45.58	16.93
Преместување**	Албанец	30.79	17.76
	Македонец	37.42	18.28
Интелектуализација	Албанец	67.12	15.82
	Македонец	65.01	16.35
Регресија	Албанец	35.85	13.92
	Македонец	36.95	15.71

**Разликата е значајна на ниво p < 0.01

Во однос на независната варијабла етничката припадност резултатите дадени во табела 6 следат покачување на вредностите кај македонската популација за механизмите: проекција со 69,47%, интелектуализација со 65,01% и гранична вредност на реактивната формација со 54,17%.

Кај албанската популација следиме покачени вредности на проекцијата со 71,98%, интелектуализацијата со 67,12% и реактивната формација со 66,09%.

Високите нефункционални вредности на проекцијата и кај македонската и кај албанската популација на млади се во прилог на неприфаќањето на внатрешните емоции, стравови, мисли и нивно проектирање кон надвор.

Резултатите дадени во табела 6 следат статистичка значајност на разлики меѓу македонската и кај албанската популација на млади за одбранбените механизми на проекција, преместување и реактивна формација.

Преместувањето е во рамки на функционалните вредности, но е позастапено кај македонската популација млади со 37,42% во однос на албанската популација млади со 30,79% и укажува на поголема функционална контрола и инхибиција на директните агресивни импилси и нивно премесетување кон неутрални објекти.

Реактивната формација е позастапена кај албанската популација млади со 66,09% и 54,17% кај македонската што укажува на нефункционални вредности. Контролата на агесивните и сексуалните импулси и нивно претворање во спротивност се начинот на функционирање на овој механизам.

ДИСКУСИЈА

Во однос на вкупниот примерок на испитаници се забележува следнава одбранбена организација со нагласени вредости на специфичните одбранбени механизми и нивните вредности се над границата на нивното функционално користење (над 60%): проекција со вкупно 70,68%, интелектуализација со застапеност 66,03% и реактивната формација со 59,90%. Зголеменото ниво на користење на проекцијата, интелектуализацијата и реактивната формација како одбранбени механизми зборуваат за можноста внатрешните негативни, агресивни емоции, мисли, ставови да се екстернализираат и прераснат во когнитивно стереотипни содржини или предрасуди кои немаат реална основа, а се однесуваат на целиот примерок. Овие екстернализирани когнитивни содржини – предрасуди понатаму го детерминираат однесувањето на младите во однос на другите, средината и поширокота заедница.

Постоењето на статистичка значајност на разлики меѓу половите во однос на блокирачките одбранбени механизми, и преовладување на блокирачките одбранбени механизми, како и општата одбранбена насоченост со поголема застапеност кај испитаничките говорат за поголема контрола на несвесните импулси кај младата женска популација. Овие резултати зборуваат за влијанието на социјалниот контекст на живеење врз улогата на жената во општеството и наметнување на еден посубмисивен социјален модел, општествено прифатлив во заедницата.

Високите нефункционални вредности на проекцијата и кај македонската и кај албанската популација млади се во прилог на неприфаќањето на внатрешните емоции, стравови, мисли и нивно проектирање кон надвор.

Резултатите дадени погоре следат статистичка значајност на разлики меѓу македонската и албанската популација млади за одбранбените механизми на преместување и реактивна формација. Преместувањето е во рамки на функционалните вредности, но е позастапено кај македонската популација млади со 37,42% во однос на албанската популација млади со 37,79% и укажува на поголема функционална контрола и инхибиција на директните агресивни импулси и нивно премесетување кон неутрални објекти. Реактивната формација е позастапена кај албанската популација млади со 66,09% што укажува на нефункционални вредности и 54,17% кај македонската. Овие резултати укажуваат на контрола на агесивните и неприфатливите импулси и нивно претворање во спротивното.

Доминирањето на проекцијата, интелектуализацијата и реактивната формација води кон евентуалното екстерналиризирање на негативните когнитивни стереотипи, кои го детерминираат односот на младите кон другите околу себе и пошироко.

Овие факти не обврзуваат да се заземеме за поширока и добро осмислена образовна политика која има тенденција да ги доближи *другиот и другоста* во искуството и знаењето на младите, со цел да се надмине можната доминација на

стереотипи и предрасуди, што натаму води во дискриминација и агресивно однесување, а која понатаму се надеваме ќе овозможи поинаков и поширок видокруг кај младите. Розенберг (7) зборува за психотерапијата како процес на учење и токму затоа, зборувајќи и дејствувајќи превентивно, овие и слични податоци треба да се земат предвид при подготовка на идните образовните програми и планови.

ЛИТЕРАТУРА:

1. Lamovec T. Upitnik zivotnog stila i odbranbeni mehanizmi, Zavod R. Slovenije za produktivnost dela, Ljubljana, 1990
2. Hol KS, Lindzi G. Teorije licnosti, Nolit. Beograd, 1982
3. Erikson EH. Childhood and Society, W.W. Norton and Company. New York, 1993
4. Fenichel O. Psihoanaliticka teorija neuroza, Medicinska knjiga. Beograda- Zagreb, 1961
5. Coleman JC. Psychology and social behavior, Scott, Foresman and Company, 1969
6. Dzeparovski I, Raleva M, Jordanova PD. i sor. Mladite, sakralnoto i umetnosta D. Templum, 2003, Skopje
7. Rosenberg M, Kaplan BH. Social psychology of the self concept, New York, 1982

SUMMARY

PSYCHOLOGICAL DEFENSE ORGANIZATION AND LIFE STYLE AMONG YOUTH

Dimitrinka Jordanova Peshevska[1], Marija Raleva[2], Izabela Filov[3],
Marija Kishman Hristovska[1], Kadri Haxhihamza[2]
[1]World Health Organization – Country Office Skopje, Macedonia
[2]University Clinic of Psychiatry, Skopje, Macedonia
[3]Psychiatric Hospital Demir Hisar, Macedonia

Introduction *The life style for adaptation of the youth population has been investigated in this research through the assessment of the psychological defense organization. The purpose of the research is to analyze the defense organization of the youth person or defence mechanisms of the youth population (high school and students) and their life style for adaptation in the problematic and conflict situation.* ***Material and methods*** *The sample consists of 314 students, Macedonian and Albanian nationality (high school students - third and fourth grade and university students – first and second year on the universities in Skopje and Tetovo). The instrument that was applied in the research is standardized test for defining the life style of person, questioner for life style and defense mechanisms* ***(1)****, prepared in two identical linguistics versions. Through this questioner we are defining the defense organization of the person and regulation of the function of the emotions.* ***Conclusions*** *The results from the research that there are several predominant defense mechanisms: projection, intellectualization, and reactive formation, which are somehow in line as well with the development phase of the adolescent cycle.*

Key words: *Defense mechanisms, defense organization, life style, youth*

ИЗЈАВА

Јас Димитринка Јорданова Пешевска, автор на трудот **"Психолошката одбранбена организација и животниот стил кај младите"** изјавувам дека овој труд досега не е објавуван во стручни списанија.

Со почит,

Димитринка Јорданова Пешевска

Национален офицер

Светска здравствена организација, Канцеларија Скопје, Македонија

PUNIM PROFESIONAL / PROFESIONAL PAPER
KIRURGJI TORAKALE

HEMOPNEUMOTORAKSI SPONTAN: NJË PATOLOGJI E RRALLË, POR ME RREZIK POTENCIAL PËR JETËN

Fadil Gradica[1], Agron Menzelxhiu[1], Alma Cami [2], Alban Hatibi[2]

Spitali Universitare i Sëmundjeve të Mushkrive, "Shefqet Ndroqi", Tiranë, Shqipëri
[1]Shërbimi i Kirurgjisë Torakale, Tiranë, Shqipëri
[2]Shërbimi i Anestezi-Reanimacion, Tiranë, Shqipëri

Fadil Gradica, mjek, kirurg torakal
Rr."Komuna e Parisit" Pall."Erlad" Ap.1.Shk.1 Tiranë. Shqipëri
Tel: ++355(0)682130841
e mail: **fadilgradica@yahoo.com**

***REZYME: Objektivi**: Trajtimi i hemopneumotoraksit spontan dhe vendi qe zë kjo nozologji ne raport me pneumotoraksin spontan, ne Shërbimin e Kirurgjisë Torakale. Hemopneumotoraksi spontan (HSP), eshte një patologji e rralle me rrezik potencial per jeten, dhe perben 1–12% te pneumothorakseve spontane. Ne bëme një studim retrospektiv te kësaj patologjie me kërcenim potencial për jetën dhe krahasuam eksperiencën tone me raportimet e bëra ne literature. **Metoda**: Midis viteve 2004 dhe 2009, janë trajtuar ne Shërbimin e Kirurgjisë Torakale, 450 te sëmure me pneumotoraks spontan, 18 ose 4% te diagnostikuar si hemopneumotoraksi spontan (HSP), nga te cilët 14, te sëmure meshkuj dhe 4 femra, te moshës nga 13 deri 75 vjeç. Pacientet u prezantuan ne kirurgji me dispne dhe dhimbje te kraharorit. Ne shumicën e rasteve radiografia e kraharorit ka konfirmuar diagnozën e hydropneumotoraksit. **Rezultatet:** Te gjithë pacientet janë trajtuar fillimisht me torakostomi ose torakocenteze. Vetëm 6 ose 33.3% janë trajtuar konservatorisht. Midis 12 pacienteve te tjerë (66.6%), 7 ose 38,8% janë operuar me emergjence pasi ata ishin ne gjendje shoku hypovolemik, ndërsa 5 ose 27.8% janë zgjedhur per kirurgji jo urgjente per evakuimin e kuagulave, rezeksionin e bulave, lidhjen e aderences midis pleurës parietale dhe viscerale dhe irigacionin e kavitetit plural nëpërmjet torakotomisë. Ecuria post operatore ishte e qete dhe pacientet jane nxjerre nga spitali brenda 6-15 ditësh. **Konkluzion:** 1) HSP eshte një entitet klinik i rralle qe mund te çoje ne një gjendje te rende, me kërcenim potencial per jeten. 2) Torakotomia e hershme duhet bere menjëherë kur eshte konfirmuar diagnoza e HSP.*

***Fjalë kyç**: Hemopneumotoraksi spontan, pneumotoraks spontan*

Medicus 2011, Vol. XVI (2):

HYRJE

Hemopneumotoraksi spontan (HSP) eshte një patologji e rralle, dhe një komplikacion qe zë 0.5-12% e pacienteve me pneumotoraks spontan (1, 2).

HSP përfshinë akumulimin e ajrit dhe te gjakut ne hapësirën pleurale, ne mungese te traumës apo ndonjë shkaku te dukshëm.

Tabloja klinike e një te sëmuri me HSP, mund te jete dramatike per shkak te shokut hypovolemik (2, 3).

Ne bëme një studim retrospektiv te gjendjes me rrezik potencial per jeten dhe krahasuam eksperiencën tone me rastet e raportuara ne literature.

MATERIALI

Midis viteve 1998 dhe 2004, janë trajtuar ne kliniken tone 560 te sëmurë me pneumotoraks spontan. 16 ose 3% janë diagnostikuar dhe trajtuar per HSP, 14 te sëmure meshkuj dhe 2 femra, te moshës nga 13 deri 80 vjeç me një moshe mesatare 34vjeç.

Ne 13 ose 82% ishte episod i pare i pneumotoraksit, ndërsa ne 3 ose 18% ishte i përsëritur (Pasqyra1).

Dhimbja e kraharorit dhe dispnea ishin simptomat fillestare te shfaqjes gjate ditëve te para te vlerësimit te sëmundjes.

Qe ne pranim, 2 ose 12% të rasteve ishin ne gjendje shoku hipovolemik.

Vetëm 2 ose 12.5% paraqisnin kolle, ndersa një ose 6.3% paraqiste temperature.

Intervali midis fillimit te simtomave dhe tub drenazhit ishte nga 4 ore deri ne 1 muaj (ne një rast).

Historia, radiografia e toraksit dhe torakocenteza janë mjete shume te përdorshme diagnostike.

Ne shumicën e pacienteve (n=12;75%), radiografia e kraharorit konfirmoi diagnozën e hemopneumotoraksit dhe tregonte zhvendosjen e mediastinit ne anën e shëndoshe.

Ne 4 te sëmure, radiografia demonstronte opacitet, hije dhe paqartësi te këndit kosto frenik.

Pas torakocentezes eshte realizuar vlerësimi i gjakut plural te pacientit.

Niveli i hemoglobinës ne pacientet varionte nga 6.4 deri 12g/dl (mesatarisht 7.6g/dl) dhe sasia e gjakut te drenuar ishte nga 100ml, dhe një rast deri ne 2200 ml.

Pasqyra 1.Trajtimi i hemopneumotoraksit spontan ne 15 pacient

Qëllimi terapeutik	N	Suksesi N (%)
Tub torakostomi	15	4(25%)
Torakocenteze	1	1(6.3%)
Kirurgji emergjente	6	6(37.5%)
Kirurgji elektive	5	5(31.20%)

REZULTATET

Qëllimi terapeutik eshte vendosur duke u bazuar ne konditat individuale te pacientit dhe te gjendjes klinike te sëmundjes.

Te gjithë pacientet me përjashtim te njërit, janë trajtuar me tub torakostomi, thithje te likidit, dhe vetëm ne një te sëmurë me transfuzion te gjakut.

Vetëm tub torakostomi ishte me vlere ne 4 pacient (25%) dhe me torakocentezë u trajtua vetëm një pacient (6.3%).

Intervali kohor midis tubit te drenazhit dhe kirurgjisë varionte nga 1 deri ne 21 dite.

Midis 11 pacienteve te tjerë (68.7%), 6 te sëmurë (37.5%) ishin operuar ne urgjence pasi ndodheshin ne gjendje shoku hipovolemik. Kurse 5 te sëmurë (31.20%) ishin selektuar ne drejtim te kirurgjisë jo urgjente, 3 te sëmurë, per shkak te rrjedhjes persistente te ajrit dhe pamjaftueshmërisë se hapjes se pulmonit, si dhe per evakuimin e kuagulave, ndërsa 2 prej 5 te sëmurëve kishin nevoje per dekortikim.

Kirurgjia ne te gjithë te sëmurët e operuar, konsistoi ne evakuimin e gjakut te kuaguluar dhe ne adezionin pleural (Fig. 1, 2, 3).

Rezeksioni i bulës, lidhja e aderences hemorragjike, irrigationi i kavitetit plural, dhe abrazioni i kavitetit pleural janë realizuar nepërmjet torakotomisë posterolaterale ose laterale.
Si burim i hemorragjisë eshte identifikuar te jete, bula apikale e indit pulmonare e ngjitur me murin torakal, ose ngjitje ne regjionin e arteries subklavia, ose ne regjionin aortës ose te venës kava superior dhe se fundi nga adezioni me perikardin.

Ne një te sëmurë nuk eshte gjetur burimi i hemorragjisë, ndërsa ne dy te sëmurë eshte gjetur pakipleurit.

Vlerësimi histopatollogjik eshte, qe këto bula dhe indet e aderuara janë inde fibrotike granulomatoze dhe te pasur me ene gjaku.

Dite qëndrimi ne spital varionte nga 3-40 dite me një mesatare 10.5 ditësh.

Periudha post operatore ishte pa probleme dhe pacientet janë bere dalje nga spitali brenda 7-12 ditësh me ri-hapje te plote te pulmonit.

Vdekshmëria ishte zero.

Ndjekja post operatore varion nga 1-6 vjet dhe konsiston ne vlerësimin e X-Ray te kraharorit, dhe intervistave personale.

Nuk janë vërejtur përsëritje.

Fig. 1, 2, 3. Janë momente te trajtimit te një Hemopneumotoraksi spontan.





Fig.1Rtg (p-a)hydronivel(HSP) Fig.2 Bula apikale moment operator. Fig.3Perpunimi i bulës dhe i aderentes

DISKUTIMI

Hemopneumotoraksi spontan (SHP), eshte një komplikacion i pneumotoraksit spontan primare ose sekondare dhe mund te shpie ne një gjendje me rrezik potencial per jeten.

Witaker (5) ishte i pari qe raportoi një pacient me SHP ne vitin 1876 ku pacienti ishte trajtuar me sukses nëpërmjet torakocentezes, ndersa ne 1948, Erold dhe Murphy (6) përshkruan te paret dekortikacionin ne pacientet qe vuanin prej SHP, 6 javë pas fillimit te simptomave.

Hemopneumotoraksi spontan eshte një sëmundje e rralle me një incidence 0.5-12%, ndersa 3% rezulton ne studimin tone.

Ne studimet e Tubete dhe bp. (2) nga dhjete pacientë vetëm një pacient vuante nga pneumotoraksi i përsëritur (10), ndërsa ne studimin tone, 3 te sëmurë (18.75%) ishin prezantuar me një episod rekurence.

Ne raporte te ndryshme eshte përmendur (2, 4-6) qe meshkujt janë me te predispozuar.

Arsyeja per lidhjen jo frekuence tek femrat nuk eshte e qarte.

Fry dhe bp. (12) sygjeruan se predispozicioni i hemorragjisë tek meshkujt mund te jete per shkak te sforcimeve te tepërta dhe raporti meshkuj/femra ne SHP eshte ne 25.4:1 (4, 5, 12).

Ne studimin tone raporti meshkuj/femra ishte 7:2 me ngjashmëri SPH.

Mekanizmi i përshkrimit te hemorragjisë ne SHP eshte i tille: hemorragjia rrjedh nga grisja e vazove te adezionit vaskular apikal midis pleurës parietale dhe viscerale ose nga grisja e vazove kongjenitale aberrante midis pleurës parietale dhe bulës per shkak te kolabimit te pulmonit, ose per shkak te çarjes se bulës se vaskularizuar (9, 10, 11).

Janë raportuar gjithashtu vazo aberrante midis pleurës parietale dhe bulës.

Vetëm pak studime angiografie janë bere gjate hemorragjisë duke ekspozuar vazot aberrante me origjine te ndryshme (7).

Studimet patologjike vlerësuan anomalit rreth bulës, ose një bule me ind kolagenoz te trashe te përshtatshme, me një hemorragji te adezionit (2, 9).

Historia dhe mosha e pacienteve, vlerësimi klinik dhe radiologjik, aspirimi i ajrit dhe i gjakut, determinimi i hemoglobinës ne gjakun e aspiruar jete përdorur me shume sukses ne diagnostikimin dhe diferencimin midis SHP dhe një efuzioni plural hematik.

CT-scanner torakal mundet te behet ne pacientet e stabilizuar per te përjashtuar neoplazine, përpara kirurgjisë elektive.

Qëllimi terapeutike duhet vendosur ne baze te konditave individuale te pacientit dhe gjendjen klinike te sëmundjes.

Veçorie klinike varen ne radhe te pare nga sasia e gjakut te humbur dhe rrjedhja e ajrit (2, 6, 11).

Qëllimi i trajtimit përfshinë drenazhin e likuidit, hemostazën, dhe re-ekspansionin e pulmonit.

Trajtimi fillestare konsiston ne thithjen e likuidit dhe drenimin e hapësirës pleurave (10, 11).

Transfuzion i gjakut homolog mund te jete i nevojshëm, megjithatë shume prej pacienteve tanë nuk kane bere transfuzion gjaku, sepse ata ishin te rinj dhe te afte te rikuperohen nga anemia post operatore.

Indikacioni per torakotomi ishte shoku hipovolemik, vazhdimi i hemorragjisë (100ml/h), rrjedhja persistente e ajrit, pa mundësia e ekspansionit pulmonare, pakipleuriti ose pneumotoraksi rekurent.

Цел на овој труд е да се прикаже односот на фамилијарните и доброволните дарувања во периодот од 2002 до 2010 година реализирани од Службата за трансфузиологија при Клиничката болница во Тетово. Да се прикажат доброволните дарувања на терен и во службата, како и фамилијарните дарувања. Исто така да се прикаже структурата на дарителите според етничката припадност, како и возраста на дарителите и нивната полова дистрибуција и промената на структурата на крводарителите според горенаведените критериуми по спроведената мотивација во периодот од 2002 година до 2010 година

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Користени се податоци од дневниците за реализираните крводарувања на терен и во службата, како и прашалниците што ги пополнуваат дарителите. Целокупното истражување е направено врз основа на емпириски податоци. Користени се дескриптивни мерки и дескриптивна анализа на податоците.

РЕЗУЛТАТИ

Во периодот јануари - декември 2002 година беа прибрани вкупно 1.198 единици крв од кои на акции вон од Службата беа собрани само 136 единици (11,35%) крв. Од тие 88 дарители (64,7%) беа Албанци, а 48 (35,2%) беа Македонци.

Од вкупниот број (1.198), доброволни дарители во службата имаше само 67 (5,59%). Од нив 38 (56,7%) беа Албанци, а 29 (43,2%) беа Македонци.

Од вкупниот број (1.198), фамилијарни дарувања имаше 995 единици (83,05%). Од нив 140 (14%) беа Македонци, а 855 (85,9%) беа Албанци. Од нив 383 лица (31,9%) беа невработени, 524 (43,7%) вработени, 175 (14,6%) работници во странство, 68 (5,6%) беа земјоделци, 35 (2,9%) беа студенти, 8 (0,6%) беа домаќинки и 5 (0,06%) биле ученици. Според половата структура меѓу дарителите имаше 41 (3,45%) жени и 1.157 (96,5%) мажи.

Графикон 1.

Приказ на фамилијарните и доброволните дарители во службата
за трансфузиологија и на терен во 2002 година



Во 2003 година беа собрани вкупно 1.527 единици крв. Од нив 537 (35,14%) беа од акции на терен, 123 (8,05%) доброволни дарувања во службата, а 867 (56,77%) беа фамилијарни дарувања.

Во 2004 година од вкупно 1.445 единици, на терен беа собрани 401 (27,75%), доброволни дарувања во службата беа 152 (10,5%), а фамилијарни дарувања 892 (61,73%).

Во 2005 год. вкупно беа собрани 1.750 единици. Од нив 549 (31,37%) од акции на терен, 198 (11,31%) доброволни дарувања во службата, а 1.003 (57,31%) фамилијарни дарувања.

Во 2006 година беа прибрани вкупно 1.724 единици крв.

Од вкупниот број (1.724), 477 (27,6%) беа акции на терен. Од нив 138 (28,5%) беа вработени и тоа 91 лице (65,9%) Македонци и 47 (34,05%) Албанци, 261 (54,7%) беа ученици од кои 124 (47,5%) Македонци и 137 (52,4%) Албанци и 78 (16,3%) студенти од кои 23 (29,4%) Македонци и 55 (70,5%) Албанци.

Од вкупниот број (1.724), 172 (9,9%) беа доброволни дарувања во службата; од нив 78 (45,3%) Македонци, 94 (54,6%) Албанци. Останатите 1075 (62,3%) беа фамилијарни дарувања. Од нив 230 (21,3%) Македонци и 845 (78,6%) Албанци. Од фамилијарните дарители 204 (18,9%) беа вработени, 403 (37,4%) беа невработени, 104 (9,6%) вработени во странство, 59 (5,4%) земјоделци, 270 (25,1%) приватници, 17 (0,15%) домаќинки, 10 (0,09%) студенти, 3 пензионери и 5 ученика.

Графикон 2.

Приказ на фамилијарните и доброволните дарители во службата
за трансфузиологија и на терен во 2006 година



Во 2008 година беа собрани вкупно 1.833 единици крв. Од нив 437 (23,8%) беа единиците крв реализирани од акциите на терен, 301 (16,42%) беа доброволни дарувања во службата, а 1.095 (59,73%) беа фамилијарни дарувања.

Во 2010 година беа собрани вкупно 1.853 единици крв. Од нив 558 (30,11%) беа единици крв собрани на терен. Од тоа 98 (17,5%) вработени, 407 (72,9%) ученици и 53 (9,4%) студенти, од кои 206 (36,9%) Македонци и 352 (63,08%) Албанци.

Графикон 3.

Приказ на фамилијарните и доброволните дарители во службата
за трансфузиологија и на терен во 2010 година



Од вкупниот број (1.853), 303 (16,35%) беа доброволни дарувања во службата. Од нив 130 (42,9%) Македонци и 173 (57,09%) Албанци.

Од вкупниот број (1.853), а 992 (53,53%) беа фамилијарни крводарувања. Од нив 227 (22,8%) Македонци и 765 (77,1%) Албанци од кои 348 (35%) вработени, 132 (13,3%) приватници, 205 (20,6%) невработени, 80 (8,08%) земјоделци, 196 (19,7%) работници во странство, 15 (1,5%) домаќинки, 10 (1%) пензионери, 4 (0,4%) студенти и 2 (0,2%) ученици.
Од вкупниот број (1.853), 207 (11,1%) беа жени и 1.646 (88,8%) беа мажи.

Табела 1.
Вкупен број дарители, фамилијарни и доброволни по години

Година	2002	2003	2004	2005	2006	2008	2010
Фамилијарни	995	867	892	1003	1075	1095	992
Доброволни	203	660	553	747	649	738	861
Вкупно:	1198	1527	1445	1750	1724	1833	1853

Табела 2.
Вкупен број дарители, фамилијарни и доброволни по етничка припадност

	Година	2002	2006	2010
Фамилијарни	Македонци	140	230	227
	Албанци	855	845	765
Доброволни	Македонци	77	316	336
	Албанци	126	333	525
	Вкупно:	1198	1724	1853

ЗАКЛУЧОК

Промените одат бавно, особено оние кои се однесуваат на ставовите, мислењата, предрасудите, но сепак вложените напори резултираа со подобри резултати, до извесна

промена во етничката структура на дарителите како и во односот на фамилијарни наспроти доброволни дарувања, кои се сметаат за десет пати посигурни.

За изминатиот период во тетовскиот регион има зголемување на вкупниот број на прибрани единици за скоро 20% (од 1198 на 1853 единици). Сеуште е висок процентот на фамилијарни дарувања преку кои најлесно доаѓаме до обезбедување на потребните количества крв. Сепак евидентно е намалувањето на оваа бројка за изминатиот анализиран период за скоро 30% (2002 - 83,5%; 2008 - 59,73%, 2010 – 53,53%. Исто така може да се забележи пораст на единиците крв прибрани на терен за 20% (2002 - 11,35%; 2008 - 23,8%, 2010 – 30,11%) и перманентен пораст на единиците крв од доброволните дарители во службата за скоро 10% (2002 - 5,59%; 2008 - 16,42%, 2010 – 16,45%).

Овие резултати беа постигнати со мотивациони предавања пред секое дарување во различни средини, особено во албанските со лидери од нивната средина, користејќи усни предавања, презентации со слајдови и фолии и видеопрезентации, сите овие на македонски и албански јазик, поголема присутност во медиумите, како и поуредна евиденција на дарителите.

Вложените напори резултираа со подобри резултати што доведе до извесна промена во структурата на дарителите, во фамилијарните дарувања (дарување крв за свој близок) и во доброволното дарување (за непознат примател). Идните напори треба да бидат насочени кон поголем ангажман од страна на Црвениот Крст и Службата за трансфузиологија, особено во трансформирањето на фамилијарните во доброволни дарители и во анимирање на младите за дарување крв.

ЛИТЕРАТУРА

1. Благоевска М. Национална стратегија за обезбедување со крв и продукти, современ концепт, 2000.
2. Благоевска М. Актуелности во трансфузиологијата, Македонска ризница, 1997.
3. Basic clinical and organizational requirements for an effective haemovigilance. ESBT Sofia 2003 Школа на Проф. Rossi – P. Stranger, C.Politis, T.Lisitchov
4. Грубовиќ М, Сотировска Љ, Ивановски Д, Јовановска Л, Мојсов И. Организација давалаца крви у СР Македонији. Симпозијум здравствених радника Југославије, службе за анестезију и реанимацију, интензивну терапију, трансфузију и имунохематологију и осталих граничних специјалности. Зборник радова, Струга 1981.

SUMMARY
MOTIVATIONAL LECTURES – CHANGE THE STRUCTURE OF BLOOD DONORS IN THE TRANSFUSION SERVICE-TETOVO

Emilija Kocovska[1], Irfan Baftijari[1], Miroslav Kocovski[2]

[1]Institute of Transfuzion Medicine of R Macedonia, Skopje, Macedonia
Regional Center, Tetovo, Macedonia
[2]Orthopedic Department, Clinical Hospital, Tetovo, R.Macedonia

The Blood Donation is a process based on humanity, anonymity and non remuneration. Information and motivation is a basic aspect, wich the Red Cross and Transfusion Services are based on, especially in multiethnic enviroments like ours, with predominant Albanian people, where the voluntary blood donation is very low. In the municipality of Tetovo, according to the last census in 2002 out of 86,580 inhabitants - 20,053 inhabitants are Macedonians (23%), 60,886 are Albanians (70.3%), 1882 Turks (2%), Roma 2357 (2.7 %), and Serbs, Bosniaks, Vlachs and others are total: 1402 (1.6%). The motivation to join the family of voluntary blood donors and retention of the same, in order to develop higher consciousness is our permanent task of the Red Cross and Transfusion Services. This study showed the results in our ten years efforts in motivation of blood donors, especially between young people.

***Key words**: Blood donation, voluntary donor, motivation*

PUNIM PROFESIONAL / PROFESIONAL PAPER
ANESTEZIOLOGJI REANIMACION

LIDHJA NDËRMJET DELIRIUMIT POSTOPERATIV DHE DHIMBJES AKUTE

Haxhire Gani[1], Majlinda Naço[1], Ilir Ohri[1], Mustafa Xhani[1], Vjollca Beqiri[1]

[1]Klinika e Urologjise, QSU "Nënë Tereza", Tiranë, Shqipëri

Haxhire Gani, mjeke anesteziste reanimatore
Rr."5 Maji", Lagjia Nr.10, Kulla II, Tiranë, Shqipëri
Tel: 0672053588 & 0682468280 & 2461624
e-mail: haxhiregani@yahoo.com & haxhirehgani@hotmail.com

REZYME: Hyrje. *Deliriumi (jerm) postoperative ka qenë i lidhur me rritje të morbiditetit dhe të mortalitetit dhe qëndrimit të gjatë në spital. Në këtë studim është parë lidhja ndërmjet dhimbjes dhe deliriumit tek të sëmurët e moshuar në urologji.* ***Qëllimi*** *i këtij studimi është efektiviteti i shqyrtimit rutinë të deliriumit duke përdorur Confusion Assesment Method (CAM)) metoda e vlerësimit të konfuzionit. Pa mjek psikjatër.* ***Metoda****: Në këtë studim janë përfshirë të sëmurë të moshës mbi 65 vjeç. Periudha e studimit Janar 2009 deri në Dhjetor 2010. Është vlerësuar orjentimi në kohë dhe hapësirë i pacientëve. Gjithashtu është vlerësuar edhe dhimbja postoperatore duke përdorur shkallën e dhimbjes shkalla analoge e pamjes (VAS) 1-10. Janë analizuar të gjitha informacionet rreth procedurës kirurgjikale, anestezisë, medikamenteve, anemisë, elektrolitëve.* ***Rezultatet:*** *Në këtë studim janë përfshirë 708 të sëmurë. Incidenca e deliriumit është observuar në 2 ditët e para pas operacionit. Të sëmurët ishin të ç`orjentuar, se dinin ku ishin dhe nëse ishin operuar apo jo dhe nuk ju përgjigjeshin adekuat pyetjeve. Këto çrregullime janë paraprirë me djegie urine dhe dhimbje të plagës operatore. Mesatarisht incidenca e POCD (çrregullimeve konjikitve, njohese postoperatore) ishte 22% në të sëmurët ku dhimbja nuk ishte mirë menaxhuar dhe 8% në grupin ku dhimbja ishte mirë menaxhuar dhe në grupin që ishte me kateter epidural nuk u has tek asnjë i sëmurë ky çrregullim. Për më tepër në grupin ku dhimbja është mirë menaxhuar shpejt ky çrregullim ka zgjatur më pak 10min ±2min krahasuar me grupin ku dhimbja u menaxhua me vështirësi pati një zgjatje më të gjatë të këtij çrregullimi 50min ±12 min.* ***Përfundimi:*** *Në këtë studim të shkurter në kohë dhe në numër shqyrtimi rutinë i kësaj kategorie të pacienteve ka vlerë në zbulimin e hershëm dhe trajtimin e hershëm të këtij çrregullimi. Menaxhimi i mirë i dhimbjes ul incidencen e këtij çrregullimi. Eleminimi i faktorëve predispozues të deliriumit (ku njëri prej tyre krahas të tjerëve është edhe dhimbja) çon në uljen e incidencës së sëmundshmërisë.*

Fjalë çelës: *POCD, CAM, epidural*

Medicus 2011, Vol. XVI (2):

HYRJE

Plakja është një proces multifaktorial ku ndodh reduktimi i kapaciteteve adaptuese dhe ulje graduale e rezervave funksionale të shumë sistemeve (1).

Shkaqet që ndikojnë në shfaqen e këtij çrregullimi janë të shumtë ku çdo njëri prej tyre ka peshën e vet dhe kombinimi i disa faktorëve e bën më prezent këtë çrregullim.

Fispatologjia e POCD (çrregullimeve konjiktive, njohese postoperatore) është e panjohur dhe kjo e bën të vështirë menaxhimin **e** strategjive për të reduktuar incidencën e POCD. Gjithashtu akoma nuk është e njohur lidhja që eksiston midis POCD, moshës, lëndëve anestetike dhe auto rregullimit cerebral. Operacioni ka ndikim të ndjeshëm në dekompensimin e statusit psikologjik tek të moshuarit (2). Ndryshimet fiziologjike të trurit tek të moshuarit. Humbja e neuroneve në talamus dhe ganglionet bazale. Reduktimi i përgjithshme i densitetit të neuronove, me humbjen e 30% masës së trurit pas moshës 80 vjeç. Zvogëlimi i numrit të receptorëve të serotoninës në korteks. Zvogëlimin e nivelit të receptorëve të acetilkolinës në disa zona të trurit. Ulja e nivelit të dopaminës në neostriatum dhe substantia nigra dhe reduktimin e numrit të receptorëve të dopaminës në neostriatum. Rritja e kortizolit postoperatore. Megjithatë mosha fiziologjike e psikike nuk është e njëjtë me atë kronolgjike. Plakja është një proces multifaktorial ku ndodh reduktimi i kapaciteteve adaptuese dhe ulje graduale e rezervave funksionale të shumë sistemeve. Duke zbuluar dhe analizuar shkaqet (jo këto të mësipërmet se këtu nuk ndërhyjmë dot, por ato që lidhen me interventin dhe anestezinë).

Kuptimi i plotë i ndryshimeve të farmakokinetikës dhe farmakodinamikës tek këta të sëmurë. Merren masa paraprake për parandalimin ose minimizimin e shfaqes së këtyre çrregullimeve. Në ato raste që nuk arrihet të parandalohen shkaqet bëhet trajtimi në kohë dhe mjekimi është jo thjesht siptomatik si është bërë deri më sot por etilogjik e fizpatologjik. Parandalimi dhe mjekimi i mirë i këtyre çrregullimeve ka ndikim të drejtpërdrejtë në dekursin e mirë të operacionit dhe të sëmurit në përgjithësi (3).

Sipas Shoqatës Amerikane Psikiatrike delirium është përcaktuar si "një turbullim të vetëdijes me reduktim te aftësise për t'u përqëndruar, mbështetur, ose ndryshim ne vëmendje, një ndryshim në njohje (deficitit memorie, disorientation, e folur e çrregullt) ose zhvillimin i perceptimit rrëmujë. Deliriumi postoperative ka qenë i lidhur me rritje të morbiditetit dhe të mortalitetit dhe qëndrimit të gjatë në spital. Në këtë studim është parë lidhja ndërmjet dhimbjes dhe deliriumit tek të sëmurët e moshuar në urologji (4).

QËLLIMI

Qëllimi i këtij studimi është efektiviteti i shqyrtimit rutinë të deliriumit duke përdorur Confusion Assesment Method (CAM) pa mjek psikjatër.

MATERIALI DHE METODA

Në këtë studim janë përfshirë të sëmurë të operur në Repartin e Urologjisë. Numuri i të sëmurëve 708, por 6 të sëmurë janë përjashtar nga studimi se ishin 4 me demencë senile, 2 të sëmurë kishin çrregullime psikotike qysh në shtrim preoperatore. Periudha e studimit Janar 2009–Dhjetor 2010. Në këtë studim janë përfshirë të sëmurë të moshës mbi 65 vjeç . Periudha e studimit Janar 2009 deri ne dhjetor 2010. Është vlerësuar orjentimi në kohë dhe hapësirë i pacientëve. Gjithashtu është vlerësuar edhe dhimbja postoperatore duke përdorur shkallën e dhimbjes (VAS) 1-10. Janë analizuar të gjitha informacionet rreth procedurës kirurgjikale, anestezisë, medikamenteve, anemisë, elektrolitëve. Nuk kishte ndryshime përsa i përket të dhënave si anemia, glicemia, elektrolite e azotemi e kreatinemi si në grupin e të sëmurëve që bënë delirium dhe atyre që nuk bënë. Ndryshimet hemodinamike intraoperatore në të dy grupet ishin pothuajse të njëjta pa diferenca statistikore. Të sëmurët i janë nënshtruar anestezisë endotrakeale, spinale apo e kombinuar endotrakeale me epidurale në varësi të llojit të operacionit.

Statusi fizik i të sëmurëve ishte ASA I-III. Anestezi endotrakeale plus epidurale i janë nënshtruar të sëmurët që kane bërë Cistectomi. Anestezia spinale është realizuar me age G24 ose G25. Në hapësirën L2-L3 me sol. Bupivacainë 0.5% 3 ml (15mg) dhe në disa raste krahas Bupivacainës ka patur edhe Morfinë 200ug. Anestezia endtrakeale induksioni është bërë në të gjithë të sëmurët në të

njëjtën mënyrë me Fentanyl, Tiopental dhe Miorelaksinë (Suxametonium), dhe pas intubimit është përdorur Pavulon, dhe si gaz anestetik është përdorur Izoflurani sigurisht me oksigjen (O2). Të sëmurët që ju nënshtruan anestezisë endotrakeale u ekstubuan në sallë me përjashtim të sëmurëve që ju bë krahas cistectomisë edhe neovezikë ose implatim i uretereve në ileum ose sigmë janë ekstubuar në reanimacionin qëndror të kirurgjisë pas disa orësh.
Tabela dhe Grafikoni 1.

Numri i të sëmurëve sipas moshës

Mosha	nr
65-70	95
70-80	582
>80	25



Në këtë tabelë paraqitet numri i të sëmurëve sipas moshës, ku vihet re një incidencë më e madhe e të sëmurëve në grup moshën 70-80 vjeç.

Tabela dhe Grafikoni 2.

Ndarja sipas llojit te anestezisë



Anestezia.gjenerale	A.Gjenerale(gjen.+epi)	A.Spinale
171	12	519

Në këtë tabelë paraqitet ndarja e të sëmurëve sipas llojit të anestezisë që kanë marrë. Ku vihet re se numuri më i madh i të sëmurëve i janë nënshtruar anestezisë spinale kjo për vetë faktin se numuri më i madh i operacioneve ka qenë prostatectomia transuretrale ose transvezikale (kjo për arsyen e thjeshtë se kjo moshë preket më shumë nga adenoma e prostatës, ose kanceri i saj). Krahas prostatectomisë një numur i madh i operacioneve ka qenë papilocarcinoma e vezikës urinare ku edhe kjo është bërë me anestezi spinale. Ndërsa numuri më i pakët i të sëmurëve është ai me anestezi endotrakeale plus atë epiduale për arsye se kombinimi i këtyre 2 lloj anestezive është bërë për cistectominë.

Kombinimi i këtyre 2 lloje të anestezive është bërë në këto lloj opercionesh jo vetëm për të trajtuar dhimbjen postopratore por edhe për rëndësinë e saj gjatë operacionit në reduktimin e hemoragjisë, duke qenë se ky është një operacion i madh dhe shoqërohet me hemoragji intraoperatore.
Tabela dhe Grafikoni 3.

Raport M/F



Në këtë tabelë paraqiten numuri i të sëmurëve sipas gjinisë. Gjë që ska ndonjë vlerë për studimin, por vihet re një numur më i madh i të sëmurëve meshkuj për faktin që një numur i madh i operacioneve janë prostatectomi si edhe për faktin që edhe papilocarcinoma e vezikës ka një shfaqe më të shpeshtë në meshkuj sesa në femra.

REZULTATET

Në këtë studim janë përfshirë 702 (nga që 6 u përjashtuan). Nuk kishte ndryshime përsa i përket hemodinamikes, humbjes së gjakut intraoperatore midis 2 grupeve. Tek të sëmurët është vrojtuar incidenca e deliriumit në 2 ditët e para pas operacionit (të sëmurët ishin të çorientuar se dini ku ndodheshin, ishin të agjituar, nuk e dinin që ishin operuar, nuk u përgjigjeshin koherent pyetjeve që ju bëheshin. Këto çrregullime u paraprinë nga dhimbje të plagës dhe djegie të urinës. Të sëmurët që kishin marrë analgjezikë në fund të operacionit (Artrozilen) ose kishin marrë anelgjezikë në spinale (Morfinë) ose epidurale pas operacionit nuk kanë patur ankesa për dhimbje dhe kanë patur një incidencë sinjifikative më të ulët të deliriumit. Nuk kishte ndryshime në varesi të llojit të anestezisë që morën, se janë hasur në të dyja grupet si ata me anestezi të përgjithëshme ashtu edhe tek të sëmurët që morën anestezi spinale, por ka pasur incidence më të ulët (incidenca ishte 0) në grupin e të sëmurëve me epidurale dhe gjenerale asnjë i sëmurë nuk pati këto çrregullime. Incidenca e deliriumit ka qenë në të gjithë të sëmurët 30% dhe në grupin ku dhimbja nuk ka qenë e mirë menaxhuar ka qenë 22% dhe në grupin që kanë marrë analgjesi adekuate ka qenë 8%. Dhe koha e zgjatjes së kohës së deliriumit ishte përkatësisht në grupin e parë (ku dhimbja ka qenë mirëmenaxhuar) 10min ±2min në raport me grupin tjetër ku kohëzgjatja e këtij çrregullimi ka zgjatur 50min ±12 min. Të gjithë të sëmurët për të mënjanuar shenjat e deliriumit janë trajtuar me Haloperidol (4).Megjithëse Cistektomia është një nga operacionet më të mëdha që bëhen në urologji, dhe që janë analizuar në këtë studim incidenca e POCD ishte zero megjithëse numuri i këtij lloj operacioni ishte i vogël, por trauma operatore është shumë e madhe por menaxhimi shumë i mirë i dhimbjes nëpërmjet kateterit epidural e parandalon shfaqen e këtij çrregullimi. POCD janë vënë re vetëm në meshkuj, megjithëse ska diference statistikore pasi raporti i të sëmurëve meshkuj femra nuk ka qenë i njëjtë por ka patur më shumë meshkuj. Në të dy grupet është vënë re se incidenca e POCD ka qenë mbi moshën 72 vjeç (shih tabelat).

M	F
635	67

Tabela dhe Grafiku 4.

Incidenca e çrregullimeve të njohjes postoperatore(POCD) femra /meshkuj.

Gjinia	M	F

Nr.i të sëmurëve	210	0



Tabela dhe Grafiku 5.

Incidenca e çrregullimeve të njohjes (POCD) sipas moshës.



65-69	**0**
70-80	203
>80	7

Tabela dhe Grafiku 6.

Incidenca e çrregullimeve të njohjes (POCD)sipas llojit të anestezisë



A.S	**A.E.**	**Endo.+Epi.**
104	106	0

DISKUTIMI

Incidenca e deliriumit postoperatore ka faktorë të shumtë perioperative. Mosha është një faktor risku i pamodifikueshëm. Incidenca e deliriumit postoperatore është rreth 11% dhe në nëngrupe të veçanta ka një incidencë rreth 45% (5). Përdorimi intraoperatore i fentanylit është një faktor risku në ditet e para postoperatore.

Megjithatë pavarësisht nga doza mesatare e fentanylit nuk ka patur diferenca sinjifikative të incidencës së sëmurëve me delirium dhe pa delirium. Në një rivju sistematike duket roli i analgjezisë postoperatore në delirium (6) në ditën e parë postoperatore. Autorët gjithashtu shënojne që të sëmurët me delirium postoperatorë kanë tendencë të rrisë ditëqëndrimin e tyre në spital krahasuar me të sëmurët pa delirium por me të njëjtin status fizik preoperatore, me të njëjtin lloj operacioni dhe

anestezie si edhe pa ndryshime intraoperatore. Kjo për faktin se një i semurë me ndërgje të thyer, të dëmtuar mund të heqë rrugën venoze periferike, kateterin urinar, nganjëherë edhe atë central veprime këto që kanë efektin e vet në dekursin e sëmundjes. Në faktorët që precipitojne deliurium postoperatore janë të shumtë, të modifikueshëm dhe të pamodikueshem ku prezenca e disa faktorëve e bën më prezent incidencën e deliriumit (7). Deliriumi i hershëm postoperatore është problem jo vetëm për dekursin e operacionit për të cilin i sëmuri është shtruar në sptal por gjithashtu është një faktor predispozues që këta të sëmurë mund të bëjnë delirium me gjatë edhe pas daljes nga spitali.

PËRFUNDIMI

Në këtë studim të shkurtër në kohë dhe në numër shqyrtimi rutinë i kësaj kategorie të pacientëve ka vlerë në zbulimin e hershëm dhe trajtimin e hershëm të këtij çrregullimi. Menaxhimi i mirë i dhimbjes ul incidencen e këtij çrregullimi.

Eleminimi i faktorëve predispozues të deliriumit (ku njëri prej tyre krahas të tjerëve është edhe dhimbja) çon në uljen e incidencës së morbiditetit e mortalitetit si edhe ditëqëndrimit në spital.

REFERENCAT

1. Ely EW, Gautam S, Margolin R, et al. The impact of delirium in the intensive care unit on hospital. JAMA 2001 286:2703-2710.
2. Frederick E. Sieber. Postoperative Delirium in the Elderly Surgical Patient. Anesthesiology Clinics Volume 27, Issue 3, Pages 451-464, September 2009.
3. Anita S. Bagri, Alex Rico, Jorge G. Ruiz .Evaluation and Management of the Elderly Patient at Risk for Postoperative Delirium .Thoracic Surgery Clinics August 2009 (Vol. 19, Issue 3, Pages 363-376.
4. Jorge IF. Salluh, Felipe Dal-Pizzol, Patricia VC. Mello, Gilberto Friedman, Eliézer Silva, José Mário M. Teles, Suzana M.A. Lobo, Fernando A. Bozza, Márcio Soares, On behalf of the BRICNet (Brazilian Research in Intensive Care Network) Journal of Critical Care December 2009 (Vol. 24, Issue 4, Pages 556-562).
5. Finn M.Radke, Martin Frank, Martin McGuill, Matthes Seelin. Duration of fluid fasting and choise of analgesic are modifiable factors for early postoperative delirium. European Journal of Anaesthesioloy.Volumi 27.Number 5.page 412-416).
6. Fong HK, Sands LP, Leung JM. The role of postoperative analgesia in delirium and cognitive decline in elderly patients:a systematic review. Anaesth Analg 2006:102:1255-1266.
7. Inouye SK, Charpentier PA. Precipitating factors for delirium in hospitalized elderly persons. Prediktive model and interrelationship with baseline vulnerability. JAMA 1996;275:852-857.
8. Ferreira, Gregory J. MD, Trow, Terence K. MD, FACP, FCCP Section Editor(s): Trow, Terence K. MD, FACP, FCCP; Spiegler, Peter MD, FCCP, FAASM, Co-Editors Confusion Over Delirium: Does It Predict Death in the Intensive Care Unit?Clinical Pulmonary Medicine: November 2004 - Volume 11 - Issue 6 - pp 387-389.

SUMMARY

RELATIONSHIP BETWEEN DELIRIUM POSTOPERATIVE AND ACUTE PAIN

Haxhire Gani[1], Majlinda Naço[1], Ilir Ohri[1], Mustafa Xhani[1], Vjollca Beqiri[1]

[1]Clinic of Urology, UHC “Mother Teresa", Tirana, Albania

Introduction: *Delirium postoperative has been associated with increased morbidity and mortality and long hospital stay. In this study is seen the link between pain and delirium to the elderly patients at urology.* ***Objectives:*** *The objective of this study is the effectiveness of routine screening a more concise adaption of the (Confusion Assessment Method) CMA, the most widely used instrument for assessing delirium by non-psychiatrits.* ***Metoda:*** *This study includes patients of ages over 65 years old in urology. The study period is from January 2009 to December 2010. Patients' orientation levels are evaluated by assessing the orientation to place and time. And pain levels was evaluated by using*

the verbal analog pain scale (VAS) by 1-10n. Further more information such as surgical procedures, anesthesia, medications, anemia, electrolyte are collected. ***Results:*** *In this study were included 708 patients. Incidence of Delirium is observed in the first 2 days after surgery (disoriented were patients that did not know where they were, did not know that they had undergo the surgery, and that did not answered coherently to questions). These disorders were seen after patient complained of wound pain and burning urination. The incident of delirium in the group where the pain was not well controlled was 22% and in the group who pain was well controlled by receiving adequate analgesics, the incidence of delirium was only 8%. Furthermore, the episodes of delirium were mush shorter to the group with good pain control only 10min ±2min compare with the anther group with no good pain control where delirium episodes would last for as longer as 50min ±12 min.* ***Conclusion:*** *Even though this study was relatively a short study for only two years, routine analysis of patients of this category is important in early detection and early treatment of this disorder. Good pain management reduces the incidence of this disorder. By eliminating delirium risk factors (which as we mentioned above one very important of them is pain) we reduce the incidence of morbidity.*

Key words: *Pain, delirium, VAS*

PUNIM PROFESIONAL / PROFESIONAL PAPER PEDIATRI

ПРЕДИКТИВНА ВРЕДНОСТ НА БИОХЕМИСКИ И КЛИНИЧКИ ПАРАМЕТРИ ПРИ РОДИЛНА АСФИКСИЈА

Елизабета Зисовска[1], Невена Пехчевска[1]

[1]Клиника за гинекологија и акушерство,
Одделение за новородени деца, Скопје, Македонија

Елизабет Зисовска, MD, PhD, педиатар
"Маршал Тито" 6-2/16, 1000 Скопје, Македонија
Tel: +389 2 3147 210 & +389 76 233 242
e-mail: **zisovska@yahoo.com**

РЕЗИМЕ: *Дефиницијата за терминот родилна асфиксија е контроверзна, и со консензус е усвоена таа внесена во Клиничките упатства прифатени од Македонската асоцијација за перинатална медицина за понатамошната стручна комуникација меѓу професионалците од соодветната област. Хипоксијата, било интраутерина, интрапартална или рана постнатална, остава последици врз повеќе органи и органски системи, од кои најтешка е хипоксично-исхемичната енцефалопатија (ХИЕ).* ***Цел****: Целите на нашата студија беа да се одреди зачестеноста на родилна асфиксија и ХИЕ на Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје, да се презентираат резултатите од проценката на новородените деца преку детерминантите на Апгар скорот, да се презентираат резултатите од гасовите во крвта на папочната артерија, да се одреди зачестеноста на хипоксично-исхемичната енцефалопатија и на крајот да се пресмета степенот на корелација меѓу клиничките параметри на Апгар скорот и биохемиските параметри (pH, базен дефицит, pO_2, pCO_2), со појавата на ХИЕ кај доносени деца со родилна асфиксија.* ***Материјал и методи****: Во оваа проспективна кохортна студија испитувани беа доносени новородени деца во тек на шестмесечен период. Влезните критериуми ги исполнија 1745 новородени деца, 95 беа со родилна асфиксија, а 200 здрави деца.* ***Резултатите*** *покажаа дека зачестеноста на родилната асфиксија изнесува 2,7%; со Апгар скор < 7 беа 4,9% од децата, pH< 7,20 во крв од папочната артерија имаа 4,3% од децата, длабок базен дефицит (BD > 10 mEq/l) се сретна кај 2,8%, додека комбинација од сите три рани маркери на асфиксија се сретна кај 2,7% од новородените деца. Статистички пресметаниот коефициент на корелација меѓу маркерите и појавата на ХИЕ покажа високи вредности за длабокиот базен дефицит и за присуството од трите детерминанти заедно (-0,69 и -0,71 соодветно). Во* ***заклучок*** *може да се наведе потребата од рана идентификација на интраутеринатa, интрапарталната хипоксија и брзата интервенција со адекватна реанимација одма после породувањето, како предуслови за успешен развој на доенчињата и малите деца.*

Клучни зборови*: новородено дете, родилна асфиксија, енцефалопатија*

Medicus 2011, Vol. XVI (2):

ВОВЕД

Дефиницијата за асфиксија е контроверзна. Според прифатените Клинички упатства во Република Македонија од страна на Македонската асоцијација за перинатална медицина кои се базирани на докази, родилната асфиксија е дефинирана како „состојба кај новороденото дете каде се среќава следната комбинација:

- Настан или состојба за време на перинаталниот период кога веројатно силно е редуцирано доставувањето на кислородот и води до ацидоза; и
- Слабост на функцијата на најмалку два органи (може да бидат вклучени белите дробови, срцето, црниот дроб, мозокот, бубрезите и хематолошкиот систем) конзистентни со ефектите на акутната асфиксија" (1, 2).

Првиот момент, редукцијата на доставувањето на кислородот до плодот може да се случи пред раѓањето, во тек на самиот акт на породување, или пак при задоцнета реанимација кај плод кој веќе страдал од хипоксија. Хипоксијата како клиничка манифестација на самото раѓање има одраз врз висината на Апгар скорот, кој претставува ориентациона клиничка метода за проценка на виталноста на новороденото во периодот непосредно после раѓањето. Се проценува плодот за пет витални параметри (дишење-плач, боја на кожата, тонус, рефлекси, срцева акција) во првата и петтата минута, а ако и после 5 минути Апгар скорот е понизок од 7, се продолжува со проценка на секои 5 минути сé до постигнување на Апгар скор од 7. Апгар скорот во првата минута повеќе е последица на интраутеринатa состојба, додека Апгар скорот одреден во петтата минута зборува за неколку сегменти, како на пример капацитетот на плодот да се адаптира на надоврешните услови на живот, ефикасноста на започнатата реанимација, и има поголемо значење во предикцијата на натамошниот исход (3, 4).

Вториот момент, засегањето на системските органи, е последица на веќе поминатa родилна асфиксија. Проблемот на родилната асфиксија е во тоа што еднаш доживеана, не може да се лекува, туку целта на неонатологот е да спроведе брза и успешна реанимација, и со супортивни мерки да се минимизираат несаканите ефекти на хипоксијата врз органите и органските системи. Сето тоа се случува во периодот на закрепнување, кога се јавува органската дисфункција, со следните клинички манифестации (5):

1. Депресија на новороденото на раѓањето прикажано со низок Апгар скор и ацидоза, кои не секогаш добро корелираат. Гасовите во крвта на умбиликалната артерија ја документираат ацидозата, хипоксијата и хиперкарбијата кај плодот. Во серија од 30.000 деца, Goldaber10 нашол дека зачестеноста на неонатална смрт и неонатални конвулзии не се зголемувала сé додека pH вредноста во крв од умбиликалната артерија не достигнала pH=7,05. Морталитетот се зголемил до 1,1% за pH <7,05 и до 8% за pH <7,00 (4, 5, 6).
2. Засегање на мосокот во форма на хипоксично исхемична енцефалопатија (ХИЕ)
3. Мултиорганска системска дисфункција

- Компромитирање на бубрежната функција (до 40% од децата со родилна асфиксија);
- Хипоксична кардиомиопатија;
- Пулмонални компликации вклучувајќи респираторен дистрес и перзистентна пулмонална хипертензија кај новороденото дете (до 25% од децата);
- Дисеминирана интраваскуларна коагулција (ДИК);
- Црнодробна слабост
- Некротизириачки ентероколит.

4. Абнормалности на течностите, електролитите и метаболизмот.

Како ризик фактори за појава на родилна асфиксија се сметаат комплицираните бременост, особено оние кои се асоцирани со ослабени плацентарни резерви, проблеми со папочната врвца или проблеми од страна на плодот (7, 8).

Не секое новороденче со родилна асфиксија ги има оштетувањата на органските системи. Некогаш, и очекуваната лесна хипоксија во тек на раѓањето кај ендогено вулнерабилни плодови доведува до мозочно оштетување, што е јасно претставено на Слика 1.

Слика 1.

Слика 1: Секвенца експозиција-одговор-исход.

Зачестеноста на неонаталната ХИЕ најверојатно лежи меѓу 0,3 и 1,8% од сите доносени новородени деца, а кај повеќе од 1/3 случаи со детектирана родилна асфиксија се дијагностицира полесен или потежок степен на ХИЕ (1, 10). Таа има најголемо значење од сите последици, поради тежината на оштетувањето и нејзиниот одраз врз севкупниот развој на детето понатаму. Ризикот од смрт или тежок хендикеп во екстрахирана серија кај децата изнесувал:

- ХИЕ степен 1: 1,6%
- ХИЕ степен 2: 24%
- ХИЕ степен 3: 78%

Пролонгирана енцефалопатија (односно подолго од 6 дена ХИЕ од степен 2) исто така е високо предиктивна за тешка невролошка абнормалност (7, 8, 11).

ЦЕЛ НА ТРУДОТ

Со оглед на тежината на родилната асфиксија како состојба и нејзиното значење за понатамошниот развој на детето, целите на оваа студија беа:

1. да се одреди зачестеноста на родилна асфиксија на Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје
2. да се презентираат резултатите од проценката на клиничката состојба на новородените деца непосредно по раѓањето преку детерминантите на Апгар скорот
3. да се презентираат резултатите од гасовите во крвта на папочната артерија како мерка на долготрајноста на хипоксијата на плодот, односно новороденото дете
4. да се одреди зачестеноста на хипоксично исхемичната енцефалопатија (според клиничката класификација на Sarnat&Sarnat) кај доносени деца со родилна асфиксија
5. да се одреди степенот на зависност (корелација) меѓу клиничките параметри на Апгар скорот и биохемиските параметри (pH, базен дефицит, pO_2, pCO_2), со појавата на ХИЕ кај доносени деца со родилна асфиксија.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Дизајн на студијата: проспективна кохортна студија.

Материјал: доносени новородени деца сукцесивно породени на Клиниката за гинекологија и акушерство, Скопје, Република Македонија, во тек на полугодишен период, поделени во две групи:

а) испитувана група, доносени новородени деца кај кои е поставена дијагноза на родилна асфиксија, и

б) контролна група на 200 сукцесивно породени доносени деца каде не се среќава ниедна рана детерминанта (маркер) за родилна асфиксија: pH од папочната артерија е над 7,20; базниот дефицит (BD) помал од 10 mEq/l и Апгар скор над 7 во петтата минута.

За „доносено“ новородено дете се користеше стандардната дефиниција на Светската здравствена организација, според која доносено новородено дете е секое новороденче кое е

постаро од 37 гестациски недели сметано од првиот ден на последната менструација, независно од родилната тежина.

Методи:

- Проценка на Апгар скор во првата и петтата минута, според скалата на Virginia Apgar (Табела 1)
- Одредување на биохемиските параметри во крв од папочната артерија (pH, BD)
- Проценка на невролошките промени, хипоксично-исхемичната енцефалопатија (ХИЕ) во степени според класификацијата на Sarnat&Sarnat[11] (Табела 2)

Родилната асфиксија се дијагностицираше преку потврда на трите рани детерминанти:

- Низок Апгар скор во петтата минута (помал од 7)
- Низок pH во папочната артерија (pH помал од 7,20) и
- Длабок базен дефицит (поголем од 10 mEq/l)

и потврда на постоење на клинички знаци на засегнат невролошки статус (ХИЕ) (12, 13)

Табела 1.

Параметри за процена на состојбата на новородено одма после раѓањето

параметар	0	1	2
боја на кожата	генерализирана цијаноза или бледа кожа	акроцијаноза	розова
тонус	атонично	хипотонично	добар тонус
срцева акција	нема	под 100 удари/минута	над 100 удари/минута
дишење	отсутно	ирегуларно, отежнато, ечкав плач	добар плач, уредно дишење
рефлекси	отсутни	ослабени	добри (кива, кашла)

Табела 2.

Класификација на хипоксично-исхемичната енцефалопатија (ХИЕ) според Sarnat&Sarnat

параметар	лесна ХИЕ	умерена ХИЕ	длабока ХИЕ
свест	хипералертно	летаргија	кома
тонус	лесно засилен	хипотонија	флакцисност
рефлекси	лесно променети	ослабени	отсутни
држење на телото	флексија	силна флексија	децеребрација
автономен нервен систем	доминира симпатикус	парасимпатикус	депресија
присуство на конвулзии	нема	реактибилни конвулзии	рефрактерни конвулзии

Критериуми за вклучување во студијата:

- Спонтано вагинално раѓање на плод постар од 37 гестациски недели

Критериуми за исклучување од студијата:

- Интраутерин застој во растот
- Конгенитални аномалии

- Породување со вагинални оперативни интервенции
- Породување со царски рез (итен или елективен)

Во самата обработка на пациентите, ниедна од информациите кои се користеа во тек на студијата не содржи податоци кои го разоткриваат идентитетот на пациентот, и сите иследувања се направени во склад со прифатените Клиинчки упатства базирани на докази, така што не беше потребно писмено одобрение од родителите за обработка и презентирање на податоците.

РЕЗУЛТАТИ

Во тек на испитуваниот полугодишен период, породени беа вкупно 2358 доносени новородени деца. Критериумите за вклучување во испитуваната група ги исполнија 1745 пациенти, од кои 95 (5,44%) имаа барем една од детерминантите за рана детекција на родилна асфиксија. Поединечните отстапувања во биохемиските и клиничките параметри се презентирани во Табела 3.

Табела 3

Детерминанти на родилна асфиксија кај доносени новородени деца

Рана детерминанта (маркер)	Број на новородени вкупно n=1745	%
Апгар скор < 7	85	4,9
pH < 7,20	76	4,3
BD > 10 mEq/l	49	2,8
Сите три рани детерминанти	47	2,7

Табела 4.

Компарација на клиничките и биохемиските детерминанти меѓу групите

Компаративно биохемиските и клиничките параметри меѓу испитуваната и контролната група се дадени во Табела 4:

Рана детерминанта (маркер)	Средна вредност	
	Изпитувана група n=47	Контролна група n=200
Апгар скор во петта минута	4,9*	8,2
pH во a.umbilicalis	7,12± 0,03**	7,28± 0,05
Базен дефицит (BD)	-13,17± 2,67mEq/l*	-7,4 ± 1,7 mEq/l

* p<0,05
** p<0,01

Табела 5

Зачестеност на ХИЕ во испитуваната и контролната група

Резултатите за појавата на ХИЕ во двете групи се презентирани на Табела 5.

Тежина на ХИЕ	Средна вредност	
	Испитувана група n=47	Контролна група n=200
Уреден невролошки статус	10 (21,3 %) **	193 (96,5%)
Лесна ХИЕ (прв степен)	23 (48,9 %) **	6 (3%)
Умерена ХИЕ (втор степен)	12 (25,5 %) **	1 (0,5%)
Длабока ХИЕ (трет степен)	2 (4,3 %) *	0

* p<0,05

** p<0,01

За реализирање на последната цел на студијата, статистички беше одредена меѓузависноста на повеќето поединечни детерминанти на родилна асфиксија со појавата на клиничките знаци на хипоксично-исхемичната енцефалопатија. Така се обезбедиа појасна претстава за значењето на секоја детерминанта во појавата на ХИЕ, како најтешка последица од преживеаната родилна асфиксија. Статистичката метода за пресметување на оваа зависност е одредување на коефициентот на корелација за непараметарски (атрибутивни) големини по Spearman. Коефициентите на корелација поединечно се дадени во Табела 6.

Табела 6.

Коефициент на корелација (Spearman) за маркерите на родилна асфиксија

Рана детерминанта (маркер)	Коефициент на корелација по Spearman (R)
Апгар скор < 7	-0,56
pH < 7,20	-0,54
BD > 10 mEq/l	--0,69
Присуство на сите три детерминанти	-0,73

ДИСКУСИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Во нашата студија зачестеноста на родилната асфиксија е нешто повисока отколку во некои други студии, што може да се објасни со нивото на здравствена заштита на институцијата-Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје е терциерна универзитетска установа каде се згрижуваат сите високоризични бремени жени со транспорт „in utero“, кои најчесто резултираат со новородено кое страдало од интраутерина, интрапартална или рана постнатална хипоксија (7, 14, 15, 16).

Од раните детерминанти (маркери) на родилната асфиксија, нискиот Апгар скор (< 7) и нискиот pH од папочната артерија (pH < 7,20) поединечно немаат висок коефициент на корелација со појавата на ХИЕ (-0,56 и -0,54 соодветно), додека длабокиот базен дефицит (BD > 10 mEq/l) има висока меѓузависност со појавата на ХИЕ. Највисок коефициент на корелација со појавата на ХИЕ има комбинацијата, истовременото присуство на трите рани детерминанти (маркери) што е многу важно во раната проценка на ризикот од интраутеринатa и интрапарталана хипоксија. Наодот на 7 случаи на ХИЕ во контролната група од доносени новородени деца без родилна асфиксија ја потврдува секвенцата експозиција-одговор-исход, односно зборува за ендогената вулнерабилност на плодот и новороденото кон нормални услови на снабденост со кислород, мерено преку објективните параметри на гасови во папочната артерија (a.umbilicalis) (18, 19, 20).

Знаејќи ги последиците на родилната асфиксија и присуството на ХИЕ, која е една од најчестите причини за церебрална парализа кај децата, како императив се поставуваат неколку препораки:

- Редовно водење на бременоста и почитување на сите препораки во Клиничкото упатство за антенатална грижа
- Рана детекција на плацентарна иснуфициенција и интраутерина хипоксија
- Транспорт „in utero“ на високоризичните бремени жени во центар од повисоко ниво на здравствена заштита, со што би се намалил ризикот за појава на ХИЕ, затоа што клиничкото водење е насочено кон соодветна и навремена примарна реанимација на новороденото, и кон превенција од хипоксија, хиперкарбија и ацидоза
- Спроведување на сите мерки на супортивна грижа за минимизирање на последиците од веќе појавената ХИЕ.

  Само интегралниот пристап кон бремената жена, родилката и новороденото дете ќе обезбеди оптимални услови за успешен исход (14, 20, 21, 22).

ЛИТЕРАТУРА

1. Perinatal morbidity. Report of the Health Care Committee Expert panel on Perinatal Morbidity. National Health and Medical Research Council. Australian Government Publishing Service. 1995.
2. Carter BS, Haverkamp AD, Merenstein GB. The definition of acute perinatal asphyxia. Clin Perinatol. 1993; 20(2): 287-304.
3. ACOG. Committee Opinion, Number 326, December 2005: Inappropriate Use of the Terms Fetal Distress and Birth Asphyxia.. http://www.acog.org/publications/committee_opinions/co326.cfm. Retrieved June 9, 2010.
4. Goldaber KB, Gilstrap LC III, Leveno KJ. Pathologic fetal acidemia. Obstet Gynecol. 1991; 78: 1103-7
5. Berglund S, C Grunewald, H Pettersson, S Cnattingius. Severe asphyxia due to delivery-related malpractice in Sweden 1990–2005. BJOG. 2008 February; 115(3): 316–323.
6. Sophie Berglund, Mikael Norman, Charlotta Grunewald, Hans Pettersson, Sven Cnattingius. Neonatal resuscitation after severe asphyxia – a critical evaluation of 177 Swedish cases Acta Paediatr. 2008 June; 97(6): 714–719.
7. Thornberg E, Thiringer K, Odeback A, Milsom I. Birth asphyxia: incidence, clinical course and outcome in a Swedish population. Acta Paediatr. 1995; 84(8): 927-932.
8. Tyson JE. Immediate care of the newborn infant. In: Effective care of the newborn infant. Ed: Sinclair JC and Bracken MB. Oxford University Press. 1992; 21-39.
9. Peliowski A, Finer NN. Birth asphyxia in the term infant. In: Effective care of the newborn infant. Eds: Sinclair JC, Bracken MB. Oxford University Press. 1992; Chapter 13; 248-279.
10. Perlman JM, Risser R. Can asphyxiated infants at risk for neonatal seizures be rapidly identified by current high-risk markers? Pediatrics. 1996 Apr; 97(4): 456-62.
11. Sarnat HB, Sarnat MS. Neonatal encephalopathy following fetal distress. A clinical and electroencephalographic study. Arch Neurol. 1976 Oct; 33(10): 696-705.
12. Ming-Chi Lai, San-Nan Yang. Perinatal Hypoxic-Ischemic Encephalopathy. J Biomed Biotechnol. 2011; 2011: 609813. Published online 2010 December 13.
13. Maslova, MV; Maklakova, AS; Sokolova, NA; Ashmarin, IP; Goncharenko, EN; Krushinskaya, YV (2003). "The effects of ante- and postnatal hypoxia on the central nervous system and their correction with peptide hormones.". Neuroscience and behavioral physiology 33 (6): 607–11.
14. A. Tinker, R. Parker, D. Lord, K. Grear. Advancing newborn health: The Saving Newborn Lives initiative.Glob Public Health. 2010 January; 5(1): 28–47. Published online 2009 November 27.
15. Joy E Lawn, Ananta Manandhar, Rachel A Haws, Gary L Darmstadt. Reducing one million child deaths from birth asphyxia – a survey of health systems gaps and priorities. Health Res Policy Syst. 2007; 5: 4. Published online 2007 May 16.
16. Joy E. Lawn at al. Setting Research Priorities to Reduce Almost One Million Deaths from Birth Asphyxia by 2015. PLoS Med. 2011 January; 8(1): e1000389. Published online 2011 January 11
17. Hidetoshi Taniguchi, Katrin Andreasson. The Hypoxic Ischemic Encephalopathy Model of Perinatal Ischemia. J Vis Exp. 2008; (21): 955. Published online 2008 November 19.
18. Stephen N. Wall at al. Neonatal resuscitation in low-resource settings: What, who, and how to overcome challenges to scale up? Int J Gynaecol Obstet. 2009 October; 107(Suppl 1): S47–S64.
19. Ali Fatemi, Mary Ann Wilson, Michael V. Johnston. Hypoxic Ischemic Encephalopathy in the Term Infant. Clin Perinatol.. 2009 December; 36(4): 835–vii.
20. Abbot R. Laptook et al. The Hypothermia Subcommittee of the NICHD Neonatal Research Network Prediction of Early Childhood Outcome of Term Infants using Apgar Scores at 10 Minutes following Hypoxic-Ischemic Encephalopathy. Pediatrics. Author manuscript; available in PMC 2010 February 12.
21. Hannah C. Glass et al. Clinical Neonatal Seizures are Independently Associated with Outcome in Infants at Risk for Hypoxic-Ischemic Brain Injury. J Pediatr. 2009 September; 155(3): 318–323.
22. Levene-MI; Sands-C; Grindulis-H; Moore-JR. Comparison of two methods of predicting outcome in perinatal asphyxia. Lancet. 1986 Jan 11; 1(8472): 67-9.

SUMMARY

PREDICTIVE VALUE OF THE BIOCHEMICAL AND CLINICAL PARAMETERS IN BIRTH ASPHYXIA

Elizabeta Zisovska[1], Nevena Pehcevska[1]

[1]Clinic for Gynecology & Obstetrics,
Department of neonatology, Skopje, Macedonia

The definition of the term "birth asphyxia" is still controversial, and consensually is accepted that one included within the National Guidelines, approved by the Macedonian Perinatal Association for further professional communication in the appropriate field. The hypoxia, either intrauterine, intrapartum or during the earliest postnatal period causes consequences on the organs and systems, and the most severe is hypoxic-ischemic encephalopathy (HIE). Thus, the ***Aims*** *of our study were to determine the incidence of the birth asphyxia on the Gynecologic & Obstetric Clinic in Skopje, to present the results of the neonatal assessment through the clinical determinants of Apgar score, results of the blood gases in the umbilical artery, to determine the frequency of the HIE, and at the end to calculate the correlation coefficient between the clinical and biochemical determinants of birth asphyxia with the occurrence of HIE.* ***Material and methods****: in this prospective cohort study, full term newborns were investigated during a half-year period. Inclusion criteria were matched by 1745 newborns, 95 in the investigated group, and 200 in control group. The* ***Results*** *showed the incidence of birth asphyxia of 2,7%; Apgar score <7 had 4,9% of the newborns, pH,7,20 was found in 4,3% of the babies, base deficit>10 mEq/l had 2,8%, and combination of all three early markers was found in 2,7%. Statistical calculation of the correlation coefficient between the markers and HIE occurrence had highest value for the base deficit and combination of the three markers (-0,69 and -0,73 respectively). As a* ***Conclusion*** *could be drawn that the need for early identification of the intrauterine, intrapartum hypoxia, and early intervention by appropriate resuscitation is a precondition for successful development of the infants and children at all.*

Key words: *Newborn, birth asphyxia, encephalopathy*

PUNIM PROFESIONAL / PROFESIONAL PAPER FIZIOTERAPI

ПРИМЕНА НА ЕРГОНОМСКИ ПРИНЦИПИ И КИНЕЗИТЕРАПИЈА ВО ПРЕВЕНЦИЈА НА ЛУМБАЛНА БОЛКА

Снежана Лазаревска[1], Хелена Лазаревска[1], Розалинда Исјановска[2], Зумрете Јакупи[3,2]

[1]Центар за физикална и кинезитерапија, "Ласер Мед", Скопје, Македонија
[2]Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика Медицински факултет, Скопје, Македонија
[3]ДЦМУ, "Панче Караѓозов", Скопје, Македонија

Снежана Лазаревска, физиотерапевт Мр. сци.
Јане Сандански 25/3-15, Скопје, Македонија
Тел: 070338754
e-mail: **snezana68@yahoo.com**

32. EPA. "Fact Sheet: Low Impact Development and Other Green Design Strategies." October 9, 2008.
33. California Stormwater Quality Association. Menlo Park, CA. "Stormwater Best Management Practice (BMP) Handbooks." 2003.
34. New Jersey Department of Environmental Protection. Trenton, NJ. "New Jersey Stormwater Best Management Practices Manual." April 2004
35. Guidelines for drinking-water quality, Second Edition, World Health Organisation, Geneva. 1993.
36. 'Water Quality, Interpretation and Standarts'; EPA (Enviromental Protection Agency) 2001. Website: www.epa.ie

37. Chemical- limnological, assessment of the water, quality of the bovilla, reservoir focused on drinking, water use'. A. Çullaj, S. Duka, L. Pjeshkazini, 2008.
38. Drinking Water Quality Standarts.Waterford, Wisconsin 53185. Copyright 2003 Edstrom Industries, Inc. All rights reserved.
39. In addition to these Directives there is an important related EU document which is relevant in the context of the present volume although it will be supplanted by an Annex of the Water Framework Directive (with a similar purpose):Communication from the Commission to the Council on dangerous substances which might be included in List I of ,Council Directive 76/464/EEC. [*O.J.*, C 176. 14 July 1982]. (The so-called "List of 129 Substances") 2 O. J. denotes the Official Journal of the European Communities in which Directives etc are published 3 EDC: 1,2-Dichloroethane: TRI: Trichloroethylene: PER: Perchloroethylene; TCB: Trichlorobenzene.
40. Chemical-limnologjik assessment of water quality of catchments to Bovilla focused on water use drinking. Chemical-limnological assessment of the water quality of the reservoir bovilla Focused on drinking water use A. Çullaj, S. Duke, L. Pjeshkazini, PHI, 2006.
41. Statutory Instrument 1989 No. 1147". The Water Supply (Water Quality) Regulations 1989. Office of Public Sector Information,,(OPSI)., 6 July 1989. http://www.opsi.gov.uk/si/si 1989/ Uksi_ 19891147 _en_1.htm. Retrieved 26 June 2009.
42. WHO. 2000. World Health Organization. Global water supply and sanitation assessment 2000 report.http://www.who.int/docstore/water_sanitation_health/Globassessment/GlobalTOC.htm.
43. UNICEF at 2000 with data available are at 100% are industrialized countries.
44. Ministry of Health, since 2010, Data Summary by Year 2006-2007-2008-2009, hospitalization with Dg: Salmonellas, shigellosis, Gastro-intestinal diseases non-infectious.
45. Institute of Public Health 2010, Abstract data for hepatitis A outbreaks according 2006-2007-2008-2009 endemic for years.
46. Information on quality control of drinking water in Tirana during the outbreak in July - 2006 and 2007 content for bacterial contamination by E. coli. Water & Sanitation Unit-IPH-Tirane.

SUMMARY

WATER POLLUTION IN ALBANIA IN RELATION WITH MORBOSITY AND HOSPITAL ADMISSION IN ALBANIA

Pirro Prifti[1], Valbona Bara[1], Arben Luzati[1], Lida Hysa-Petrela[1], Sonila Zerelli[1]

[1]Public Health Institute of Tirana, Albania
University "Alexander Moisiu", Durres, Albania

The aim of this study is the relationship of water pollution of drinking water because of its poor quality, and its impact on the admission of infected patients in hospitals in Albania. The article is based on Institute of Public Health (PHI),Ministry of Health MoH, and data from infective hospitals of the Republic of Albania. The data were analyzed for the period 2006-2009 and from them was evaluated outstanding issues that are: (1) Contamination of tapped water due to old water pipelines in all Albanian cities; (2) Casting problems due to insufficient of chlorine especially to clear infective bacteria from the tapped water storage and water tank to the palaces, private houses and wells (3) Related problems with delays of collecting water samples for analyses , deducing results from them, and taking appropriate measures. Patients were divided in the groups. From them were analyzed four group of patients admitted in s hospitals with these infections: Shigella, Salmonella, Hepatitis A, and Gastro-intestinal infections with undetermined infectious origins (these divisions are set by MH). Patients were divided in groups with patients 0 to 15 years, and over 15 years, patients from rural areas and patients admitted in infective hospitals from the cities. Were analyzed admission from 2006 to 2009, and were taken data by 8622 patients admitted in-2006, 6918 patients admitted in -2007 , 13.992 patients admitted in -2008, 8417 patients admitted in -2009. Statistical analysis shows that there was no trend for diminishing of above mentioned infections ($p < 0.05$) as for infections of Shigela bacteria and the Gastro-intestinal infections with undetermined etiology influence on disease incidence (R2 = R2 = 0835 and 0874 respectively). As for Hepatitis A infections has not enough data. Only in 2006 during endemic of Hepatitis A infection at Tirana has

been infected 640 patients, but 69% from total of 540 cases were children. Main recommendations are: repair of old water pipelines, chlorination of tapped water with correct chlorine dosage, close collaboration of Public Health Institute, Sanitary Epidemiological Departments of Districts with Local authority Governments, and frequent checks of the rural areas.

Key words: Water pollution, Salmonela infections, Shigela Infections, Hepatitis A, Gastro-enteritis disease, Chlorine.

PUNIM PROFESIONAL / PROFESIONAL PAPER
EPIDEMIOLOGJI-BIOSTATISTIKË-INFORMATIKË MEDICINALE

ДИСПАРИТЕТИ ВО ГЕОГРАФСКАТА И ЕКОНОМСКАТА ДОСТАПНОСТ ДО ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА - ПРОБЛЕМ ИЛИ НЕ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

Весна Велиќ Стефановска[1], Миодрага Стефановска[2], Розалинда Исјановска[1]

[1]Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика,
Медицински факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија
[2]Факултет за деловна економија и организациони науки, Скопје, Македонија
Универзитет Американ Колеџ, Скопје, Македонија

Весна Велиќ Стефановска, лекар епидемиолог, професор
Медицински факултет Скопје, Македонија
Tel. (+389) 70 254 621
e-mail: **vesnamia@t-home.mk**

РЕЗИМЕ: Подобрувањето на генералната здравствена состојба на светската популација претставува глобален предизвик кој иницира потреба за длабоки промени во националните здравствени политики. Достапноста до здравствената заштита се издвојува како важна детерминанта за здравствениот статус на населението. **Цел:** Трудот се однесува на диспаритетите во економската и географската достапност до здравствената заштита со цел за потенцирање на важноста за нивно препознавање и превенирање. **Материјал и методи:** Релевантни публикации и извештаи за географската и економската достапност до здравствената заштита беа селектирани и анализирани. **Резултати:** Направен е преглед на резултатите од истражувањата за диспаритетите во географската и економската достапност до здравствената заштита со фокус на Р.Македонија, европскиот регион и новите независни држави. Делот за географската достапност ја се однесува на дистрибуцијата на квалификуван здравствен персонал и достапноста до современи медицински интервенции и лекови. Делот за економската достапност ги обработува апектите на здравственото осигурување, ниски лимитирани буџети за здравствените установи и доплатата при здравствената заштита. **Заклучок:** За Република Македонија, посебно поради мултиетничката структура и впечатливите социо-економски и рурално-урбани разлики, диспаритетите во географската и економската достапност до здравствената заштита се сериозен предизвик за актуелните реформски процеси во здравството. Неопходни се дополнителни истражувања за согледување на големината на овој проблем и за негово превенирање во Република Македонија.

Клучни зборови: Достапност до здравствената заштита, диспаритети, економска достапност, географска достапност, здравствени услуги, Европа, нови независни држави

Medicus 2011, Vol. XVI (2):

ВОВЕД

Најосновното човеково право е правото на достапност до ефективна здравствена заштита која обезбедува превенирање на болести и одржување на добро здравје, а во случај на болест овозможува навремено и правилно лекување со намалување на страдањата и ослободување од болка. За многу милиони луѓе во светот, дури и во развиените и богати европски земји, достапноста до здравствената заштита не соодветствува во целост на нивните потреби. Доминира примерот на неправедност - најмала достапност до здравствената заштита имаат оние на кои таа им е најпотребна (1).

Подобрувањето на генералната здравствена состојба на светската популација претставува глобален предизвик кој иницира потреба за длабоки промени во националните здравствени политики. Диспаритетите т.е. нееднаквостите во здравствената заштита, освен во неколку мали исклучоци, укажуваат на полоша здравствена состојба во руралните средини споредено со урбаните т.е. кај малцинските групи споредено со останатиот дел од популацијата и тоа во услови на исти или слични здравствени навики и однос кон здравјето. Иако за диспаритетите во здравствениот статус на една или повеќе популациони групи може да придонесат низа фактори, за дел од нив и покрај објективното постоење во пракса постојат лимитирани научни докази (2, 3, 4).

Одредени аспекти на системот за здравствена заштита, согласно научните истражувања, имаат големо влијание врз здравјето на популацијата. Резултатите се посебно сигнификантни кога предмет на истражувањето е местото на живеење или малцинските групи, а ги влучува но не е лимитирано на расположливоста и достапноста до здравствената заштита (4, 5). Трудот се однесува на нееднаквостите во економската и геогрфската достапност до здравствената заштита и нивното влијание на диспаритетите во здравствениот статус на населението со цел за потенцирање на важноста за навремено препознавање и превенирање.

ЦЕЛ НА ТРУДОТ

Трудот се однесува на диспаритетите во економската и географската достапност до здравствената заштита со цел за потенцирање на важноста за нивно препознавање и превенирање.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Со посебен фокус на земјите од европскиот регион и новите независни држави, спроведено е пребарување на истражувањата кои се однесуваат на достапноста до здравствената заштита објавени на PubMed и MEDLINE, електронските публикации и извештаи на релевантни меѓународни организации, серии на публикации на Europen Observatory on Health Systems and Polices на Health System of Transition и на други релевантни извори. Релевантните публикации и извештаи за географската и економската достапност до здравствената заштита беа селектирани, систематизирани согласно податоците и примерите од интерес и анализирани. Направен е преглед на достапните податоци за диспаритетите во географската и економската достапност до здравствената заштита на Р.Македонија, земјите од европскиот регион и новите независни држави.

Географска достапност

Географската достапност се однесува на локацискатa односно физичката достапност до здравствената заштита на населението во однос на местото на живеење. При тоа, покрај рурално-урбаните разлики, предмет на анализа се и разликите во рамките на самата урбана средина како и поврзаноста со припадност на малцинска група. Истражувачите се истомисленици за ставот дека географските диспаритети во здравството се повеќе одраз на регионалните феномени на здравствените и економските политики, отколку на посебен однос кон одредени малцински групи (6).

Идеата за еднаквост во географската достапност до здравствената заштита за прв пат ја иницира Tudor Hart во 1971 година преку анализата на примерот на рударите кои работеле во

рудниците за јаглен во Велс. Тој укажува дека достапноста до здравствената заштита има интенции да биде инверзна со потребите на населението. Во своето дело "Закон за инверзна заштита" тој забележал дека здравствените служби се помалубројни а можностите за здравствена заштита се помали во деловите каде морбидитетот на населението е поголем (7).

Најновите истражувања во светот потврдуваат дека местото на живеење влијание на географската достапност до здравствените служби, а со тоа и на степенот и квалитетот на здравствената заштита која ја добива пациентот (6, 8, 9, 10, 11). Ова резултира со забележливи диспаритети во здравствениот статус на населението, а посебно на малцинските групи кои генерално живеат во полошо опкружување од она во која живее доминантното население (12, 13). Истражувањата во земјите на северна Европа, на пример студиите во Шведска, укажуваат на постоење на кластерска дистрибуција на приватните специјалисти кои се финансирани од државата, при што тие се значително помногубројни, а со тоа и подостапни во деловите каде живее побогато население (14). Нерамномерна дистрибуција на болничките кревети како и на специјалистичкиот кадар по профили според податоците за 2005 година на Институтот за јавно здравје е регистриран и во Република Македонија (15).

Аспекти на здравствената заштита од посебен интерес за географската достапност се: (а) присуство на квалификувани здравствени работници; (б) одалеченост од главните болници; (в) достапност до специјалистичките служби; (г) достапност до превентивните активности; (д) достапност до аптеки и лекови од позитивната листа; (ѓ) ефективност на ургентните служби; (е) квалитет на здравствената инфраструктура и опрема итн. Текстот кој следи се однесува на искуствата од истражувањата за дистрибуцијата на квалификуван здравствен персонал и достапноста до современи медицински интервенции и лекови.

Квалификуван здравствен персонал

Baicker дефинира неколку видови на географски детерминирани бариери во достапноста до здравствената заштита и прави споредба помеѓу малцинските групи и мнозинското население. Тој прв го иницира прашањето на дистрибуцијата на даватели на здравствени услуги, ја евалуира нивната работа и укажува дека малцинските групи генерално живеат во области каде персоналот е помалку стручен, а квалитетот на здравствените услуги многу полош (6).

Многу земји, како приоритет во својата здравствена политика, ја истакнуваат потребата од рамномерна географска дистрибуција на квалификувани здравствени работници. Ова претставува голем предизвик поради отпорот на здравствените професионалци да работат во рурални, сиромашни или изолирани региони што крајно резултира со диспаритети во здравствениот статус на локалното население. На пример во одредени рурални области во Георгија, Литванија, Бугарија, Украина и Норвешка пациентите се лишени од правото за избор на матичен лекар, второ мислење или генерално отстварување на примарната здравствена заштита поради недоволен број или отсуство на матични лекари (16, 17, 18, 19). Не е изолиран и примерот на Арменија, каде спротивно на дистрибуцијата на популацијата, две третини од здравствените професионалци работат во главниот град (20). Податоците од Р. Македонија укажуваат на диспропорција помеѓу бројот на матичните лекари во градските и селските средини, што на лицата во руралните средини им го отежнува правото на избор на матичен лекар. Во однос на лекарите специјалисти, тие се најмногу лоцирани во главниот град а нивниот број е генерално помал од потребниот (21). Впечатливо мал број на матични лекари и ретко кога некој матичен гинеколог прифаќаат да работат во средини со Ромско население под изговор дека работата со оваа популација е тешка (22). Согласно истражувањата, здравствените работници кои прифатиле да работат во руралните или изолирани средини или со малцински групи, најчесто се соочуваат со прекумерно оптеретување, ограничени средства, лоша хигиена, неможност за целосен третман на пациентите како и изолираност во смисол на можност за континуирана медицинска едукација (23).

Современи медицински интервенции и лекови

Baicker укажува на сигнификантна поврзаност помеѓу географските варијабли и расположливоста на медицинските процедури (8). Во однос на современите медицински интервенции постојат индикатори за диспаритети во географската дистрибуција на нови

апарати како и на популацијата која ги користи. Истражувањата укажуваат дека малцинските групи како и жителите во руралните средини имаат помали можности за користење на современ медицински третман бидејќи живеат во региони каде новите техники и интервенции не се на располагање (6, 8, 24, 25). Во основа на ваквите примери е испреплетувањето на проблемите со географската и економската достапност до здравствените услуги со што пациентите се жртви на двојна бариера - немаат можност да добијат здравствена услуга бидејќи истата не се прави во или блиску до нивното место на живеење, а спречени се да патуваат поради финансиски проблеми. Тешкотиите со кои се соочуваат пациентите за да дојдат до соодветната здравствена установа делува и на степенот на генералното користење на здравствените услуги земајќи ги во предвид потребното време, финансиите и физичкиот напор за да се стигне до здравствената установа (26).

Евидентни се и последиците врз квалитетот на достапните здравствени услуги во одредени региони како последица на слабости во инфраструктурата, опремата, информативно-комуникацискиот систем итн. Субстандардните услови за работа комбинирани со недостатокот на опрема во здравствените објекти во некои рурални подрачја во Република Македонија се причина за бајпас на примарната здравствена заштита од страна на локалното население и барање на медицинска помош во урбаните средини (21). Анализите во руралните региони во Бугарија, како причина за неефикасното работење на службите за итна медицинска помош ги истакнуваат лошата патна инфраструктура како и недостатокот на ајродроми и хелиодроми за брз транспорт на критично болните пациенти (17). Овој пример не е единствен. Според истражувањата во некои земји на ЕУ времето на чекање на итна медицинска помош во руралните области е значително подолго од просекот (27).

Неоспорно е и влијанието на географските варијабли врз намалена достапност до одредени лекови. Диспаритетите во достапноста до лековите се евидентирани како на ниво на делови на град така и во односот село-град. Во студија спроведена во Њујорк согледано е дека од 347 аптеки, 51% немале адекватно снабдување со лекови против силна болка (28). Најголемиот дел од аптеките кои ги немале адекватните лекови против болка биле лоцирани во населби во кои живееле малцински групи. Според интервјуата направени со фармацевтите вклучени во студијата причина за немањето на овие лекови бил стравот од кражби, малата побарувачка, потребата од голема администрација која го прати издавањето на овие лекови, рутински пропуст итн. Во Романија, бројот на регистрираните аптеки во урбаните средини е трипати поголем од оној во руралните и покрај фактот дека скоро половина од населението живее во селата (29). И во Р.Македонија евидентирани се разлики и до 9 пати на 1000 жители во расположливоста на бројот на аптеки кои имаат договор со ФЗОМ односно работат со лекови од позитивната листа (30).

Економска достапност

Економската достапност до здравствената заштита се однесува на финансиската моќ на поединецот, во рамките на здравствениот систем, да плати за лекувањето кое му е потребно. Анализите укажуваат дека по транзицијата во пазарна економија, во земјите на централна и источна Европа, економските бариери се најважен лимитирачки фактори во остварувањето на здравствената заштита (31). Како последица на проблемите со економската достапност, бројот на луѓето кои го одложуваат потребниот медицински третман или се откажуваат од него поради недостаток на финансии е во постојан пораст. Овој тренд е поттикнат со намалувањето на финансиските средства кои државата ги одделува за здравството, ниските плати на здравствениот персонал и висината на формалното и неформалното само-финансирање за здравствените услуги и лекови (32).

Студии во Белгија укажуваат дека пациентиет со хронични заболувања трошат околу 23% од своите приходи за лекување, една третина од населението се соочува со тешкотии при плаќањето за медицинска грижа, а 8% од семејствата ја одложуваат медицинската интервенција поради цената (33). Околу 50% од популацијата во Арменија, Георгија и Република Молдова и при симптоми на болест не бара лекарска помош поради немање на можност да ја плати (31). Популациони групи од руралните средини во Романија и Грција и покрај здравственото осигурување се соочува со финансиски проблем во остварувањето на здравствените услуги

поради неопходноста од доплата (27). Се проценува дека поради сиромаштија есенцијалните лекови не им се достапни на околу 79% од Ромите во Р.Македонија (22).

Здравствено осигурување

Во многу земји од европскиот регион на СЗО, диспаритетите во економската достапност до здравствената заштита постојано расте. Еден од факторите кои допринесуваат за фрагментиран и редуциран квалитет на здравствената заштита на различни популациони групи е неможноста за остварување на здравствено осигурување како и содржината на здравствените пакети. Населението од руралните средини како и малцинските групи, поради недостатокот на средства, најчесто се решава за поевтини здравствени пакети со што добиваат на располагање и ограничен број на здравствени услуги. Ова подразбира дека за секоја здравствена интервенција која е надвор од здравствениот пакет мора да се доплати (34). Според квантитативните истражувања 60% од лицата со економски проблеми не ги купуваат пропишаните лекови, а 27% од мажите и 28% од жените кои се соочуваат со недостаток на финансии се откажуваат од медициска грижа иако истата им е потребна (35). Продувањето во домашни услови е во постојан тренд бидејќи семејствата не се во можност да си ги дозволат трошоците за болничкото сместување на родилката (36). Околу 70% од сиромашното население во Киргистан и Тајикистан како и околу 250.000 луѓе во Шветска не можат да си дозволат да ги купат пропишаните лекови (36, 37). Во Босна и Херцеговина, рурално-урбаните разлики во моќта на населението да си приушти здравственото осигурување како и недостатокот на можности за трансвер на бенефициите на осигуреникот низ земјата допринесуваат за диспаритети во достапноста до одредени здравствени услуги (38). Не користењето на услугите на специјалистичките служби е посебно евидентно меѓу пациентите кои немаат здравствено осигурување (39).

Покрај жртвувањето на здравјето поради финансиската немоќ за оставарување на здравствената заштита, се поголем број на луѓе стануваат стигматизирани. Во 2000 година, владата на Франција иницира спроведување на реформа со цел на популацијата без здравствено осигурување да и се овозможи добивање на здравствена заштита и тоа со најмала можна стигматизација (40).

Ниски лимитирани буџети

Економската достапност се однесуваат и на наметнатите ниски лимити од страна на здраствените авторитети за висината на дозволените финансиски трошоци по интервенција. Ова поттикнува не само диспаритети во давањето на здравствените услуги туку сигнификантно делува и на квалитетот на здравствената заштита. Медицинските интервенции каде има ниска стапка на рефундирање на трошоците за лекарите и болниците, се асоцирани со популација на сиромашни пациенти кои најчесто припаѓаат на малцинските групи и генерално се третираат еднакво но согласно воспоставени стандарди за лимитирани средства (34). Во овие установи хоспитализацијата, хуманоста, дијагнозата и изворите за третман имаат тенденција да бидат ниски, а даватели на здравствена заштита се најчесто студенти или лекари на специјализација со мало искуство. Иако се соочуваат со лош квалитет на здравствена заштита, за овие пациенти се недостапни приватните лекари и болниците каде генерално има многу повеќе високо тренирани даватели на услуги и расположива медицинска опрема (34). Според истражувањата, примарната здравствена заштита за сиромашните жени во Бугарија е со полош квалитет, а во Тајикистан малцинските групи се соочуваат со ограничена достапност до специјалистичките служби (35, 41).

Резултатите од истражување за квалитетот на медицинската грижа во Њујорк, укажуваат на диспаритети во јатрогените повреди предизвикани од субстандардна медицинска грижа (42, 43). Ова е посебно видливо во болниците во кои мнозинството на пациенти припаѓаат на малцинските групи (44). Најчесто со цел за спроведување на политиката за буџетско штедење, лекарите кои работат во здравствени установи без специјалистички служби имаат тенденција да не ги праќаат своите пациенти во болници каде постојат вакви служби (39).

Доплата

Важен аспект на економската достапност е наметнувањето на формалната доплата за одредени здравствени услуги. Ваквото само-финансирањето преставува оптоварување за секој пациент но посебно за оние со мали приходи при што не ретко е причина и за нивно дополнително осиромашување. Според истражувањата во Латвиа, сиромашното население од руралните средини е со најголема веројатност да се соочи со финансиски банкрот заради доплата за здравствени услуги (45). За болничко лекување во Казакстан, сиромашните пациенти се принудени да платат двојно повеќе од својот месечен приход. Во оваа земја плаќањето е проблем дури и за богатите, за кои истиот трошок претставува половина од месечниот приход (46). Слабостите на јавното здравство на Р.Македонија во однос на апаратура, реагенси, стручен кадар, листите на чекање итн., ги принудува осигуреници во интерес на времето дел од потребните медицински услуги да ги прават во приватните здравствени установи на свој трошок.

Во земјите на источна Европа и новите независни држави евидентно е постоењето на т.н. "неформална доплата" за услугите во јавното здравство кои званично се бесплатни. Може да биде во облик на пари или поклон. Ова претставува дополнително и тешко одбегливо оптоварување за буџетот на пациентите при остварувањето на здравствената заштита. По дефиниција, неформалната доплата е илегална и за неа не постои запис за трансакцијата. Таа поттикнува ерозија и процес на несопирлива пропаѓање на јавното здравство, бидејќи средствата од пациентите ги трансверира директно до давателите на здравствени услуги, а трошоците во јавниот сервис ги прави слични на оние во комерцијалното здравство (32, 47). Во Арменија и Азербеџан консеквентно, 91% односно 78% од пациентите се принудени на неформална доплата, а просечната висина на оваа доплата во Бугарија изнесува 21% од минималната месечна плата (41). Во Албанија е забележано драматично зголемување на процентот на пациентите кои се принудени на неформална доплата и тоа од 20% во 1996 година на 80% во 2000 година (46). Иако неформалната доплата во здравството претставува актуелна тема во Р.Македонија, нема официјални истражувања на таа тема.

Доплатата во здравството, одредени автори ја нарекуваат "медицинска јамка на сиромаштија" (48). Поради последиците кои може да ги предизвика, доплатата за есенцијалната здравствена грижа и лекови независно дали е формална или неформална, потребно е да биде предмет на постојана анализа дури и тогаш кога официјално не ги води луѓето во сиромаштија (32).

ЗАКЛУЧОК

Диспаритетите во географската и економската достапност до здравствената заштита имаат силно влијание врз степенот на користењето и квалитетот на здравствените услуги, а со тоа и врз здравствениот статус на населението. Проблемите со географската и економската достапност стануваат се поевидентни во земјите на источна Европа и новите независни држави. Оптимистички е фактот дека најголемиот дел од овие земји ја следат политиката на транспарентно споделување на резултатите од истражувањата на оваа тема со што го отвараат патот за подигнување на јавната свест за потребата од потенцирање на важноста, препознавање и надминување. За Р. Македонија, посебно поради мултиетничката структура и впечатливите социо-економските и рурално-урбани разлики, диспаритетите во географската и економската достапност до здравствената заштита се сериозен предизвик за актуелните реформски процеси. За согледување на големината на овој проблем и за негово превенирање во Р. Македонија неопходни се дополнителни истражувања.

РЕФЕРЕНЦИ

1. Whitehead Margaret, Göran Dahlgren. Concepts and principles for tackling social inequities in health. World Health Organization 2006, reprinted 2007
2. Velik Stefanovska V, Stefanovska M. (2010). Disparities in health care – patient related factors. Acta Morphologica. Vol 7 (2): 54 - 58

3. Stefanovska M, Velik Stefanovska V, Isjanovska R. (2010). Understanding disparities in health care. Physioacta. Vol.4 - No 2: 129-136
4. Henry J. Kaiser Family Foundation (KFF).(1999). "A Synthesis of the Literature: Racial and Ethnic Differences in Access to Medical Care" .
5. Smedley BD, Stith AY, & Nelson AR. (2003). *Unequal treatment: Confronting racial and ethnic disparities in healthcare*. Washington, DC: National Academy Press.
6. Baicker K, Chandra A, & Skinner JS. (2005). Geographic variation in health care and the problem of measuring racial disparities. *Perspectives in Biology and Medicine, 48*, S42–S53.
7. Hart JT (1971). The inverse care law. *Lancet*, 1(7696): 405–412.
8. Baicker K, Chandra A, Skinner JS, & Wennberg JE. (2004). Who you are and where you live: How race and geography affect the treatment of medicare beneficiaries. *Health Affairs (Project Hope), (Suppl Web Exclusive),* VAR33–VAR44.
9. Fulcher C, & Kaukinen C. (2005). Mapping and visualizing the location HIV service providers: An exploratory spatial analysis of Toronto neighborhoods. *AIDS Care, 17*, 386–396.
10. Kaukinen C, & Fulcher C. (2006). Mapping the social demography and location of HIV services across Toronto neighbourhoods. *Health & Social Care in the Community, 14*, 37–48.
11. McPherson K, Wennberg JE, Hovind OB, & Clifford P. (1982). Small-area variations in the use of common surgical procedures: An international comparison of New England, England, and Norway. *The New England Journal of Medicine, 307*, 1310–1314.
12. Susi L, & Mascarenhas AK. (2002). Using a geographical information system to map the distribution of dentists in Ohio. *Journal of the American Dental Association, 133*, 636–642.
13. Vanasse A, Niyonsenga T, Courteau J, Gregoire JP, Hemiari A, Loslier J, et al. (2005). Spatial variation in the management and outcomes of acute coronary syndrome. *BMC Cardiovascular Disorders, 5*, 21.
14. Dahlgren G (1994). Framtidens sjukvårdsmarknader – vinnare och förlorare? [Health care markets of the future – winners and losers?]. Stockholm, Bokförlaget Natur och Kultur (in Swedish).
15. Government of the Republic of Macedonia, Skopje, Republic of Macedonia. (2007). "Health Strategy of the Republic of Macedonia 2020".
16. Chanturidze T et al. (2009). Georgia: health system review. *Health Systems in Transition*, 11(8):1–116
17. Georgieva L et al. (2007). Bulgaria: health system review. *Health Systems in Transition*, 9(1):1–156
18. Tragakes E et al. (2008). Latvia: health system review. *Health Systems in Transition*, 10(2):1–253
19. Straume K, Shaw D (2010). Effective physician retention strategies in Norway's northernmost county. *Bulletin of the World Health Organization*, 88:390–394
20. Hakobyan T et al. (2006). Armenia: health system review. *Health Systems in Transition*, 8(6):1–180
21. Gjorgjev D et al. (2006) The former Yugoslav Republic of Macedonia: health system review. *Health Systems in Transition*, 8 (2):1-98
22. *Amnesty International. EUR 65/003/2007*
23. EURIPA (2010). Research − a collaborative analysis of public health and health service issues in rural areas [web site]. Newton, European Rural and Isolated Practitioners Association
24. Kurth T, Kase CS, Berger K, Schaeffner ES, Buring JE, & Gaziano JM. (2003). Smoking and the risk of hemorrhagic stroke in men. *Stroke, 34*, 1151–1155.
25. Zipes DP, Libby P, Bonow RO, & Braunwald E. (Eds.). (2005). *Braunwald's heart disease* (7th ed.). Philadelphia: Elsevier-Saunders.
26. Phibbs CS, & Luft HS. (1995). Correlation of travel time on roads versus straight line distance. *Medical Care Research and Review, 52*, 532–542
27. EC (2008). *Poverty and social exclusion in rural areas. Final study report.* Luxembourg, Office for Official Publications of the European Communities
28. Morrison RS, Wallenstein S, Natale DK, Senzel RS, & Huang LL. (2000). "We don't carry that" – Failure of pharmacies in predominantly nonwhite neighborhoods to stock opioid analgesics. *The New England Journal of Medicine, 342*, 1023–1026.
29. Vladescu C et al. (2008). Romania: health system review. *Health Systems in Transition*, 10(3):1–172
30. Health Insurance Fund of Republic of Macedonia (Internet). Republic of Macedonia. (Cited 2010). Available from: http://www.fzo.org.mk/default.asp?ItemID=8206BAD85007AB4387CE83CEC888019A
31. Walters S, Suhrcke M (2005). Socioeconomic inequalities in health and health care access in central and eastern Europe and the CIS: a review of recent literature. Copenhagen, WHO Regional Office for Europe
32. Dahlgren G, Whitehead M (2007). European strategies for tackling social inequities in health: Levelling up Part 2. Copenhagen, WHO Regional Office for Europe (Studies on social and economic determinants of population health, No. 3).

33. Louckx F (2002). Patient cost sharing and access to care. In: Mackenbach J, Bakker M, eds. Reducing inequalities in health: a European perspective. London,Routledge: 188–198.
34. Smedley BD, Stith AY, & Nelson AR. (2003). *Unequal treatment: Confronting racial and ethnic disparities in healthcare*. Washington, DC: National Academy Press.
35. Wamala S et al. (2006). Dålig ekonomi stoppar sjuka från att söka läkare [Bad economy stops sick from seeking care]. *Dagens Nyheter*, 20 February 2006 (in Swedish).
36. Falkingham J (2004). Poverty, out of pocket payments and access to health care: evidence from Tajikistan. *Social Science and Medicine*, 58(2):247–258.
37. National Board of Health and Social Welfare (2002). *Vårdens värde[The value of care]*. Stockholm, National Board of Health and Social Welfare.
38. WHO (2007). *Country cooperation strategy: Bosnia and Herzegovina*. Geneva, World Health Organization
39. Leape LL, Hilborne LH, Bell R, Kamberg C, & Brook RH. (1999). Under use of cardiac procedures: Do women, ethnic minorities, and the uninsured fail to receive needed revascularization? *Annals of Internal Medicine, 130*, 183–192.
40. Ziglio E et al, eds (2003). *Health systems confront poverty*. Copenhagen, WHO Regional Office for Europe (Public Health Case Studies Series, No. 1
41. Balabanova D, McKee M (2002). Access to health care in a system in transition: the case of Bulgaria. *International Journal of Health Planning & Management*, 17(4):377–395.
42. Brennan TA, Leape LL, Laird NM, Hebert L, Localio AR, Lawthers AG. et al. (1991). Incidence of adverse events and negligence in hospitalized patients. Results of the Harvard Medical Practice Study I. *The New England Journal of Medicine, 324*, 370–376.
43. Brennan TA, Leape LL, Laird NM, Localio AR, & Hiatt HH. (1990). Incidence of adverse events and negligent care in hospitalized patients. *Transactions of the Association of American Physicians, 103*, 137–144.
44. Brennan TA, Hebert LE, Laird NM, Lawthers A, Thorpe KE, Leape LL, et al. (1991). Hospital characteristics associated with adverse events and substandard care. *JAMA: The Journal of the American Medical Association, 265*, 3265–3269.
45. WHO (2009b). *Access to health care and the financial burden of out-of-pocket payments in Latvia*. Geneva, World Health Organization.
46. Lewis M (2000). *Who is paying for health care in Eastern Europe and Central Asia?* Washington DC, Human Development Sector Unit, Europe and Central Asia Region, World Bank.
47. Killingsworth J. (2003).*Formal and Informal Fees for Health Care* (Manila: WHO Regional Office for the Western Pacific.
48. Whitehead M, Dahlgren G, Evans T (2001). Equity and health sector reforms: can low-income countries escape the medical poverty trap? *Lancet*, 358(9284):833–836.

SUMMARY

DISPARITIES IN GEOGRAPHIC AND ECONOMIC ACCESS TO HEALTH CARE - PROBLEM OR NOT IN R. MACEDONIA

Vesna Velik Stefanovska[1], Miodraga Stefanovska [2], Rozalinda Isjanovska[1]

[1] Institute of epidemiology and biostatistics with medical informatics, Medical faculty, University "St. Kiril and Metodij", Skopje, R.Macedonia
[2] School of business administration and organizational sciences, University American College, Skopje, R.Macedonia

The Improvement of health of the world population is a global chalenge which calls for deep changes of the national health politics. The access to health care is defined as a major determinant of health status of the population. **Goal:** The paper is about disparities in economic and geographic access to health care with aim to underline the importance for their recognition and prevention. **Materials and methods**: Relevant publications and reports for economic and geographic access to health care were selected and analyzed. **Results:** The review of research results on disparities in economic and geographic access to health care with focus on R.Macedonia, European region and NIC was developed. The part for geographic access discusses the distribution of qualified health care workers as well as the access to up to date medical interventions and drugs. The part for economic

access to health care elaborates the aspects of health insurance, the limited insufficient budget of health institutions and the burden of payment. **Conclusion:** Due to the multi-ethnic structure and socio-economic and rural-urban differences, the disparities in geographic and economic access to health care are important challenge for the present health reforms in R.Macedonia. More extensive research is needed for recognition the dimension of the problem and its prevention in R.Macedonia.

Key words: Access to health care, disparities, economic access, geographic access, health services, Europe, NIC

PUNIM PROFESIONAL / PROFESIONAL PAPER EPIDEMIOLOGJI

ЗДРАВСТВЕНА БЕЗБЕДНОСТ НА ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ ОД УВОЗ И ДОМАШНО ПРОИЗВОДСТВО

Снежана Стоилова[1], Дијана Василевска[2], Владимир Кендровски[3]

[1]Висока медицинска школа, Битола, Македонија
[2]Факултет за биотехнологија, Битола, Македонија
[3]Институт за Јавно здравје, Скопје, Македонија

Снежана Стоилова, лекар епидемиолог, професор
Висока медицинска школа, Битола, Македонија
Тел. (+389) 70 349 026
e-mail: **snezanastoilova@yahoo.com**

РЕЗИМЕ:Цел на трудот *е да се прикаже здравствената безбедност на храната од увоз и домашно производство на населението во Р. Македонија, во однос на пестициди, тешки метали, микотоксини и антибиотици.* ***Материјал и метод на работа.*** *Податоците се добиени од Институтот за Јавно Здравје, Скопје и се однесуваат на периодот од 2009 година. Направена е дескриптивна анализа на податоците во однос на здравствената исправност на производи од увоз и домашно производство на одредени токсични нокси. Резултатите се статистички обработени и табеларно и графички прикажани.* ***Резултати.*** *Од вкупно 8067 испитани мостри на пестициди, 6437 се земени од увоз, а 1630 од домашно производство и промет. Присуство на резидуи на пестициди над дозволените граници е докажано само кај 3 мостри зеленчук од домашно потекло. Анализа на контаминација на прехранбените производи со тешки метали е извршена на 10536 мостри од кои 8407 се мостри од увоз и 1829 од домашно производство и промет. Недозволено високи концентрации на тешки метали се измерени кај 52 мостри (0.5 %), 10 од увозни производи и тоа 3 од групата жито брашно, 4 мостри од групата на шеќер, бонбони, чоколадо, 1 мостра овошје, 1 зеленчук и 1 мостра од групата масти и масла. Кај производите од домашно производство и промет тешки метали биле детектирани кај 42 од анализираните производи. Од вкупно испитани 2296 мостри, микотоксини се детектирани кај 2 мостри од домашно производство од групата леб и тестенини. За резидуи на антибиотици се анализирани вкупно 3402 мостри, а само кај 1 мостра месо од увоз се детектирани резидуи на антибиотици,* ***Заклучок.*** *Анализите покажаа дека постои низок степен на неисправност на производите од домашно производство и увоз во однос на потенцијално токсични нокси (пониска од 1%). И покрај тоа треба да се зајакне контролата во однос на детекција на токсини, како кај производи од домашно производство, така и кај производи од увоз, како би се консумирала што побезбедна храна.*

Клучни зборови: *Прехранбени поизводи, пестициди, тешки метали, микотоксини, антибиотици.*

Medicus 2011, Vol. XVI (2):

ВОВЕД

Алиментарни фактори на ризик во некои случаи можат да бидат и токсини кои се природно присутни во некои намирници или се резултат на микробиолошка контаминација (микотоксини) (1, 2, 4, 5). Нутритивниот внес претставува еден од видовите на експозиција на токсични материи како на пример тешки метали (1, 2). Овие контаминенти обично се присутни во животната средина во многу мали концентрации (4). Значаен проблем во поглед на здравствената исправност на производите претставуваат пестицидите, како и голем број на различни видови на ветеринарни лекови и други средства кои се употребуваат во примарното производство на храната (3, 4, 5). Поради потенцијалната канцерогеност на овие материи, во многу земји на светот е забранета употреба на органохлорни пестициди и последните години се забележува намалување на резидуите од овие органски материи во прехранбените производи (3, 4). Резидуи на ветеринарни лекови, како што се антибиотици, можат да се најдат во поедини видови производи, како што се млеко и месо (5). Некои габи имаат способност да произведуваат токсични метаболити, познати како микотоксини, кои можат да предизвикаат различни заболувања кај човекот, од гастроинтестинални симптоми до карциноми (6,7).

ЦЕЛ

Цел на трудот е да се прикажат резултатите од направените анализи на производи од увоз и домашно производство, во однос на пестициди, тешки метали, микотоксини и антибиотици во Р. Македонија.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД НА РАБОТА

Податоците се добиени од Институтот за Јавно Здравје, Скопје и се однесуваат на периодот од 2009 година. Направена е дескриптивна анализа на податоците во однос на здравствената исправност на производи од увоз и домашно производство во однос на одредени токсични нокси. Резултатите се статистички обработени и табеларно и графички прикажани.

РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Во текот на 2009 година на вкупно 8067 мостри вршени се анализи за детекција на резидуи од пестициди, на 10536 мостри за детекција на тешки метали, во 3622 мостри испитувано е присуство на микотоксини и резидуи на антибиотици во 3429 мостри.

Табела 1.

Обем на испитани мостри на пестициди и тешки метали

	Пестициди	Тешки метали
Млеко	558	634
Производи од млеко	769	793
Месо	1376	1382
Преработки од месо	487	502
Риба и преработки	294	317
Житарици, брашно	735	826
Леб, тестенини	298	455
Слатки	52	282
Кондиторски произ.	259	620
Диететска храна	90	251

Овошје	786	638
Зеленчук	458	411
Производи од овошје	91	314
Производи од зеленчук	144	292
Масти ,масла	615	695
Кафе, какао, чај	462	466
Јајца	133	133
Адитиви	61	610
Алкохолни пијалоци	89	247
Безалкохолни пијалоци	27	235
Друго	95	255

Анализата на утврдените концентрации на пестициди испитани во ИЈЗ, Скопје, покажуваат дека сите испитани параметри од групата на органохлорни пестициди се под граница на детекција со исклучок на резидуи на линдан и вкупен ХЦХ кај групите овошје и зеленчук. Од вкупно испитаните мостри зеленчук резидуи на линдан се детектирани кај 5% од мострите при што со концентрации над МДК биле 3 мостри. Кај испитаните мостри овошје линданот е докажан само кај една мостра и тоа во рамки на дозволените концентрации. Анализираните параметри на органофосфорни пестициди во испитуваните мостри прехранбени производи се под граница на детекција. Малатион е докажан само во две мостри зеленчук со максимална концентрација од 0,001мг/кг (МДК 0.5мг/кг).

Анализа на контаминација на прехранбените производи со тешки метали е извршена на 10536 мостри од кои 8407 се мостри од увоз и 1829 се мостри од домашно производство и промет. Недозволено високи концентрации на тешки метали се измерени кај 52 мостри (0.5%), 10 од увозни производи и тоа 3 од групата жито брашно, 4 мостри од групата на шекер, бонбони, чоколадо, 2 мостри овошје, 1 зеленчук и 1 мостра од групата масти и масла, а од домашно производство и промет биле детектирани тешки метали кај 42 од анализираните производи. Анализите на производите од групата овошје покажуваат дека олово е детектирано кај 5%, а кадмиум кај 3% од испитаните мостри, а добиените концентрации се во дозволени граници. Кадмиум е најден во 4% од испитаните мостри, а сите концентрации се во рамки на дозволените. Кај групата зеленчук и оловото и кадмиумот се детектирани кај 10% од анализираните мостри, а само кај една мостра (целер) е надмината МДК за олово.

Микотоксини од групата на афлатоксини B1, B2, G1 и G2 се испитувани кај житарици, брашно и нивни производи, јаткасто овошје, сушено овошје, сушен зеленчук, зачини, кафе, чај. Испитани се вкупно 2296 мостри од кои 2011 се од увоз а 285 од домашно производство и од промет. Детектирани се микотоксини кај 2 мостри од домашно производство од групата леб и тестенини.

Табела 2. Анализирани мостри на микотоксини

Група	Вкупно испитани	Неисправни	
		Број	%
Жита, брашно	930	0	
Леб тестенини	267	2	0.7%
Детска храна	7	0	
Сушено и јаткасто овошје	291	0	
Сушен зеленчук	136	0	
Кафе, Чај	337	0	
Зачини	34	0	

За резидуи на антибиотици се анализирани вкупно 3402 мостри, од кои кај 2427 мостри од увозни производи и 975 мостри од производи од домашно потекло и промет. Само кај 1 мостра месо од увоз се детектирани резидуи на антибиотици.

Слика 1.

Испитани мостри на антибиотици



ЗАКЛУЧОК

Анализите покажаа дека постои низок степен на неисправност на производите од домашно производство и увоз во однос на потенцијално токсични нокси (пониска од 1%). И покрај тоа треба да се зајакне контролата во однос на детекција на токсини, како кај производи од домашно производство, така и кај производи од увоз, како би се консумирала што побезбедна храна.

ЛИТЕРАТУРА

1. Christensen JM. Human exposure to toxic metals: factors influencing interpretation of biomonitoring results. Sci Total Environ 1995, 166: 89-135.
2. WXO. Environmental health criteria for nickel. Geneva 1991; 257-284.
3. Urieta I, Jalon M, Eguileor I. Food surveillance in the Basque Country (Spain). II. Estimation of the dietary intake of organochlorine pesticides, heavy metals, arsenic, aflatoxin MI, iron, zinc through the Total diets study.1990/91. Food Addit Contam 1996; 13:29-52.
4. Leblanc JC, Malmauret L, Guerin T, Bordet F, Boursier B, Verger P. Estimation of dietary intake of pesticide residues, lead, cadmium, arsenic and radionuclides in France. Food Addit Contam 2000; 17;:925-32.
5. Codex Alimentarius. Code of practice to minimize and contain antimicrobial resistance. CAC/RCP 61-2005.
6. Codex Alimentarius. Maximum level and sampling planfor total aflatoxin in peanuts intended for further processing. CS 209-1999, Rev. 1-2001.
7. Martin A, Motarjemi Y. Basic Food Safety for Health Workers. Geneva, WHO, 1999.

SUMMARY

HEALTH SAFETY OF FOODSTUFFS IMPORT AND DOMESTIC PRODUCTION

Snezana Stoilova[1], Dijana Vasilevska[2],Vladimir Kendrovski[3]

[1]High Medical School, Bitola, Macedonia
[2]Faculty of Biotechnical Sciences, Bitola, Macedonia
[3]Institute of Public Health, Skopje, Macedonia

Имунохистохемиска анализа се прави со употреба на антитело вперено против Хер2/протеинот. За имунохистохемиска анализа ке се користи имунохистохемискиот кит Dako Herceptest (Dako Corp. Carpenteria ,CA) според претходно утврдена процедура.

Селекција на пациентите направена е во зависност од експресијата на Her2/neu протеин и тоа:

1.Експресија на Her 2/neu протеинот негативен (скор 0 и 1)

2.Експресија на Her 2/neu протеинот позитивен (скор 2+) и кај нив се прави CISH /FISH/SISH испитување;

3.Експресија на Her2/neu позитивен(скор 3+) Пациенти со позитивна експресија на Her2/neu генот (3+) кои примаат адјувнтна целна терапија со трастузумаб(Херцептин) 8 мг/6 мг/кг на секои 3 недели во тек на 12 месеци (17 циклуса).

ЗАКЛУЧОК

Во согласност со постоечката литература и долгогодишното искуство на Универзитетската Клиника за Радиотерапија и Онкологија и од добиените резултати се очекува Her2/neu генот да се воведе како важен прогностички фактор кој заедно со други прогностички фактори, особено биомаркерите (хормонски рецептори) ке овозможи нов приод во терапијата на операбилен рак на дојка.

Амплификација на генот и истовремена >експресија на HER2 протеинот е забележано кај 10-34% од карциномите на дојка и се смета дека е важен биолошки маркер кој укажува на лоша прогноза, но од друга страна е и корисен маркер за одговор на хемо или хормонската терапија.

Развојот на новите антиканцерски лекови-рекомбинирани хуманизирани моноклонални антитела против екстраклеточниот дел на Her2 протеин го зголемува интересот за експресија на Her2/neu. Затоа проценката на Her2 генот е основа за соодветна хемотерапија и целна (таргет) терапија.Блокадата на Her2 ја инхибира туморгенезата.

Бидејки Her2 е повеке застапен во клетките на карциномот (примарен тумор и MS) терапијата преку Her 2 рецепторите овозможува високо специфична и помалку токсична терапија.

ЛИТЕРАТУРА

1. Parkin DM, Whelan Se, Ferlay J et al, eds 1997: Cancer incidence in Five Continents, Vol,VII/ IARC,Scientific Publications No.143 and IARC Cancer Base No2) Lyon IARC Press; Stewart B.W.Kleihues (eds) World Cancer Reports IARC Press,Lyon 2003,156-159
2. Egan MK, Newcomb AP, Longnecker PM, Trentham-Dietz A,Baron AJ, Trichopolus D,Stampfer JM,Willett CW.Jewish religion and risk of breast cancer. Lancer. 1996; 347;1645-6.
3. American Cancer Society Breast Cancer Facts Figures: http://www.cancer.org/
4. J. Ferlay, F. Bray, P. Pisani and D.M. Parkin.2001 GLOBOCAN 2000: Cancer Incidence, Mortality and Prevalence Worldwide, Version 1.0. IARC CancerBase No. 5.Lyon, IARCPress, 2001. Stewart B.W. Kleihues (eds) World Cancer Reports IARC Press,Lyon 2003,156-159
5. Rosen PP. Staging of breast carcinoma in Rosen"s Breast Pathology,2nd ed. Philadelphia:Lippincott Williams Wilkins,2001; 253-256;
6. Carter C.I, Allen C, Henson D.E: Relation of tumor size, lymph node status and survival in 24.760 breast cancer cases.Cancer 63: 181-187, 1989;
7. Jakic-Razumovic J, Unisic J, Patohistoloska analiza aksilarnih limfnih cvorova posebnim osvrtom na postupak kod biopsije „sentinel" limfnog cvora.U Bolesti dojke (zbornik radovi XI znanstvenog sastanka „Bolesti dojke" Zagreb 2001;107-118;
8. Weaver DL. Sentinel lumph nodes and breast carcinoma.Which micrometastases are clinically significant? Am.J.Surg.Patol 2003; 27(6): 842-845;
9. Unisic J, Dodig D, Jakic-Razumovic J I sur Oznacavanje I biopsija „sentinel limfnog cvora.U: Bolesti dojke, Zagreb 2001; 101-106;
10. Fitzgibbons PL, Li Volsi VA. Recommendations for handling radioactive speciments obtained by sentinel lymhadenectomy.Am.J.Surg. Path. 2000;24(11):1549-1551;
11. Rosen PP, Groshen S, Saigo P.E et al: A long term follow up stady of survival in stage I(T1NoMo) and stage II (T1N1Mo) breast carcinoma.J Clin.Oncol. 7:355-366,1989;
12. Rosai J.Breast in:in:Rosai J (ed) Ackerman's Surgical Pathology 8th ed.St.Louis:Mosby Year Book ,inc, 1996:1621-1622;
13. Cummings MC, Walsh MD,Hohn BG, et al.Occult axillary lymph node metastases in breast cancer do matter.Am I Surg Pathol 2002;26(10):1286-1295;
14. Maibenso DC,Weiso LK,Pawlish KS, et al.Axillary lymph node metastases associated with small invasive breast carcinomas. Cancer 1999;85: 1530-1536;
15. Packard R.A,Prosnitz L.R, Bobrow S.N:Selection of breast cancer patients for adjuvant chemotherapy.Another look of the prognostic importance of involved lymph nodes. JAMA 238: 1034,1977;
16. Andea A, Bowman D,Vischer D, Correlation of tumor size with lymph node status in multifocal breast carcinoma.Mod. Pathol 2001;14:20A
17. Goldstein NS, Mania et al, Prognostic factors in patients with Stage T1 breast carcinoma and 0,5 sm or less lymph node metastasis. Am J Clin Path 1999
18. Clark GM.Prognosis and predictive factors in:Harris JR et al: Diseases of the breast 2nd ed.Philadelphia, Lippincontt,2000,489-514;
19. Elston CW, Ellis IO,Goulding H et al.Role of pathology in the prognosis and management of breast cancer in Elston CW,Ellis IO(eds) The breast 3rd ed London:Churchill,Livingstone,1998,385-433;
20. Giri D,Thaler H et al. Multifocal versus unifocal node negative breast carcinomas: are theyprognostically different? Mod.Path 2001;14:26A
21. Elston CW,Ellis IO.Assesment of histological grade in:Elston CW,Ellis IO (eds).The Breast 3rd ed London: Churchill,Livingstone,1998,365-384;
22. Schnitt SJ,Guidi AJ.Pathologic factors useful in assessing prognosis in Harris JR et al(eds) Diseases of the Breast 2nd edPhiladelphia: Lippincott Williams Wilkins 2000;449-454;

23. Greene G.L,Shama V,Cheng L:estrogen Receptor Structure and Function in Breast Cancer cells, in Accoplishment in Cancer Research 1996, Lippincott-Raven Philadelphia New York 147-154, 1996;
24. Mc.Guire WL: Hormone receptors:their role in predicting prognosis and response to endocrine therapy.sem.Oncol.1978,5:428-433;
25. Fields S.M,Koelter J.M:Hormonal therapy in Clinical Oncology Weiss G.R Appleton Lange,Norwadic 110-118,1993;
26. Gammlin S,Rakic Stojkovik R, Nacela hormonske terapije tumora.Vo klinicka onkologija, 225-236, 1996;
27. Elledge R.M,Fuqua SAW:Estrogen and progesterone receptors in: Harris JR et al.Diseases of the breast. 2nd ed Philadelphia Lippincott Williams and wilkins, 2000:471-488;
28. Elston CW,Ellis IO,Prognosis and predictive factors in breast cancer, patology updates:Institute of Oncology, Ljubljana 1998.
29. Suo Z, Risberg B, Kalsson MG et al.EGFR family expression in breast carcinomas.c-erbB-2 and c-erbB4 receptors have different effects on survival.J.pathol 2002;196:17-25;
30. Badache A, Hyness NE.A new therapeutic antibody masks Erb B2 to its partners.Cancer Cell 2004, 5(4):299-301;
31. Roskoski R Jr. The ErbB/Her receptor protein-tyrosine kinases and cancer. Biochem. Biophys. Res. Commoum 2004;18;319 (1) 1-11;
32. Schmitt SJ,Breast Cancer in the 21st century:New opportunities and New challenges.Mod.Pathol 2001; 14:213-218;
33. Jimenez RE, Wallis T, Tabascka P et al Determination of Her2/neu status in breast carcinoma: comparative analyses of immunohistochemistry and fluorescent in situ hybridization. Mod pathol. 2000;13;37-45;
34. Romond EH, Perez EA Bryant J et all. Trastuzumab plus adjuvant chemotherapy for operable HER2 positive breast cancer.N.Engl J.Med. 2005;353;1673-84;
35. Smith J, Procter M, Gelber RD et all. 2-year follow up of trastuzumab after adjuvant chemotherapy in Her 2 positive breast cancer:a randomised controlled trial.Lancet.2007;369.29-36;

SUMMARY

ADJUVANT THERAPY WITH TRASTUZUMAB (HERCEPTIN) IN Her2(3+) BREAST KARCINOMA REVIEW OF CLINICAL PRACTICE

Meri Pesevska[1], Liljana Maneva[1], Nikola Vasev[1], Ilir Ismaili[1], Aneta Dimitrovska[1]

[1]University Clinic for Radiotherapy and Oncology, Skopje, Macedonia

Breast cancer is the most common disease in female population. Incidence of the breast cancer is most frequently in USA, when every 8 woman have a disease and every 28 woman will died from breast cancer. Prognostic factor is very important in the evolution of the disease and in further prognose.The most important prognostic factor is: estrogen, progesterone receptor and HER2 (neu) gen. From those patients exept standard therapy afther surgery, chemotherapy, radiotherapy, is necessary to have an adjuvant immunotherapy with monoclonal antibody trastuzumab in the period of 1 year or 17 cycles every 3 weeks. Immunotherapy with trastuzumab prolonged OS and DFS in breast cancer patients.

Key words: *Breast cancer, monoclonal antibody, trastuzumab*

VËSHTRIM/REVIEW KIRURGJI TORAKALE

ТОРАКАЛЕН КАПАК

Ермир Рамадани[1], Зоран Спировски[2], Илбер Бесими[1]

[1]Клиничка Болница, Тетово, Хируршко одделение
[2]Универзитетска Клиника за Торакална и васкуларна Хирургија, Скопје, Македонија

Ермир Рамадани, лекар-хирург
Ул. Браќа Миладинови 224, Тетово, Македонија
Tel: 044 339/075 & 070 583 951
e-mail: ermirr@yahoo.com

***РЕЗИМЕ**: Повреди на градниот кош се застапени со 10% од сите повреди на човечкото тело, и се на второ место по смртност веднаш по краниоцеребралните повреди и повредите на кичмениот столб. Тапите повреди на градниот кош се застапени со 90% од сите торакални трауми. **Flail chest** претставува состојба на двојна серијска фрактура на најмалку три ребра, при што се јавува тн. торакален капак, карактеризирана со парадоксално дишење, претставува живото загрозувачка состојба. Смртноста се движи од 6%-36% и до 60%. Компликации: контузија на белодробието, пнеумоторакс, хематоторакс и респираторна инсуфициенција. Целта на овој преглед е да се открие на време ова повреда и да со правилен избор на лекувањето се подобри неговиот исход.*

***Клучни зборови:** Повреди на градниот кош, Flail chest, торакален капак, парадоксално движење.*

Medicus 2011, Vol. XVI (2):

ВОВЕД

Дефиниција

Flail chest-Torakalen kapak, volet thoracique

По најновите дефиниции претставува состојба на двојна серијска фрактура на три и повеќе ребра унилатерално или билатерално, напред или позади, или пак постои билатерален прекин на костохондралните споеви на ниво на стернум, здружено со фрактура на стернум или без него. Фиг.1 и 2(Шематски приказ на Flail chest).





Фиг.1 Фиг.2

Поделба: спрема локализација Flail chest се дели на :

- Преден
- Заден
- Латерален
- Унилатерален
- Билатерален.

Ако не е возможна класификација во една од овие групи се зборува за антеролатерален или за постеролатерален Flail chest.

Епидемиологија

Повредите на градниот кош се застапени со 10% од сите повреди на човечкото тело. Тапите повреди на градниот кош се застапени со 90% од сите повреди на градниот кош. По смртност се на второ место веднаш по кранiоцеребралните повреди и повредите на кичмениот столб. Кај возрасни Flail chest е застапен со 5-7% од сите повреди на градниот кош, додека во детска возраст со 1%. Смртноста при flail chest изнесува 5-36 %, додека кога е здружено со други повреди и до 6о%. Изолирана торакална повреда се среќава во 30% од повредените. Најчесто торакалната траума е здружена со други повреди и тоа:

- Кај 44% со КЦП
- 21% со абдоминална повреда
- 54% со повреда на екстремитети
- 12% со повреди на карлица.

Тапата повреда на градниот кош во 30-75 % на случаевите е здружена со контузија на белите дробови.

Етилогија

- Собраќаен трауматизам
- Пад од височина
- Нагмечување
- Притисок од тежок предмет
- Насилно при тежок удар
- Удар од животно
- При поагресивна кардио-пулмонлана реанимација
- Кај пациенти со претходна стернотомија
- Кај пациенти со остеопороза
- Вродени аномалии на зидот на градниот кош
- Мултиплен миелом
- Пациенти сохронична ренална остеодистрофија
- Кај новородено- случај со остеогенесис имперфецта.

Механизам на повреда

Flail chest настанува кога екстензивна ударна сила со поголема површина делува дитектно брз зидот на градниот кош при што скршениот сегмент го втиснува кон интраторакалниот простор.

Патофизилогија /Патологија

При двојната серијска фрактура на ребрата настанува и деструкција на интеркосталните мускули вдолж фрактурната линија, така што повредениот сегмент на зидот на градниот кош станува подвижен во однос на останатиот дел од зидот. Се формира т.н. торакален капакак кој ја пореметува вентилационата динамика и доведува до:

- Намалување на виталниот капацитет
- Зголемување на белодробната комплијанса
- Отежнато кашлање и искашлување

Flail chest во 30-75% е здружена со контузија на белите дробови,
Контузијата на белите дробови предизвикува :

- Паѓање на функционалниот резидуален капацитет
- Зголемување на белодробната васкуларна резистенција
- Пореметување на соодносот вентилација/перфузија

Ретенцијата на бронхијалниот секрет, исполнувањето на белодробните алвеоли со крв или трансудат, здруженото создавање на хематопнеумоторакс и интензивната болка предизвикуваат дополнителни услови за влошување на респирацијата.

Клиничка слика

- Тешка општа состојба
- Парадоксално движење на делови на градниот кош
- Палпација на скршени ребра
- Силна болна осетливост при палпација . крепитации
- Диспнеја
- Тахипнеја
- Тахикардија
- Градниот кош нема ригидност
- Респираторна инсуфицијенција
- Нарушување на гасниот и вентилационен статус

При парадоксалното дишење во тек на инспириум торакалниот капак се вдлабнува додека при експириум се испакнува (фиг 3 и 4).



Фиг.3а и 3б



Фиг.4

Шематски приказ на парадоксалното дишење.

Парадоксалните движења на градниот кош се воочуваат неколку часа после повредата кога настанува замор на интеркосталната мускулатура.

Дијагностика:

- Физикален преглед
- Нативна графија на градниот кош (фиг.5 и 6)
- ЦТ на градниот кош (фиг. 7)
- гасен и ацидобазен статус.

Фиг.5. Мултипли фра на ребра-Лево

.



Фиг.6. Flail chest на десна страна со контузија на десното белодробие и поткожен емфизем.



Фиг.7. СТ на граден кош; приказ на пнеумоторакс лево и со стрелка назначени фрактурирани ребра. Постериорен Flail chest

Лекување

Лекувањето на торакалниот капак–Flail chest зависи од тежината на состојбата.

Истата може да биде со конзервативен и со оперативен третман. Целта на лекувањето е насочено кон контрола на пореметувањата на вентилацијата и на контузијата на белите дробови.

Кај повредени со постериорен flail chest и кај болни со други видови на торакален капак кои спонтано дишат и кои немаат здружени повреди, интраторакални или белодробна повреда, терапијата усмерена на **контрола на болката** (аналгетика парентерално, најповолно со епидурална аналгезија), **антибиотици**, внимателно манипуилирање со течности, **торакална дренажа**, **физикална терапија** и **рана мобилизација на пациентот**.

Кај потешки повреди со респираторна инсуфицијенција е индицирана механичка вентилација. Фиксацијата на фрактурираните ребра може да се изведе со т.н **внатерешна стабилизација** со поставување на механичка вентилација со PEEP (позитивен притисок на крај на експириум) и треба да трае најмалу 3 недели.

Хирушката-стабилизација на нестабилниот граден кош се изведува со интерна фиксација на ребрата.

Самата фиксација на ребрата може да биде рана и касна.

Раната фиксација се изведува до 24 часа од самата побреда.

Касната фиксација се изведува после 48-72 часа од повредата.

Фиксација на ребрата се изведува со различен остеосинтетски материал: жица, Kirschner-ови игли, Judet-ови плочки, Sancez-Llloret плочки, компресивни остеосинтетски плочки, Prosthetic Mesh и methylmetacrylat, Marlex Mesh и др.

Фиг.8. Хируршка инцизија при антеролатерален Flail chest

Фиг.9. Приказ на Flail Chest сегмент



Фиг.10. Judet-ови плочки

Фиг.11. Остеосинтеза Judet-плочки

Фиг.12. Видови на клешта за Judet-плочки

Фиг.13.Sanches –плочки

Фиг. 14. РТГ после хируршка стабил.на бил. Антеролатерален Flail chest

До неодамна внатрешната стабилизација со механичка вентилација и PEEP беа метода на избор при лекување на Flail chest, но во последно време се потврдува дека кај селектирана група на пациенти оперативниот третман дава подобри функционални резултати и има подобар кост бенефит.

РЕФЕРЕНЦИ

1. Jakovic R. Grudna hirurgija: Tupa torakalna trauma. 1ed.Beograd: Medicinski Fakultet Univerzitet u Beogradu;2004.
2. Kondov G. Gradna hirurgija: Traumatski povredi na gradniot kos. Skopje: Makavej;2009.
3. Dragovic M, Gerzic Z. Hirurgija:Sinopsis o traumi.Beograd:Medicinska Knjiga;1998.
4. Dragovic M, Todoric M. Urgentna i ratna hirurgija: Urgentna grudna hirurgija. Beograd: Velarta;1998.
5. Miller HAB, Taylor GA, Harrison AW, et al. Management of Flail chest. Canad MedAssoc J.1983;129:1104-7.
6. Richardson JD, AdamsL, Flint LM. Selective Management of flail chest and pulmonary contusion. AnnSurg.1982; 196:481-7.
7. Trinkle JK, Richardson JD, Franz JL, et al. Management of Flail Chest without mechanical ventilation. AnnThorac Surg. 1975;19:355-363.
8. Beal SL, Oreskovich MR. Long-term Disability Associated with Flail chest Injury. Am.J Surg.1985;150:324-326.
9. Carpintiero JL, Rodriguez Diez A, Elvira JR, et al. Methods of Menagement of Flail Chest.Intens.Care Med.1980;6:217-21.
10. Diethelm AG, Battle W. Management of Flail Chest injury:A review of 75 Cases.Am Surgeon .1971;37:667-70.
11. Relihan M, Litwin MS. Morbidity and mortality Associated With Flail Chest injury:A Review of 85 cases. J Trauma.1973;13:663-71.
12. Moore BP. Operative Stabilization of Non –penetrating Chest injuries.J Thorac. Cardiovasc.Surg.1975;70:619-630.
13. Sanchez-Lloret J, Letang E, Matsu M, et al. Indication and Surgical Treatment of the Traumatic Flail Chest Syndrome: An original Technique. Thorac.Cardiovasc. Surgeon. 1982;30:294-297.

14. Menard A, Testart J, Philippe JM, et a. Treatment of Flail Chest with Judet Struts. J Thorac. Cardiovasc. Surg. 1983; 86:300-305.
15. Tanaka H, Yukioka T, Yamaguti Y, et al.Surgical Stabilization or Internal Pneumatic Stabilization A Prospective Randomized Study of Management of Severe Flail Chest Patients. J Trauma.2002;53:727-32.
16. Balci AE, Eren S, Cakir O, et al.Open Fixation in Flail Chest:Review of 64 patients.Asian Cardiovasc. Thorac. Ann. 2004;12:11-15.
17. Landercasper J, Cogbill TH, Lindesmith LA. Long-term disabilyti after flail chest injury.J Trauma .May 1984;24(5):410-4.
18. Ahmed Z, Mohyuddin Z. Management of flail chest injury :internal fixation versus endotracheal intubation and ventilation.J Thorac Cardiovasc Surg. Dec 1995; 110(6): 1676-80.
19. Gipson CL, Tobias JD. Flail chest in a neonate resulting from nonaccidental trauma.South Med J.May 2006;99(5):536-8.
20. Pettiford BL, Luketich JD, Landreneau RJ. The management of flail chest. Thorac Surg Clin. Feb 2007;17(1):25-33.
21. Freedland M,Wi lson RF, Bender JS, Levison MA. The management of flail chest injury:factors affecting outcome. J Trauma.Dec 1990;30(12):1460-8.

SUMMARY

FLAIL CHEST SYNDROME

Ermir Ramadani[1], Zoran Spirovski[2], Ilber Besimi[1]

[1]Clinical Hospital of Tetova, Department of surgery, Tetova, Macedobia
[2]University Clinic for Thoracic and Vascular Surgery, Skopje, Macedonia

Injuries to the chest val are represented with 10% of all injuries of the human body, and a second place after death after craniocerebral injuries and injuries to vertebral column. Blunt chest injuries represented 90% of all thoracic traumi.Flail chest condition represents a double fracture at least three fractured ribs, which occurs so called chest lid which is characterized by paradoxical movement of the thorax. It is a life-threatening condition. Mortality ranges from 6-36% to 60%. ***Complications:*** *contusion of lung, pneumothorax, hematotoraks and respiratory failury. The purpose of this review is to reveal the injury time and with proper choice of treatment to improve his outcome.*

Key words*: Chest vall injuries, Flail chest, chest lid, paradoxical motion*

VËSHTRIM/REVIEW OFTALMOLOGJI

УЛОГАТА НА АНТИГЛАУКОМНАТА ТЕРАПИЈА КАЈ ЗАБОЛУВАЊАТА НА ОКУЛАРНАТА ПОВРШИНА

Весна Димовска Јорданова[1]

[1]ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести
Медицински факултет, Скопје

Весна Димовска -Јорданова, лекар офталмолог, вонреден професор
Ул.” Чедомир Миндеровиќ ”бр. 30, Скопје, Македонија
Тел: +38923161714 & +38970370379
e-mail : **vesnajdimovska@gmail.com**

РЕЗИМЕ: ***Цел на трудот :*** *Заболувањата на окуларната површина (Ocular Surface Disease–OSD) претставува релативно нов клинички ентитет со прогресивна преваленција, кој го сочинуваат различни клинички манифестации кои во крајна консеквенца предизвикуваат засегање на видната функција и значајно нарушување на квалитетот на живот кај овие пациенти. Предмет на интерес на трудот се заболувањата на окуларната површина кои се манифестираат кај пациентите со глауком заради штетните ефекти на долготрајната антиглаукоматозна терапија. Хроничниот карактер на глаукомот подразбира долгогодишна апликација на еден или повеќе локални препарати кои најчесто го содржат конзервансот Benzalkonium chloride, кој во најголема мерка се смета како одговорен за развој на клиничките манифестации на OSD.* ***Заклучок:*** *Успешниот третман на OSD е можен само во услови на точно дијагностицирање на заболувањето, за што е неопходно спроведување на наједноставните дијагностички тестови (Schirmer, TBUT). Симптоматологијата и компликациите на заболувањата на окуларната површина може да бидат редуцирани преку избор на препарати во кои Benzalkonium chloride може да биде супституиран со друг вид на конзерванс (Polyquad), или со избор на фиксни комбинации на лекови. Резултатите на третманот се во тесна корелација со навременото дијагностицирање и препознавање на симптомите, знаците и клиничките манифестации на OSD.*

Клучни зборови : *заболувања на окуларната површина, глауком, Benzalkonium chloride*

Medicus 2011, Vol. XVI (2):

ВОВЕД

Глаукомот и во 21-от век претставува втора водечка причина за слепило во светски рамки.

Епидемиолошките проценки покажуваат дека во моментов од глауком страдаат околу **67 милиони** луѓе во светот, со антиципација дека до 2020г оваа цифра ќе нарасне на застрашувачки **79,6 милиони** заболени.

Се работи за хронично заболување, со предизвикување на *глаукомна невропатија* на видниот нерв и иреверзибилна компромитација на видната функција како крајна консеквенца на нетретираното заболување.

Со оглед на хроничниот карактер на болеста, пациентите со глауком во тек на целиот живот се принудени да аплицираат локална антиглаукоматозна терапија заради контрола и регулација на заболувањето.

Во последната деценија, бројни истражувачки студии презентираат неспорни податоци за одредени негативни ефекти на окуларната терапија врз окуларната површина. Овие негативни ефекти, во најголема мерка, му се припишуваат на конзервансот **Benzalkonium chloride**, кој е присутен во најголем дел од окуларните препарати.

Токму одредени аспекти од влијанието на антиглаукоматозната терапија врз окуларната површина ќе бидат предмет на интерес на овој труд.

Окуларната површина (Ocular surface) претставува уникатно анатомско и биохемиско миље, кое е компонирано од солзниот филм и корнеално - коњунктивалниот епител.

Заболувањата на окуларната површина (Ocular Surface Disease–OSD) претставува релативно нов клинички ентитет кој го сочинуваат група на заболувања во експанзија, чиј заеднички именител е афекција на површината на окото и на видната функција.

Глобалната дефиниција на OSD подразбира "*било која состојба која преку несакани ефекти ја загрозува функцијата и стабилноста на солзниот филм" (* ***Kahook, „Glaucoma today", 2008****).*

Со сигурност е регистрирана значајна асоцијација помеѓу:

√ *дисфункционалниот солзен синдром*

√ *заболувањата на окуларната површина;* и

√ *глаукомот*

Како најчести причини за OSD се посочуваат:

- синдром на "суво око";
- blepharitis ;
- дисфункција на Meibomian- ови жлезди ;
- токсичност на конзервансот ;
- комбинација од овие ентитети

Преваленција на OSD

Глобалната преваленција на OSD се проценува на **10,0-12,0-15,0%** од возрасната популација. (*Kahook, 2009*) (1).

Во однос на пациентите со глауком,податоците се движат во рамки од **48,4 - 50,0 - 60,0%** (2, 3, 4, 5).

Повисока преваленција на OSD е регистрирана кај женската популација.

Поголем број на истражувачи се согласуваат дека постои директна корелација помеѓу *степенот на OSD,* од една страна, со *возраста, должината на третманот и бројот на локални препарати,* од друга страна (1, 2, 4).

OSD клинички најчесто се манифестира во форма на:

- пунктиформни епителни ерозии ;

- "суво око";

- чувство на туѓо тело;

- жарење, печење;

- црвенило и/или чешање;

- фотофобија;

- чувство на непријатност (генерален окуларен дискомфорт).

Дијагностицирањето на состојбата на т.н. *"суво око"* односно "*дисфункционален солзен синдром*" (термин за кој се смета дека е посоодветен од "суво око"), треба да биде базиран врз следните принципи:

√ анамнеза за симптоматологија на субјективните тегоби;

√ внимателна биомикроскопска евалуација на окото и капаците;

√ резултатите на дијагностичките тестови со кои се проценува состојбата на суво око

Најчесто употребувани и најрелевантни клинички тестови се следните:

- **Боење со Lissamine Green (Lissamine Green Staining)**

Претставува наједноставен и клинички најсигнификантен тест; преку боењето се прикажуваат девитализираните епителни клетки.

Предности во однос на останатите вакви тестови:

- овозможува детектирање на раните промени на корнеалниот и коњунктивалниот епител;
- нема токсичен ефект врз епителните клетки;
- има најдобра корелација со симптомите на ДСС.

Кај пациентите со глауком боењето би требало да се направи пред тонометрија.




Lissamine Green тест

- **Боење со Rose Bengal**

Недостатоци на тестот:

- ја оштетува окуларната површина;
- тестот е позитивен дури во услови на значајно напредната болест и уништен корнеален епител

• **Мерење на базалната секреција на солзите (Schirmer – тест)**

- **Проценка (мерење) на прекинот на солзниот филм (Tear break – up time – TBUT)** – овозможува проценка на квалитетот на солзите

• **Испитување на осмоларноста на солзите**

• **Импресиона цитологија на коњунктива (Conjunctival impression citology)**– овозможува испитување на ефектите на антиглаукоматозната терапија врз окуларната површина

За жал, сеуште нема унифициран офталмолошки протокол или репродуцибилен тест за дијагностицирање и квантификација на OSD. Во тој контекст, се посочуваат препораките за дијагноза и третман на *"суво око",* донесени во тек на **International Dry Eye Workshop во 2007г.**

Значење на OSD во однос на глаукомот

√ Засегање на видната функција - болните со глауком 2ц почесто развиваат OSD заради токсичниот ефект на конзервансот на хистолошко ниво;

√ Афекција на квалитетот на живот заради предизвикување на генерален окуларен дискомфорт (6).

Студијата на **Van Went (2010)** покажала дека околу 60,0% од пациентите со примарен глауком со отворен агол (PGOA) кои имале OSD, страдале од значајна редукција на квалитетот на живот заради про-инфламаторниот и токсичен ефект на конзервансот на хистолошко ниво.

Проблемот на раната детекција на OSD во голема мерка се должи на отсуството на корелација помеѓу знаците и симптомите на заболувањето на окуларната површина.

Податоците од **Baltmor Eye Survey** покажуваат дека просечната преваленција на глаукомот кај тешка OSD се проценува на околу 67,0%.

Патолошките промени при OSD вклучуваат:

- промени на корнеалните епителни клетки;
- намалена густина на пехарестите клетки;
- пораст на инфламаторните медијатори.

Дисфункционалниот солзен синдром (состојбата на *"суво око")* и оштетувањето на окуларната површина се смета дека претставуваат главни пато-физиолошки настани кои се асоцирани со времетраењето и содржината на антиглаукоматозната терапија (5).

Кај пациентите кои страдаат од OSD и се лекуваат со антиглаукоматозна терапија, во основата на инфламаторниот механизам лежи комбинација на *алергија и токсичност* (2).

Влијанија, карактеристики и ефекти на конзервансот

Benzalkonium chloride (BAK) е убедливо најупотребуваниот офталмолошки конзерванс, кој е содржан во околу **72,9%** од офталмолошките препарати.

Претставува *кватерна амониумова молекула*, а неговите концентрации се движат од **0,004 - 0,02%** и неговиот главен позитивен ефект се должи на фактот што ја интензивира корнеалната пенетрација на некои препарати преку предизвикување на епителијална сепарација. Покрај ова, ја штити содржината на лекот од микробиолошка контаминација.

Меѓутоа, заради своите детергентни својства има цитотоксични карактеристики и се смета дека најголем дел од несаканите дејства на локалните офталмолошки препарати се должат на присуството на овој конзерванс (7, 8).

Механизмот на дејство на BAK се реализира преку *нарушување на клеточната мембрана и преципитација на цитоплазматските ензими* (4, 5).

Механизам на цитотоксичност на BAK:

√ нарушување на липидниот слој на солзниот филм

√ зголемување на сушењето на површината на окото

√ уништување на епителните микровили

√ растварање на целуларните гликопротеини



Конјукт. епител кај здраво око

Микроцисти кај епител со ТБТ



CIANCAGLINI et al, IOVS, 2008

Позитивните ефекти на ВАК се проблематизираат заради следните својства :

- влијанието врз здравјето на окуларната површина
- влијанието врз целуларната физиологија
- намалувањето на корнеалната сензитивност
- предизвикување на дестабилизација на солзниот филм
- неговата улога во настанување на епителијалната клеточна апоптоза

Антиглаукомните препарати заради неопходната хронична употреба предизвикуваат и други клинички ефекти врз окуларната површина, како што се :

- намалување на муцинскиот слој на солзниот филм
- намалена секреција на солзи, базичен Schirmer и TBUT
- зголемена задршка при боење на роговицата
- сквамозна метаплазија на коњунктива
- инфилтрација на инфламаторни клетки во трабекуларната мрежа.

Растечката преваленција на OSD кај пациентите со глауком. се должи, пред се, на долготрајната изложеност на штетните ефекти на конзервансот (7), како и на фактот дека, на поголем број на пациенти им е потребен повеќе од еден препарат за успешна регулација на интраокуларниот притисок и контрола на глаукомот. Во контекст на ова, во последната деценија интензивно се работи на изнаоѓање на тераписка стратегија и модалитети за редуцирање на клиничките манифестации во рамките на заболувањата на окуларната површина.

Базичниот тераписки пристап кај пациентите со глауком при OSD подразбира два концепти на третман:

1. *намалување на бројот на локалните препарати (ординирање на фиксни комбинации на лекови)*
2. *избор на т.н. ВАК–free препарати* (медикаменти во кои Benzalkonium chloride е заменет со друг вид на конзерванс).

На ова подрачје најзабележителни и најзначајни се истражувањата на **Baudouin (1998, 2008),** кој се занимава со компаративни студии за проценка на антиглаукоматозните ефекти на ***простагландинските аналози (ПГ)*** со и без присуство на ВАК. Анализите на овие студии (7, 8) сугерираат преферирање на ВАК–free простагландинските аналози заради следните предности :

- подобра стабилност на солзниот филм
- подобар безбедносен профил
- намален ризик од развој на резистенција кон препаратот
- нема намалување на антихипертензивниот ефект врз ИОП

Студиите кои ги испитувале ефектите на алтернативни конзерванси во однос на ВАК, т.н. ***oxidazing agents***, утврдиле присуство на сигнификантно зголемен број на живи коњунктивални и корнеални епителни клетки (7).

Како алтернативни конзерванси со добра толеранција и помал број на несакани ефекти компарирано со Benzalkonium chloride, се посочуваат:

–**SOFZIA–Sodium perborate**–јонски пуферен конзерванс, кој не ја оштетува окуларната површина.

–**POLYQUAD a 0,001%**–полимерна квартерна амониумова супстанца, со голема молекулска маса, нема цитотоксични својства, со голем спектар на антимикробна и антифунгална активност. Polyquad е користен уште во средината на 1980-тите како компонента во растворите за контактни леќи и вештачки солзи.

Денес поголем број на фармацевтски компании интензивно работат на развој на препарати за намалување на ИОП во кои ВАК е супституиран со Polyquad (ова особено се однесува на простагландинските аналози и на фиксните комбинации на антихипертензивни лекови).

ЗАКЛУЧОК

√ Групата на заболувања на окуларната површина (Ocular Surface Disease–OSD) претставува клинички ентитет за кој е, без сомнение, потврдено дека реално постои со сите свои клинички карактеристики, објективни знаци и субјективни симптоми.

√ Добрата анамнеза има исклучително значење за добивање на точни сознанија во однос на индивидуалната толеранција на антиглаукоматозните препарати.

√ За детекција на симптомите на дисфункционалниот солзен синдром, односно состојбата и манифестациите на *"суво око"* неопходно е спроведување барем на наједноставните клинички тестови (Schirmer, TBUT).

√ Најголемо значење во редукција на симптоматологијата и фрекфенцијата на патолошките состојби на окуларната површина кај пациентите со глауком, всушност има специфичната корекција и модификација на антиглаукоматозната терапија од страна на офталмологот, која треба да ги содржи следните чекори:

- прекин / намалување на бројот на локални медикаменти

- избор на ВАК–free препарати и на фиксни комбинации на лекови (доколку се тие достапни).

- исклучување на евентуални фактори на околината

- ординирање на вештачки солзи врз основа на проценка на офталмологот

-зачувување на задоволителен квалитет на живот кај пациентите со глауком без негативен ефект во однос на регулацијата на ИОП и состојбата на видното поле.

Пораката која треба да ја акцептираат офталмолозите се состои во фактот дека различните клинички манифестации на OSD претставуваат навистина сериозен проблем, кој значајно го нарушува квалитетот на живот кај пациентите со глауком и ја засега видната функција, поради што е неопходен професионален пристап и максимална посветеност од страна на офталмологот.

LITERATURA

1. Kahook MY et al. Amer. Glauc.Soc.Meeting, S.Diego, 2009.
2. Baudouin C. EuroTimes, Vol.13, Issue 3, March, 2008.
3. Whitson JT et al. Review of Ophthalmology, 2008
4. Dimovska V.: Окуларната површина и влијанието на антиглаукомната терапија. I Македонски меѓународен симпозиум, Скопје, 2010.
5. Dimovska V. Ocular surface disease – real problem in patients with long-standing glaucoma..VIII SEEOS – BSOS Congress, 19-22 May, Istanbul, Turkey, 2011.
6. Detry–Morel M. Bull Soc Belge Ophthalmol, 2006.
7. Baudouin C. Cornea, Vol. 2008, Issue 11, Oct 2009; pp 514 – 519.
8. Leung EW et ass. J Glaucoma, Aug 2008, 17 (5) : 350-5.

SUMMARY

THE ROLE OF ANTIGLAUCOMA THERAPY IN OCULAR SURFACE DISEASES

Vesna Dimovska Jordanova[1]

[1]Public Health Institution University Eye Clinic,
Faculty of Medicine, Skopje, Macedonia

Purpose of the article: *Ocular Surface Disease (OSD) is relatively new clinical entity with progressive prevalence, consisting of various clinical manifestations ultimately provoking visual function affection and significant life quality impairment in those patients. The article is dealing with ocular surface diseases occurring in glaucoma patients, due to the side effects of chronic antiglaucoma therapy. The longstanding disease involves application of one or more local medications most commonly consisting Benzalkonium chloride, that is mostly blamed to be responsible for development of OSD and it's clinical manifestations. Simptomatology and OSD complications could be reduced by therapeutic selection of BAK-free medications.* ***Conclusion:*** *OSD could be successfully managed only under the terms of correct diagnosing of the disease, that needs performing of the basic diagnostic tests (Schirmer, TBUT). Simptomatology and OSD complications could be reduced by providing therapeutic selection of BAK–free medications and prescription of fixed combinations of antiglaucomatous drugs. Treatment results are closely related to the timely diagnosing and recognition of the symptoms, signs and OSD clinical manifestations.*

Key words: *Ocular surface disease, glaucoma, Benzalkonium chloride*

VËSHTRIM/REVIEW ANESTEZIOLOGJI-REANIMACION

ANESTEZIA PËR KIRURGJI JO-OBSTETRIKALE GJATË SHTATZANISË

Rudin Domi[1]

QSU "Nene Tereza", Tiranë, Shqipëri
[1]Departamenti i Anestezisë, Terapisë Intensive, Emergjencës dhe Toksikologjisë

Rudin Domi MD, MSc, PhD, anesthesiologist, intensivist
L 17, Rr. Dalip Peza, Durrës, Shqipëri
Tel: +355682067003 & Fax: +3555220160
e-mail: **rdomi73@yahoo.it & rudilaureta@hotmail.com**

REZYME: *Kirurgjia jo-obstetrikale tek një grua shtatzëne është relativisht e shpeshtë, dhe vlerësohet të ketë një incidencë 0.15%-2.0%. Indikacionet për kirurgji janë të lidhura me shtatzaninë ose jo të lidhura me shtatzaninë. Në indikacionet e lidhura me shtatzaninë futen inkopentenca cervikale dhe kistet e ovareve, kurse në grupin e dytë më të shpeshta jane kolecistiti, apendiciti akut, trauma e nënës dhe kirurgjia onkologjike. Fiziologjia e gruas shtatzëne ndryshon në të gjitha sistemet me gruan joshtatzëne. Ekipet e përbëra nga kirurgu, anestezisti, neonati dhe obstetri garantojnë një ecuri të sigurt të nënës dhe fetusit. Konsideratat më të rëndësishme për të kryer një anestezi dhe intervent të sigurt janë përmbledhur si më poshtë: (1) Të kuptohet fiziologjia e gruas shtatzëne; (2)Të ruajmë perfuzionin placentar duke evituar hipotensionin, hipertensionin, kompresionin aorto-kaval; (3) Të evitohen anestezia dhe efektet e mundëshme toksike duke preferuar sa të jetë e mundur anestezinë spinale apo peridurale; (4) Kur anestezia gjenerale është e domosdoshme kujdes për parandalimin e aspirimit dhe intubimit të vështirë; (5) Të monitorizohet ngushtë gjendja e fetusit, rrahjet fetale, aktiviteti uterin; (6) Të evitohet lindja premature apo aborti.*

Fjalë kyç*: shtatzani, kirurgji, laparoskopi, anestezia jo-obstetrikale, anestezia obstetrikale*

Medicus 2011, Vol. XVI (2):

TË PËRGJITHSME

Një numër jo i vogël i grave shtatëzenave paraqitet për kirurgji jo-obstetrikale gjatë periudhave të ndryshme të shtatzanisë. Mendohet që incidenca e grave shtatzëna që i nënshtrohet një interventi për kirurgji jo-obsterikale, varion nga 0.15%-2%. Numri i grave shtatëzena që i nënshtrohet kirurgjisë jo-obstetrikale gjatë gravidancës në Bashkimin Europian varion nga 5700-76000 gra në vit (1).

Indikacionet për intervente gjatë shtatzanisë mund të jenë ose jo të lidhura me shtatzaninë. Në interventet që lidhen me shtatzaninë raportohen barrat ektopike, pamajftueshmëria e cerviksit apo kirurgjia për kistet problematike të ovareve. Në interventet që nuk lidhen me shtatzaninë, renditen apendicitet dhe kolecistitet akute, traumat e nënës dhe malinjiteti.

Eshte e rëndësishme të bashkërenditen të gjitha hallkat e vlerësimit të një gruaje shtatzënë që do t'i duhet t'i nënshtrohet një kirugjie jo për qëllime obstetrikale. Ky vlerësim përfshin patjetër

njohuritë mbi fiziologjinë e barrës, farmakokinetikës dhe farmakodinamikës së drogave anestetike por mbi të gjitha krijimin e një stafi shumë disiplinar (2) që përfshin anestezistët, kirurgët dhe mjekët gjinekologe. Vënia në balancë e përfitimeve nga ndërhyrja dhe e rreziqeve për nënën dhe fetusin, është një tjetër moment i rëndësishëm.

Një intervent jo-obstetrikal gjatë shtatzanisë mund të kryhet në të tre trimestret (1) por preferohet brenda mundësive trimestri i dytë. Në këtë trimestër ka kaluar organogjeneza fetale dhe rreziku për lindje të parakohëshme paraqitet më i vogël.

Fiziologjia normale e barrës

Ndryshimet kardiovaskulare

Gjatë shtatzanisë duke filluar nga java e 8-të deri në përfundim të trimestrit të dytë rriten me gati 50 % frekuenca kardiake, volumi hedhës dhe debiti kardiak (1). Rezistencat vaskulare periferike ulen dhe kjo ndodh si pasojë e progesteronit. Rëndësi për anestezistin ka të kuptohet dhe evitohet shtypja aorto-kavale sepse kjo shtypje sjell si pasojë uljen e parangarkeses dhe në raste të avancuara edhe uljen e debitit kardiak.

Ndryshimet respiratore

Ndryshime të mëdha pëson edhe sistemi respirator (1, 4, 5, 25). Rritja e presionit intraabdominal ngre diafragmën sipër dhe ul kapacitetin funksional rezidual duke e predispozuar gruan shtatzënë për të bërë atelektaza dhe hipoksi gjatë momenteve të ndryshme të anestezisë. Volumi në minutë dhe frekeunca respiratore pësojne rritje sidomos gjatë trimestrit të parë. Kjo shkakton një alkalozë respiratore me ulje të CO2 dhe me tendencë për kompensim renal. Gjithashtu rritet konsumi i oksigjenit por nuk ndryshon presioni parcial arterial i oksigjenit. Duhet theksuar se një grua shtatzënë mund të ketë edemë të rrugëve ajrore dhe një rrezik të rritur për intubim të vështirë.

Ndryshimet hematologjike

Volumi i gjakut rritet (5, 25) gjatë shtatzanisë. Më shumë rritet volumi sesa volumi i eritrociteve prandaj kemi një anemi diluitive me ulje të hematokritit. Anemia mund të ndodhë edhe nga mangësia e hekurit si pasojë e nevojave të rritura për nënën dhe fetusin. Përqendrimet e faktorëve të koagulimit rriten (5) dhe mund të kemi edhe hiperkoagulabilitet. Rritet gjithashtu edhe aktiviteti i trombociteve. Rritet rreziku për tromboza të venave të thella deri në 5 fish duke llogaritur hiperkoagulabilitetin dhe stazën venoze të thellë nga presioni i rritur intraabdominal.

Ndryshimet e sistemit nervor

Gjate gravidancës rritet niveli i endorfinave dhe kjo shpjegon uljen e MAC-ut me rreth 40% te grate shtatzëna. Për gratë shtatzëna nevojitet dozë më e vogël anestetiku lokal sepse kemi distendim të venave epidurale, ulje të proteinave në lengun cerebrospinal si edhe rritet pH i tij duke rritur fraksionin e pajonizuar të anestetikut lokal.

Ndryshimet në traktin gastrointestinal

Rritja e presionit intraabdominal e zhvendos stomakun sipër dhe rrit mundësinë për refluks. Vonohet zbrasja e stomakut dhe rritet mundësia për aspirimin e përmbajtjes gastrike gjatë induksionit të anestezisë gjenerale.

Ndryshimet në funksionin renal

Gjatë shtatzanisë rriten fluksi i gjakut në veshka dhe ritmi i filtracionit glomerular. Kjo shpjegon rritjen e klirensit të kreatinines duke dhënë ulje të niveleve plazmatike të kreatininës dhe uresë.

Efektet teratogjene të barnave anestetike

Kur kemi të bëjmë me një grua shtatzënë që do ti nënshtrohet një operacioni për kirurgji jo-obstetrikale gjithmonë mendojmë për efektet teratogjenike të lëndëve anestetike mbi fetusin (6). Në literature nuk kemi konsensus të plotë mbi efektet teratogjene të anestetikëve dhe pjesa dërrmuese e studimeve janë mbi kafshë (7). Asnjë droga anestetike nuk është provuar plotësisht të jetë teratogjene mbi fetusin human. Parimet e teratogjenitetit janë:

1. Teratogjeniteti i një substance mund të variojë nga një specie në tjetrën dhe mund të jetë specifik vetëm për një specie.
2. Doza dhe përqendrimi kanë rëndësi. Eshtë parë që miorelaksantët e injektuar direkt mbi preparat janë teraogjenë por kur injektohen te nëna, vetëm një sasi e vogël kalon barrierën placentare dhe prandaj nuk janë vënë re efekte teratogjene.
3. Koha e embriogjenezës kur ndodh ekspozimi ka rëndësi të madhe. Kur kalon organogjeneza pra pas javës së 12-të minimizohen shumë efektet teratogjene dhe më i prekshëm mund të jetë truri.
4. Mekanizmat e teratogjenezës janë mutacionet, thyerja e kromozomeve, dëmtimi i prekursorëve të ndryshëm, mungesa e energjisë, dëmtimi i membranave, disbalancimi osmolar, etj. (8, 9). Studimet janë përqendruar kryesisht mbi përdorimin e protoksidit duke ditur që ai bllokon metioninë sintetazën dhe ndikon mbi sintezën e folateve (10).

Prandaj është e rëndësishme të evitohet çdo lloj kirurgjie dhe anestezie sidomos në trimestrin e parë. Kur kjo nuk është e mundur nëse duhet të administrojmë anestezi gjenerale duhet evituar protoksidi i azotit. Anestezia lokoregjionale duhet preferuar në të gjitha rastet.

Ndikimi i lëndëve anestetike mbi nënën dhe fetusin

Zgjedhja e lëndëve anestetike që do të përdorim ka një rëndësi të veçantë. Rëndësi ka të vlerësohen të dhënat farmakokinetike dhe farmakodinamike të medikamenteve anestetike të ndryshme.

Lëndët premedikuese

Përgjithësisht nuk preferohet përdorimi i medikamenteve sedative ose kur është e nevojshme përdoren me doza të reduktuara si psh midazolam 0.5-2 mg kombinuar ose jo me fentanyl 25- 50 mcg. Glikopirolati nuk e kalon barrierën placentare prandaj preferohet kur është e nevojshme administrimi i antikolinergjikëve. Metoklopramidi e kalon barrierën placentare por nuk ka efekte mbi fetusin.

Lëndët anestetike inhalatore

Lëndët anestetike inhalatore mund të ndikojnë mbi fetusin nëse ato përdoren në vlera të larta të MAC-ut sepse japin hipotension maternal (6, 11). Megjithatë studimet klinike nuk rekomandojnë mospërdorimin e tyre por sigurisht duhen përdorur ne MAC me vlera të ulura psh 0.75-1. Protoksidi i azotit për shkak të efekteve toksike duhet evituar.

Opioidët

Opioidët (fentanyl, sufentanil, meperidinë, morfinë, etj.) përgjithësisht janë pa efekte anësore (6, 11, 12) dhe kanë parametra farmakokinetike dhe farmakodinamike të përshtatshëm për nënën dhe fetusin. Raportohet efekti deprimues i tyre mbi respiracionin e fetusit por kjo ka rëndësi vetëm kur do te kemi lindje apo sekcio cezarea.

Hipnotikët

Kur zgjedhim një lëndë hipnotike duhet të kemi parasysh:

1. Të realizojme hipnozë dhe amnezi të mjaftueshme tek nëna.
2. Të ruajmë debitin kardiak dhe presionin arterial të nënës në mënyrë që të evitojmë uljen e fluksit uteroplacentar të gjakut.
3. Të evitojmë depresioni fetal.

Hipnotikët më të përdorshëm janë propofoli, tiopentali, ketamina, etomidati dhe benzodiazepinat. Propofoli dhe tiopentali janë më shumë hipotensivë dhe mund të ndikojnë më shumë në fluksin uteroplacentar të gjakut (12, 13, 14). Benzodiazepinat mund të përdoren por e kalojnë barrierën placentare. Mendohet që kur përdoren në trimestrin e parë mund të shoqërohen me keqformime të lindura si labium lepurinum (4). Ketamina duhet të evitohet tek gratë hipertensive. Gjithashtu mendohet se rrit tonusin uterin prandaj nuk rekomandohet përdorimi i saj (15). Etomidati nuk jep depresion hemodinamik por mendohet se mund te bllokoje sintezën e kortizolit tek fetusi dhe nëna (3, 12).

Miorelaksantët

Për të evituar rrezikun e aspirimit dhe për të parandaluar pasojat e rënda të intubimit të vështirë apo të dështuar tek gratë shtatëzëna, preferohet intubimi me sekuencë të shpejtë dhe përdorimi i sukcinilkolinës. Gjatë shtatëzanisë ulet aktiviteti i pseudokolinesterazave dhe zgjatet efekti i sukcinilkolinës (16).

Monitorizimi perioperator i nënës dhe fetusit

Qëllimi i manaxhimit të një gruaje shtatëzenë gjatë kirurgjisë jo-obstetrikale është ruajtja e parametrave vitale mbrenda normës duke evituar ndikimet e faktorëve të ndryshëm si psh. ankthi, dhimbja, temperatura, humbjet e lëngjeve dhe gjakut, etj. Prandaj duhet monitorizim i kujdeshëm. Monitorizimi përfshin monitorizimin standart sipas ASA (monitorizimi joinvaziv i presionit, saturimi i oksigjenit, EKG, temperatura dhe EtCO2) për nënën dhe monitorizimin e rrahjeve fetale dhe të tonusit uterin per fetusin. Shtypja aorto-kavale bëhet shumë e rëndësishme kur kalon java e 24-tët e shtatzanisë (17). Efikasiteti i zhvendosjes se uterusit bëhet duke parë ndryshimet ne valen e pulsit në arterien femorale të majtë gjatë kthimit në dekubitus lateral të majtë. Monitorizimi i CO2 realizon evitimin e hiperventilimit që ul oksigjenimin e fetusit.

